International Journal of Recent Research in Arts and Sciences
ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERZITET SKOPJE

JOURNAL

# International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

## Volume 13

Skopje, Republic of North Macedonia

October, 2021

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

**Owner and General Manager MSc Biljana Apostolova**

**Marketing Manager MSc Bozjidar Mladenov**

**Editor in Chief PhD Marjan Madjovski, MIT University**

**EDITORIAL BOARD**

**Zvonimir Jankuloski**, PhD, MIT University Skopje, Macedonia

**Ales Krainer**, PhD, University of Ljubljana, Ljubljana

**Anka Trajkovska,** PhD, Faculty of Technology and Technical Sciences, University St. Climent Ohridski, Bitola, Macedonia

**Antonio Georgiev,** MD, MSc, PhD, PHO Cardiology – Prima, MIT University - Skopje, Republic of Macedonia

**Berta Gonzalvo**, PhD Mechanical Engineering Macedonia

**Blagoja Dastevski**, PhD, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Macedonia

**Bojan Krstic**, PhD, University of Nis, Serbia

**Branislav Mitrovic,** PhD, University of Belgrade, Belgrade

**Daniela Georgieva**, MD, MSc, PhD, University Clinic for Orthopedic Surgery; Clinical Center “Mother Teresa”- Skopje; “Ss. Cyril and Methodius University” Skopje, Macedonia

**Dariusz Majchrzak**, PhD, National Defense University, Warsaw, Poland

**Darko Dimovski**, PhD, University of Nis, Serbia

**Dario Brdaric**, PhD, Institute of Public Health for the Osijek-Baranya County, Osijek, Croatia

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

**Dijana Jovanoska**, PhD, PHI, Center of Public Health, Tetovo, Macedonia

**Ejup Chota**, PhD, University of Tirana, Plan Protection Department, Albania

**Elizabeta Popova Ramova**, PhD, MIT University, College of Wellness, Spa and Physiotherapy, Skopje, Macedonia

**Elmi Jusufi**, PhD, University Cyril and Methodius, Institute of Livestock, Skopje, Macedonia

**Sergej Mihajlov**, University Goce Delcev, Stip, Academy of music, Stip, Macedonia

**Gabriela Dragan**, PhD, Romanian American University, Bucharest, Romania

**Georgi Georgiev**, PhD, New Bulgarian University, Sofia, Bulgaria

**Goran Bandov**, PhD, Dag Hammarskjold University College of Interantional Reations and Diplomacy, Zagreb, Croatia

**Herba Safeyedin,** PhD, House of Egyptian Architecture, Cairo, Egypt

**Igor Maric,** PhD, Institute of Architecture and Urban&Spatial Planning of Serbia, Belgrade

**Ilija Nasov,** PhD, MIT University Skopje, Macedonia

**Ivo Shlaus,** PhD, Dag Hammarskjold University College of International Relations and Diplomacy, Zagreb, Croatia

**Jordan Merkuri,** PhD, University of Tirana, Plan Protection Department, Albania

**Karol Janas,** PhD, Alexander Dubcek University of Trencin, Slovakia

**Katerina Veljanovska - Blazhevska**, PhD, MIT University Skopje, Macedonia

**Kiril Filev**, PhD, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje

**Kresimir Rotim**, PhD, University of Zagreb, Faculty of Medicine, Zagreb, Groatia

**Laith Jaafar Hussein Hnoosh**, PhD, University of Kufa, Iraq

**Lidija Geto**, PhD, University Josip Juraj Strossmayer, Osijek, Croatia

**Lubna Anjum,** PhD, University of Agriculture, Faisalabad, Pakistan

**Maciej Marszalek**, PhD, National Defense University, Warsaw, Poland

**Magdalena Punceva**, PhD, MIT University, Faculty of Security Sciences, Skopje, Macedonia

**Maja Jakovcevski**, PhD, Univercity of Kraguevac, Faculty of Medicine, Kraguevac, Serbia

**Magdalena Cara**, PhD, University of Tirana, Plan Protection Department, Albania

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

**Mehdi Rahmati**, PhD, University of Maragheh, Maragheh, Iran

**Mentor Zekiri**, PhD, Ministry of Agriculture, Forestry and Water Economy, Phytosanitary Department, Skopje

**Mila Pucar**, PhD, Institute of Architecture and Urban&Spatial Planning of Serbia, Belgrade

**Milica Denkovska**, MA, MIT University Skopje, Macedonia

**Mira Zafirova**, PhD, University of Transport, Sofia, Bulgaria

**Mirjana Devetakovic**, PhD, University of Belgrade, Faculty of Architecture, Belgrade

**Mirjana Jovanovska Stojanovska**, MIT University, Faculty of Psychology, Skopje, Macedonia

**Nenad Mikulic**, PhD, Polytechnic of Zagreb, Zagreb, Croatia

**Niko Herakovic**, PhD, University of Ljubljana, Faculty of Mechanical Engineering, Ljubljana, Slovenia

**Patrizia Cinelli**, PhD in Chemistry at Pisa University, Italy

**Recep Guloglu**, PhD, Istanbul University, Istanbul, Turkey

**Rudolf Kuharcik**, PhD, Alexander Dubcek University of Trencin, Slovakia

**Ryszard Szpyra**, PhD, National Defense University, Warsaw, Poland

**Roza Djoleva-Tolevska**, MD, PhD, University Clinic for Orthopedic Surgery, University "St. Cyril and Methodius", Skopje, Macedonia

**Safak Sahir Karamehmetoglu**, PhD, Istanbul University, Istanbul, Turkey

**Sami Ibrahim Mohamed Novr Gabir**, PhD, University of Gezira, Sudan

**Sasa Milijic**, PhD, Institute of Architecture and Urban&Spatial Planning of Serbia, Belgrade

**Snezana Djordjevic**, University of Belgrade, Belgrade, Serbia

**Susana Paixão**, PhD, Polytechnic of Coimbra/Coimbra Health School, Portugal

**Svetlana Dushanich Gachic**, PhD, Banja Luka College, Bosnia and Herzegovina

**Stipica Popovski**, PhD, MIT University, Faculty of Dental Medicine, Skopje, Macedonia

**Tanja Stanishic**, PhD, University of Kragujevac, Serbia

**Teuta Gjuladin-Hellon**, PhD, Faculty for Food Industry, England

ISSN: 1857-8128

**Todor Trifonov**, PhD, Foundation of International and National Security, Sofia, Bulgaria

**Torello Loti,** PhD, Professor and Chair of Dermatology and Venereology, University of Rome "G. Marconi" Rome, Italy

**Vanja Kokol**, PhD, University of Maribor, Faculty of Mechanical Engineering, Maribor, Slovenia

**Vanja Shushnjar Chanovic**, PhD, Banja Luka College, Bosnia and Herzegovina

**Vesna Tunguz**, PhD, University of East Sarajevo, Bosnia and Herzegovina

**Vladan Djokic**, PhD, University of Belgrade, Faculty of Architecture, Belgrade

**Vukoman Jokanovic**, PhD, Vinca Institute of Nuclear Sciences, University of Belgrade, Serbia

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## CONTENTS

# Natural and Technical-technological Sciences

**REVIEW ON THE ARCHITECTURE OF PRIMARY SCHOOLS** **9**

**EXAMINATION OF THE CHARACTERISTICS OF ROSEMARY AS A SPICE AND MEDICINAL PLANT** **25**

**PRIMARY HYPERPARATHYROIDISMAND SEVERE HYPERCALCEMIA - a case report** **43**

# Social Sciences and Humanities

**STYLES OF DECISION MAKING AND MANAGEMENT AND DIMENSIONS OF PERSONALITY OF BANK MANAGERS** **53**

**LEADERSHIP AND CREATING AN EFFECTIVE EDUCATIONAL ENVIRONMENT IN MULTICULTURAL COMMUNITIES** **76**

**CONFLICT PREVENTION WITH A MODEL OF INTERACTIVE, CONFLICT PARTNERSHIP** **95**

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

**CRIMINAL LEGAL ANALYSIS OF THE CRIME „ROBBERY“, ARTICLE 237 OF THE CRIMINAL CODE OF RNM** 117

**PERCEPTIONS AND CONFLICTS** 132

**NON-VIOLENT COMMUNICATION AS THE BASIS FOR CONFLICT PREVENTION** 152

**THE UNITED NATIONS AND THE RIGHT TO TRUTH** 171

# NATURAL AND TECHNICAL-TECHNOLOGICAL SCIENCES

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

**International Journal of Recent Research in Arts and Sciences**

**ISSN: 1857-8128**

# REVIEW ON THE ARCHITECTURE OF PRIMARY SCHOOLS

Vangjel Dunovski

Professor; *Macedonia Square, City Gallery; R. Northern Macedonia*

vduni@mt.net.mk

## Abstract

School facilities are facilities intended for education at different levels, in which the process of education is performed, from the level of primary to the level of higher education. The emphasis in this paper is focused on the architecture of primary schools, where primary education is realized, as an elementary level of education. Depending on the number of pupils and students, an appropriate project program is formed with the required volume of internal contents of the educational facilities and complexes, depending on the level of education, ie primary facilities. secondary or higher education.

The paper elaborates the aspects of the development of the schools, principles in the organization of the schools, elaboration of the spaces for education, organization of the classroom, as an important part of the facilities; The architecture of school buildings is perceived, and special emphasis in the paper is directed to the architecture of primary schools, as one of the types of educational buildings.

The paper presents appropriate examples of primary school buildings, in order to perceive the diversity of the architecture of those buildings, as buildings that should have adequate functionality, appropriate conditions for performing educational activity, appropriate visual identity and architectural aesthetics - design of the exterior and interior of the school space. The part where the teaching takes place and the common contents, especially the hall, as well as the arrangement of the school yard are especially important.

**Keywords**: *School buildings, education, architecture, primary school, hall1.*

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

# ОСВРТ ВРЗ АРХИТЕКТУРАТА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

Ванѓел Дуновски

*Професор; Плоштад Македонија, City Gallery; Р.Северна Македонија*

vduni@mt.net.mk

**Апстракт**

Училишни објекти се објекти наменети за образование на различни нивои, во кои се обавува процесот на едукација, од ниво на основно до ниво на високо образование. Акцентот во овој труд е насочен кон архитектурата на основните училишта, каде се реализира основното обазование, како елементарно ниво на образование. Во зависност од бројот на ученици и студенти, се оформува соодветна проектна програма со потребен обем на внатрешни содржини на образовните објекти и комплекси, во зависност од нивото на образование, односно објекти за основно. средно или високо образование.

Во трудот се разработуваат аспектите на развојот на училиштата, принципи при организирањето на училишта, разработка на просторите за едукација, организирање на училница, како битен дел на објектите; се согледува архитектурата на училишните објекти, а посебен акцент во трудот се насочува на архитектурата на основните училишта, како еден од видовите на образовни објекти.

Во трудот се презентираат соодвени примери на објекти на основни училишта, со цел да се согледа различноста на архитектурата на тие објекти , како објекти кои треба да имаат соодветна функционалност, соодветни услови за обавување на едукативна дејност, соодветен визуелен идентитет и архитектонска естетика - дизајн на екстериерот и ентериерот на просторот на училиштата. Особено е битен делот каде се одвива наставата и задничките содржини, особено аулата, како и уредувањето на дворното место на училиштето.

**Клучни зборови**: *Училишни објекти, образование, архитектура, основно училиште, аула*

ISSN: 1857-8128

## 1. Вовед

Училиштата играат важна улога во описменување на учениците, проширувањето на нивните погледи, визија и можности за понатамошен живот. Секој ученик заслужува да учи во добро училиште, училиште во кое одличниот дизајн ќе овозможи подобрување на благосостојбата на наставниците и учениците, создавање на позитивна енергија и развивање на потенцијал кај учениците. Оттука, за да се осигураме дека ќе добиеме најмногу од следната генерација училишни згради, клучно е секоја држава да има сознанија за тоа како и колку добро функционираат училишните згради.

Податоците од овој тип би требало да бидат интегрирани во владина стратегија за подобрување на училишните згради и како преку нивниот соодветен дизајн би ја дале нивната најдобра вредност. Во меѓународни рамки, повеќето од државите имаат насоки и напатствија кои содржат трендовски дизајни за конструкција на нови и модерни училишта.

## 2. Потребата од соодветен дизајн на основните училишта

Архитектонските решенија треба да бидат во функција на зајакнување на субјективната позиција на учениците, опремување на основните училишта со современи специјализирани училници зависно од природата на училишните предмети, формирање на училишна медиумска библиотека доколку има услови, пошироко воведување на диференцирани форми на работа и зајакнување на врските на основните училишта со социјалното опкружување[1].

[1] School-Building-Guidance-12-April-2019.pdf (ox.ac.uk)

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 3. Училишен простор

Училишен простор е всушност просторот на кој се наоѓа училишната зграда, спортско игралиште, теренски училници, училишен двор и слободен простор со зелена површина, односно комплетна училишна зграда. Имено, поширокиот училишен простор треба да биде функционално дизајниран во хармонична целина составена од овие посебни делови.

Основните услови што влијаат на локацијата, обемот и големината на училишната зграда се утврдени со урбанистичкиот план на местото. Притоа, мора да се земат предвид педагошките, хигиенските, техничките и економските барања.

### 3.1 Училишно земјиште

- Избор на земјиште

Земјиштето наменето за основно училиште мора да биде избрано во согласност со следниве основни педагошки, хигиенски, технички и економски барања:

- дека е доволно пространо да се изгради соодветна училишна зграда со потребните објекти во слободниот простор и други можности за можни надградби;

- да се биде во тивка област и ако е можно во близина на паркови и зеленило, и подалеку од фабрики, пазари, болници, прометни патишта или далеку од чад, гасови и бучава;

- да биде изложени на сонце, да е порозно и исцедено, без влага и подземни води, како и да биде заштитени од силни и студени ветрови;

- да има добра носивост и по можност да има форма на четириаголник. Како исклучок, ако нема друг избор, може да се разгледа земјиште со помал наклон со мала падина, под услов падината да е ориентирана кон југ.)

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

- Избор на соодветна локација

Изборот на соодветна локација подразбира да се истражат и испитаат повеќе аспекти и критериуми како што се на пример: образовната потреба во конкретната област со потенцијалната побарувачка за упис на деца, достапност до соодветно земјиште, опкружување и односи со населените области, големина на училиштето во споредба со дозволената стапка на користење, достапност на комуналните услуги (вода, струја , канализација, телефон), топографски карактеристики и соодветност за поставување на училиште, геодетски карактеристики и веројатните импликации на основните трошоци, прописите за урбано планирање, како и вклучување на локалната заедница и нејзиниот интерес за градба на училиште.

Локацијата треба да биде и правилно димензионирана за да се овозможи добра ориентација на просториите, лесен пристап до влезовите и да има доволен отворен простор и спортски терени за одмор и рекреација на учениците.

- Големина на земјиштето

Потребната големина на земјиштето за основно училиште се одредува во зависност од капацитетот на училиштето, односно бројот на ученици во училиштето.

Имајќи ја предвид потребата од обезбедување на услови за похумано живеење, рамномерен и одржлив просторен развој на населените места и градбите, рационално користење на просторот и унапредување на животната средина, Министерството за транспорт со правилник[2] ги утврдува урбанистичките начела и ги пропишува нормите и стандардите за урбанистичко планирање кои се применуваат при изработка на урбанистички планови и проектна документација за училишни згради. Имено, за градежна парцела чија основна намена е изградба на училиште се утврдуваат следниве минимални нормативи за пресметување на најмалата површина на градежна парцела: „ - В1

[2] Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, член 23 став 3

образование и наука - најмалку 20 м2 по ученик, за основно училиште 25 м2 по ученик, за средно училиште и 30 м2 по ученик за високообразовна институција“. Таа површина го опфаќа земјиштето под зграда, економскиот двор (20 м2 по училница и исто толку за администрација, училишниот двор (6-10 м2 по ученик).

Во однос пак на стандардите за проектирање на училишниот објект , Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање[3] предвидува дека при проектирање на училиште, се применуваат следните стандарди и нормативи: - „ Минималната површина на објектот изнесува 7-10 м2/ученик; - минимална површина на амфитеатар изнесува 0,80м2/место; за гардероба -1м' пулт за 35 места; широчина на врати: до 100 места 2,00м., при што за секои 100 места се зголемува за 1,00 м. Во еден ред во просторот за седење се предвидуваат максимум 20 места. Кубатура на воздух - минимум 4 м3/место; - широчината на ходникот се пресметува според бројот на училниците и учениците и тоа: до 500 ученици коефициентот е 0,7 , од 501 до 1000 ученици коефициентот е 0,5 , а над 1001 ученик коефициентот е 0,3. Минималната широчина на ходникот се добива со множење на бројот на учениците со соодветните коефициенти и се добива вредност во метри, односно на секои 100 ученици се множи со коефициентот. Минимална широчина на ходникот изнесува 1,80м; - санитарии - за една училница минимум две санитарии: еден женски и еден машки“.

### 3.2 Училишна зграда

Основен материјален услов за работа на основното училиште и реализација на поставените задачи и одредени функции е училишната зграда. Во понатамошниот текст, овој труд ги опфаќа во најголем дел просториите за настава.

- Простории во училиштето

[3] Правилник за стандарди и нормативи за проектирање, Сл. Весник бр.225/2020, член 9

Според намената просториите можат да се поделат во следниве групи: простории за настава, простории за вработените (наставничка канцеларија, просторија за управа, за стручна служба, за помошен перонал), здравствено санитарни простории (училишен лекар/стоматолог), заеднички простории (просторија за повеќе намени, трпезарија, библиотека со читална, просторија за средби со родители и сл), економско –технички простории ( кујна, простории за греење, магацин), простории за комуникации ( влезови, холови, коридори-ходници, портирница). Во секое основно училиште потребни се и помошни простории како што се  гардероби, тоалети и други помошни простории.

- Простории за настава

Просториите за настава опфаќаат училници кои се за општа намена и специјализирани како што се простории по физика, по хемија, по цртање, сала за музика, спортска сала, простории за целодневен простор). Најважни елементи при проектирање на едно училиште се училниците. Најповолна ориентација за училиште е југоисточна до југозападна. Доколку училниците се наоѓаат на јужна страна треба да бидат заштитени од директни сончеви зраци, однсоно со завеси или со брисолеи. Бројот на учениците во различни земји варира од 28 до 48 ученици.

Во училниците се предвидуваат клупи најчесто во една клупа се по два ученика. Должината на клупата е  од 105 до 120 см, а пак ширината од 45 до 60 см.

Училниците кои се со општа намена се користат за настава на помалите ученици од 1-до 4 одделение, а пак специјализираните за учениците  од повисоките одделенија 5-8/9то кои следат предметна настава. Вообичаена големина на училницата е 54 м2.

Потребно е учениците од пониските одделенија да бидат функционално одделени оод повисоките одделенија. Доколку училишната зграда е на два спрата, по правило учениците од пониските класови се на приземјето, односно  во посебен блок од зградата.

- Специјализирани училници

Специјализираните училници се всушност училниците по физика, по хемија, училница/просторија за цртање, за музика и сл. Во помалите училишта предавалната може да се користи за предавање и за одржување на вежби. Доколку е обична училница тогаш катедрата треба да е поголема за да се изведуваат експерименти. Функционалниот мебел во специјализираните училници придонесува и за ефикасноста на работата и поволната работна атмосфера: за учениците, според возраста и функцијата на предметот, за потребите на наставниците и за поставување на наставни средства.

Наставните средства треба да бидат поставени така што тие да бидат на дофат на ученикот и наставникот и да се обезбеди комуникативна работна атмосфера за фронтална, групна и индивидуална работа без посебни тешкотии - што го обезбедува современиот подвижен мебел во училница (маси и столови).

Спортската сала исто така претставува специјализирана просторија каде се изведува наставата по физичко образование. Просториите за фискултура најдобро е да бидат одвоени од останатите простории на училиштето, односно во посебен анекс или пак во посебен објект.

Просториите за фискултура се состојат од: спортска сала, гардероби (машка и женска) со санитарен јазол, просторија за спортски справи, помагала и реквизити и работна просторија за наставникот – спортски кабинет. Спортската сала треба да е со димензии за реализација на спортови (фудбал, кошарка, ракомет и одбојка).

Во спортската сала прозорците се поставуваат на висина од 3,50 м за да може парапетот да се користи за поставување на справи, а подот треба да биде еластичен, топол и звучно изолиран.

- Училишен мебел

Училишниот мебел независно дали станува збор за специјализирани или обични училници треба да е едноставен, да не го обременува просторот и да не претставува пречка за движење во случаи на итно напуштање на училиштето.

Исто така мебелот треба да е лесен и да може лесно да се разместува. Воедно неговите димензии и дизајнот треба да овозможат работа во групи и /или индувидуално. Секако, една од поважните негови карактеристики е да биде избработен од материјал кој ќе овозможи брзо, лесно и квалитетно хигиенско одржување[44].

Затоплување Просториите во кои престојуваат учениците потребно е да бидат затоплувани на соодветна температура, и тоа: 20с. целзиусови – училниците, 18 степени ходниците и тоалетите, а пак скалите 15 степен. Затоплувањето е најчесто централно, со топла вода. Грејните тела (радијатори) се поставуваат под прозорците, во висина на парапетот, со цел циркулацијата на воздухот да биде правилна.

Осветлување Училницата во училиштето треба да е добро осветлена со природна и вештачка светлина. При осветлување на просториите за престој со дневна светлина треба средната пресметковна вредност за осветлување во просториите за учениците да изнесува најмалку 150 лукса.

Вештачкото осветлувањето треба да е рамномерно, со меки сенки. применетата арматура треба да ја спречи директната видливост на светлосниот извор. Светлечките тела се изработуваат од материјал без сјај, што не се крши и распрскува. Бојата пак на вештачкото осветлување треба да е приближна на дневната светлина.

[4] Нормативи и стандарди за простор, опрема и наставни средства за основно училиште во Република Северна Македонија-2020, Министерство за образование и наука, Достапно на : https://mon.gov.mk/stored/document/Normativi%20i%20standardi%20za%20osnovno%20uciliste.pdf

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 4. Примери на основни училишта

### 4.1. Европско основно училиште во Франкфурт



Архитекти : NBAK[5]

Планирање на структурата: Bollinger + Grohmann GmbH

Машински инженер: Hochbauamt Frankfurt

Управување со проектот: Hochbauamt Frankfurt

Предел: Дипл.-Инг. Michael Gatttinger

Општ изведувач: Kaufmann Bausysteme GmbH

Структура : Merz Kley Partner ZT GmbH

Основа: Jean Bratengeier Bau GmbH

---

[5] https://www.archdaily.com/622381/european-school-in-frankfurt-nkbak

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Локација: Франкфурт

Површина: 3380 m2

Година: 2015

Доградувањето на основното училиште во Франкфурт беше извршено за помалку од два месеци, благодарение на монтажната конструкција. Архитектонското биро НБАК доби задача да го дизајнира проширувањето на постојното основно училиште на две нивоа, во кое треба да се сместат 10 нови училници, кујна и теретана.



Заради тесните рокови, но и желбата на инвеститорот учениците да бидат опкружени со природни материјали, избрана е монтажна дрвена конструкција. Целата зграда е изработена од монтажни дрвени модули кои се движат до 9 метри. Модулите се произведени од Кауфман Баусистем, кои беа донесени на местото со камион и инсталирани со дигалки на местото за инсталација. Модулите се самостојни така што се прави само прицврстување. За да се направи просторот што е можно поосветлен, дрвено алуминиумски прозорци се протегаат од подот до таванот, што овозможува пробивање на голема количина светлина.



MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Фасадата е направена од брановидно алиминимски панели што рефлектираат светлина[6].

### 4.2. Основно училиште Saunalahti во Финска



Архитекти: Versas Architects

Општ изведувач:

Локација: Еспо

Површина: 10.000 м2

Година:2018

Финска е позната по својот иновативен образовен систем кој е меѓу најдобрите во светот. За неа исклучително е важна функцијата и дизајнот на самите образовни установи.

[6] https://www.gradnja.rs/

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Училиштето Сауналахти, сместено во градот Еспо, и е дизајнирано од архитектонската фирма „Верстас архитектс“ на таков начин што сите елементи се дизајнирани така што учениците можат подобро да се поврзат со природата. Во целото училиштето доминира топла атмосфера што поттикнува на поврзување со природата. Големите стаклени површини им овозможуваат на учениците да не се чувствуваат изолирани во училишните ѕидови, туку да се поврзат со надворешниот простор.



Во ова училиште наставниците и учениците заедно ја користат училишната кафетерија, која служи и како театар. Во училиштето се присутни неконвенционални простори за учење, типични за финските образовни институции.

Ходниците пак на училиштето се во различни бои за децата да можат полесно да се ориентираат. Внатрешноста користи природни материјали за заштита на животната средина.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128



**4.3 Објект на основно училиште во Кастелон. Шпанија**. Дизајн Енрике Фернандес Виванкос. Училиште со внатрешен двор за заеднички дружења. Централна комуникација која ги поврзува деловите. Ниска приземна хумана структура блиска до децата. Модерен изглед на фасада со пластично обликување. Динамична просторна поставеност. Игра на светло и сенка.









## 5. Заклучок

Во трудот се разработуваат аспектите на училишта, се согледува развој на училиштата, организирање на образовни објекти, а посебен акцент во трудот се насочува на архитектурата на основните училишта, како најраспространети објекти, во кои се

образуваат млади луѓе и каде добиваат нови сознанија, односно простори во кои се образуваат идните генерации,

Од презентираните примери на основни училипта од неколку земји, се согледува различноста на архитектурата на училиштата како објекти кои треба да имаат соодветно мерило. функционалност, соодветни услови за образование на учениците, пријатни работни услови за вработените, соодветен визуелен идентитет и архитектонска естетика, препознатлив дизајн на екстериерот и ентериерот на внатрешните просгори на училиштата, кои треба да зрачат со оптимизам, толку потребен на младите особи.

Особено е битен делот каде се образуваат учениците, особено аулите и флексибилните училници, со пријатен амбиент, во кој младите ќе ги искажат своите квалитети и идеи за подобар свет и иднина.

## 6. Користена литература

[1] Веб страна на Министерство за образование и наука
[2] Веб страна на Биро за развој на образование
[3] Веб страна за градежништво и архитектура, https://www.gradnja.rs/tag/projekat-skole/
[4] Веб страна за архитектура, https://www.archdaily.com/
[5] Нормативи и стандарди за простор, опрема и наставни средства за основно училиште во Република Северна Македонија
[6] Правилник за нормативи и стандарди за урбанистичко планирање, Р.С.Македонија
[7] Правилник за нормативи и стандарди за проектирање, Р.С.Македонија
[8] Правилник за нормативи за школски простор, опрема и наставни средства за основно училиште, Р.Србија
[9] School building guidelines, Department of education, University of Oxford, http://www.education.ox.ac.uk/wp-content/uploads/2018/09/School-Building-Guidance-12-April-2019.pdf

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# EXAMINATION OF THE CHARACTERISTICS OF ROSEMARY AS A SPICE AND MEDICINAL PLANT

Blagica Cekova [a], Biljana Apostolova[b], Filip Jovanovski [c],Stefan Ilievski [d]

MIT University, Faculty of Ecological Resources Management, Skopje, R. North Macedonia[a]
MIT University, Faculty of Ecological Resources Management, Skopje, R. North Macedonia[b]
Faculty of Technology and Metallurgy, University St. Cyril and Methodius, Skopje R. North Macedonia[c]
MIT University, Faculty of Ecological Resources Management, Skopje, R. North Macedonia[d]

email:cekovab@yahoo.com[a]
email:f.jovanovski95@yahoo.com[c]

## Abstract

Spices and herbs have been used for centuries for both culinary and medicinal purposes. Spices not only improve the taste, aroma and color of food and beverages, but can also protect against acute and chronic diseases. There is now a lot of evidence that spices and herbs have antioxidant, anti-inflammatory, anti-cancer properties. Research over the past decade has reported on the diverse range of health properties they possess through their bioactive ingredients. Spices and herbs such as rosemary have excellent sources of antioxidants with their high content of phenolic compounds. The safety of spice reflection technology for culinary and medical purposes is of growing interest to manufacturers and regulators.

**Keywords:** spices, rosemary, growing technology, culinary and medicinal purposes

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# ИСПИТУВАЊЕ НА КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА РУЗМАРИН КАКО ЗАЧИНСКО И ЛЕКОВИТО РАСТЕНИЕ

**Благица Цекова [a], Билјана Апостолова [b], Филип Јовановски [c],Стефан Илиевски[d]**

МИТ Универзитет, Факултет за менаџмент на еколошки ресурси, Р.С. Македонија[a]
МИТ Универзитет, Факултет за менаџмент на еколошки ресурси, Р.С. Македонија[b]
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Технолошко– Металуршки Факултет, Скопје, Р.С Македонија[c]
МИТ Универзитет, Факултет за менаџмент на еколошки ресурси, Р.С Македонија[d]
email:cekovab@yahoo.com[a]
email:f.jovanovski95@yahoo.com[c]

## Апстракт

Зачините и билките се користат со векови и за кулинарски и за медицински цели. Зачините не само што го подобруваат вкусот, аромата и бојата на храната и пијалаците, туку можат да заштитат и од акутни и хронични болести. Сега има многу докази дека зачините и билките поседуваат антиоксидантни, антиинфламаторни, антиканцерогени својства. Истражувањата во текот на изминатата деценија известуваат за разновидниот опсег на здравствени својства што ги поседуваат преку нивните биоактивни состојки. Зачини и билки како што е рузмарин поседува одлични извори на антиоксиданси со нивната висока содржина на фенолни соединенија. Безбедноста на технологијата на огледување на зачините за кулинарски и медицински цели, претставува се поголем интерес за производителите и регулаторните тела.

**Клучни зборови:** зачини, рузмарин, технологија на одгледување, кулинарски и медицински цели

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 1. Вовед

Рузмарин (*Rosmarinus officinalis L.*) е растение кое потекнува од Медитеранот. Припаѓа на семејството Lamiaceae.Рузмаринот е густа, зимзелена повеќегодишна ароматична грмушка што може да порасне од 90 до 200 см во висина. Листовите се наизменични, неподвижни, цврсти, кожни, многу тесни и долги 2-3 см. Горната страна на листот е темно зелена, додека опачината е сиво-бела, а рабовите на листовите се виткаат надолу. Стеблото е дрвенесто и има испукана кора. Помеѓу лисјата, на краевите на гранките се развиваат  мали пурпурно-сини цветови.Растението цвета од март до мај, но понекогаш цвета по втор пат во септември. Лисјата, гранчињата и цветовите се од економска важност бидејќи содржат есенцијално масло чиј процент и квалитет зависат од климатските услови и обласка на одгледување (Sasikumar, 2012; Hernández et al., 2016).Вообичаено е собраните делови од растението да се преработуваат без претходно сушење, но суви лисја и гранчиња може да се користат за екстракција на маслото. Екстрактите од рузмарин и есенцијалното масло може да се користат во прехранбената индустрија за стабилизирање на маснотиите, маслата и нивните производи и во ферментирани месни производи затоа што ја забавуваат оксидацијата и појавата на заматеност (Sasikumar, 2012). Благодарение на неговата препознатлива арома и вкус, тој исто така игра важна улога во готвењето (Sasikumar, 2012). Освен во прехранбената индустрија, рузмаринот има широка примена и во медицината. Поради својата содржина на флавоноид, помага против надуеност и грчеви, а има и антиинфламаторно, антидепресивно, антимикробно и антиканцерогено дејство (del Pilar Sanchez-Camargo and Herrero, 2016). Рузмаринот е состојка на разни козметички препарати како што се шампони за коса, сапуни, лосиони и парфеми, и е неопходна состојка во ароматерапијата. Може да се користи и како растителен пестицид или како репелент за инсекти.

Рузмарин, мемориската билка на семејството на нане, човекот ја користел уште од античко време. Записите за употребата на рузмарин се појавуваат со клинесто писмо на

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

сумерските камени плочи од петтиот милениум пр.н.е. Кинезите и Грците користеле рузмарин како здравствен препарат; Грците, кои носеле венци од рузмарин во косата, исто така верувале дека рузмаринот го зајакнува мозокот и ја подобрува меморијата. Во Египет, билката била погребувана со фараоните. Се смета дека Унгарската вода, инфуз на рузмарин во вино, била подготвена за унгарската кралица Изабела во 1235 година за да ги обнови нејзините парализирани екстремитети. Зборот рузмарин потекнува од латинскиот збор „розмаринус“ што значи „морска роса“. Античките Грци го нарекувале и „антос“, што значи цвет на извонредност или „либанотис“ заради мирисот на темјан (Giugnolinini, 1985). Постојат многу митови и многу фолклори поврзани со рузмарин. Се верува дека поставувањето на гранчиња рузмарин под перницата ќе ги одвратат злите духови и кошмарите од спиењето и дека аромата на рузмарин ќе ја задржи староста. За време на средниот век се верувало дека запалените лисја и гранчиња рузмарин ќе ги исплашат злите духови и ќе ја дезинфицираат околината.

| **Царство** | **Plantae** |
|---|---|
| **Тип** | *Magnoliphyta* |
| **Класа** | *Magnolipsida* |
| **Ред** | *Lamiales* |
| **Фамилија** | *Lamiaceae* |
| **Род** | *Salvia* |
| **Вид** | *S. rosmarinus* |

Табела 1. Систематика на растението рузмарин

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Исто така, рузмаринот бил познат како симбол на верност и исто така се користел како симбол на љубов и лојалност. Како таков, во средниот век, рузмаринот бил поврзан со свадбени церемонии. Во Унгарија, украсите направени од рузмарин некогаш биле користени како симбол на љубов, блискост и верност на еден пар.

### *Потекло и дистрибуција на рузмаринот*

Рузмарин (*Rosmarinus officinalis L.),* семејство Lamiaceae, потекнува од Медитеранот - од Шпанија до Балканот и до Северна Африка (Giugnolinini, 1985). Во моментов, широко се одгледува во Шпанија, Мароко, Тунис, Франција, Алжир, Португалија и Кина и, во ограничена мера, во Индија. На Балканот, рузмаринот е застапен покрај брегот, на сончевите и каменитите делови на хрватскиот и црногорскиот крајбрежен простор и на околните острови. Рузмаринот често се наоѓа како самоникнато растение во близина на морскиот брег во медитеранскиот регион и тоа како диво растение, па оттука и неговото латинско име - *Rosmarinus* кој буквално се преведува како - росата од морето.

### *Морфолошки карактеристики*

Рузмаринот е густа, разгранета, трајно зелена грмушка со височина 1-2 m. Има ситни, издолжени ланцетовидно-игличести листови, груби и кожести светло сини цветови, поставени во пазувите на листовите.Целото растение има ароматичен и силен мирис. Изгледот на растението е претставено на слика 1.



Слика 1. Изглед на растението рузмарин.

Рузмаринот претставува исправена грмушка која може да достигне и 2 м во висина. Неговите зимзелени листови по боја се темно зелени озгора, а бели и влакнести оздола. Листовите се 2 до 3,5 cm долги, свиткани навнатре долж рабовите. Виолетово-белите или белузлави цветови се раѓаат во мали пазувни гроздови (изникнуваат во аголот помеѓу листот и стеблото). Цветната чашка (збирен поим за сите зелени листенца од цветот, *sepalum*) и цветното венче (збирен поим за сите обоени листенца од цветот, *petalum*) се двоусни, при што горната усна достигнува должина од околу 1,25 cm и ги опфаќа двата прашника, машките полови органи на цветот. Растението рузмарин е самодоволно (т.е. може да се оплоди себеси), но, како што обично бива во целото семејство, прашниковите кеси (машки структури во цветот каде што се создава поленот) запираат со производство на полен пред жигот на толчникот (женскиот дел) да созрее во истиот цвет. Па затоа, растението се потпира на опрашувачите да го пренесат поленот од еден цвет на друг. Често пати, поленот од еден цвет се пренесува на созреан жиг во друг цвет од истото растение, со што доаѓа до самооплодување. Самооплодувањето на растението рузмарин обично дава помалобројно и полесно семе одошто при вкрстено оплодување (т.е. кога

цветот од едно растение ќе се оплоди со полен на цветот од друго растение), што е пример за унижување како последица на блискосродно размножување (инбридинг депресија). Како и голем број други видови во *Lamiaceae*, рузмаринот е гинодиециско растение т.е. некои единки во популацијата содржат само хермафродитни цветови, коишто функционално се и машки и женски, додека пак другите единки имаат само функционално женски цветови, при што машките органи се редуцирани и стерилни.

Денеска на пазарот се среќаваат голем број вариетети. Најпознати се *Benenden Blue, Flora Rosa, Tuscan Blue, Majorca Pink, Arp, Albiflorus, Hundington Carpet, McConnels Blue, Irene, Holly Hyde* и *Hill Hurdy*. Деловите од растението што се користат за производство се листовите заедно со цветовите. Етеричните масла што се добиваат од цветовите се смета дека имаат подобар квалитет од маслата што се дестилираат од листовите поради помалата содржина на камфор, па сепак, речиси сите количества достапни на пазарот потекнуваат од листовите што се жнеат непосредно пред цветење.

## 2. Технологија на одгледување на рузмарин

### *Подготовка на почвата*

Рузмаринот не се развива добро во почва богата со глина. Пред да се подигне насадот, потребно е да се проверат својствата на почвата и, доколку е потребно, да се збогати со органска материја така што ќе се додаде шталско ѓубре или некој друг погоден материјал. Главната цел на подготвување на почвата кај културите што се пресадуваат е контрола на плевелите. Површинскиот слој од почвата не мора нужно да биде иситнет. Доколку полето е силно зафатено со штетни повеќегодишни плевели, се препорачува длабоко орање во лето пред да се подигне насадот. На овој начин, подземните органи за размножување на плевелите (ризомите, луковиците) се исфрлаат на површина и се сушат на летната жега.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

### *Подигнување на насадот*

Рузмаринот е растение коешто може да толерира широк распон на температури, поради што е распространет на широко подрачје во Јужна Европа. Растението покажува добар развиток при дневни температури од околу 20-25°C. Рузмаринот е растение кое бара сонце. Од тие причини, редовите треба да се поставаат во насока од исток кон запад. Доколку полето не е рамно, редовите треба да се насочат југозападно. Растојанието меѓу редовите се движи од 100-120 x 40-50 cm. Рузмаринот може да вирее во неколку типови почва со pH вредност од 5,5 до 8, но содржината на глина не смее да надмине 30%.

### *Фертилизација*

За задоволителен принос, потребно е да се одржат соодветни нивоа на азот, фосфор и калиум, но исто така и сулфур. Рузмаринот добро реагира доколку во почвата се додаде дополнителен азот, особено во периодот веднаш после жетвата. Ова количество азот го поттикнува процесот на одново вегетирање. Но, прекумерни нивоа на азот може негативно да влијаат врз квалитетот на етеричните масла.

### *Наводнување*

Рузмаринот има голема потреба од наводнување, особено од времето на засадување до целосниот развиток на растението. Созреаните насади може да бидат толерантни на суша, но сепак, во критичните фази наводнувањето е неопходно. Количината на наводнување зависи од низа фактори, како што се врнежи, структура на почвата, променливост на полето. Во подрачја со малку врнежи, наводнувањето е апсолутно неопходно за целосно зафаќање на пресадените растенија. Но, во подрачја кои добиваат барем 500 мм врнежи годишно, и кога растенијата целосно ќе созреат, наводнувањето е неопходно само во критични сушни периоди. Конечно, во влажни подрачја, оцедливоста на почвата е важна особина за одржување на здравјето на растенијата.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

### *Контрола на плевелите*

Контролата на плевелите кај рузмаринот е многу значајна за добивање на производи со добар квалитет и квантитет, особено на етерични масла. Плевењето може да се врши рачно или механички.Општо земено, 2-3 плевења годишно се доволни за популацијата и развитокот на плевелите да се одржи на прифатливо ниво. Кога се користат механички методи, треба да бидеме особено внимателни да не ги уништиме корењата на рузмаринот. Кога растенијата рузмарин ќе се развијат доволно, тие на плевелите им ја попречуваат изложеноста на сонце, со што нивната популација дополнително се потиснува..

### *Штетници*

Рузмаринот е подложен на пајачиња, лисни вошки и брашнени вошки. Штетниците го цицаат сокот на растението, додека пак вошките лачат медна роса, во која се развиваат габи, кои влијаат врз фотосинтезата и го влошуваат квалитетот. Пајачињата создаваат пајажина, и при поголема наезда растението може да се исуши. Пепелниците исто така го цицаат растителниот сок, а и лачат медна роса. Потребно е да се воспостават добри процедури за следење, и штом ќе се забележи зголемување на популациите, да се применат соодветни пестициди. Во органското земјоделство, против пајачињата може да се применат средства на база на сулфур, а за остатокот од штетниците може да се користи инсектициден сапун. Пепелницата и гнилеж на коренот може да се појават во насади кои обилно се наводнуваат, особено кога почвата не е добро оцедлива, па се задржува вишок влага.

### *Жетва*

Рузмаринот се жнее еднаш до два пати годишно, зависно од условите кои преовладуваат во животната средина и од намената (како материјал за производство на зачини или за производство на етерично масло). Жетвата може да се изведе рачно, или со специјализирана опрема. Рузмаринот може да се ожнее и да се користи свеж. Во ваков

случај, потребно е насадот да се ожнее во фазата на ревегетација. Се жнее само кревката, нова вегетација, со ситни и зелени изданоци, коишто се погодни да се додадат во храната како состојки. Приносот од свеж производ може да достигне 7500-10000 kg/ha. Кога производната намера е да се добие сушен материјал за зачинување, рузмаринот се жнее веднаш пред да цвета, зашто сушениот материјал треба да се состои само од листовите. Приносот во сува материја изнесува околу 2500-3500 kg/ha.

Кога рузмаринот се жнее за дестилација и екстракција(производство на масло), растението треба да биде во фаза на цветење. Фармерите претпочитаа рузмаринот да го жнеат со механизација, зашто има продолжен период на цветење. Почести жетви доведуваат до зголемување на приносот, бидејќи растението постојано се ревегетира. Приносот во етерични масла се движи околу 20-80 kg/ha.

### *Технологијата по бербата и понатамошна обработка*

После сушење, ожнеаниот рузмарин се преработува со цел листовите да се откинат од стебленцата. Потоа, производот се пропушта низ решето, за да се отстранат примесите. На крајот, останувaат само листовите. Сушењето може да се врши природно, или механички, во постројки за сушење. При механичкото сушење, температура не треба да надминува 40°C, со цел да се избегне загуба на етеричното масло преку испарување, а и за да се овозможи листовите да си ја задржат карактеристичната зелена боја. Етеричното масло од цветот на рузмарин има продорен мирис на нане, и е безбојно до бело жолто. Практиката да се добие маслото само од врвовите на цветоносните стебленца е понапорна во смисла на потребната работа, но квалитетот е далеку подобар, па и етеричните масла се поскапи. Кога етеричното масло се произведува од сите ожнеани растителни делови, се зголемува нивото на камфор, па маслото се смета дека има послаб квалитет. Рузмаринот може да се продава на пазарот како свеж. Во таков случај, треба да се пакува во соодветна амбалажа. Сувиот рузмарин како зачин може да се пакува во стаклена или пластична

ISSN: 1857-8128

амбалажа. Амбалажата треба да биде темна, а пак температурата на складирање не смее да надмине 18°C. Маслото од рузмарин е безбојно до бледо жолт. Маслото од рузмарин обично се обновува со дестилација со пареа или вода, иако сега се користи и екстракција на суперкритична течност (SFE) со употреба на $CO_2$ како растворувач (Coelho et al., 1997, Bicchi et al., 2000) Во тек се детални студии насочени кон стандардизирање на различните параметри за суперкритичко извлекување на $CO_2$ на маслото - како што се притисок, температура, големина на честички, стапка на $CO_2$ итн. Исто така, пријавен е нов процес на извлекување, методот Брз контролен пад на притисокот (Rezzoug et al., 2005). Овој процес вклучува изложување на лисјата на рузмарин за краток временски период на притисок на пареа варирајќи од 0,5-3 бари проследено со моментална декомпресија во вакуум (околу 15 mbar). Поголемиот дел од маслото (90%) излегува во првите 60 минути од конвенционалната дестилација, иако дестилацијата може да се продолжи 120 минути за целосно враќање на маслото од рузмарин во услови на поле за дестилација (Prakasa Reo et al., 1999).

Откриено е дека маслото добиено од лисја и цветни врвови е поквалитетно од маслото добиено од дестилација на целото растение. Исто така, било објавено дека, во однос на приносот и квалитетот на профилот на маслото од рузмарин, дестилацијата со пареа е подобра од дестилацијата со вода (Boutekedjiret et al., 1997). Бланширање (микробранова печкаво тек на 1 мин) се забележува како позитивно влијание врз задржувањето на антиоксидантните принципи, зелената боја и текстурата на рузмаринот; сепак, бланширањето доведува до тотално губење на испарливи масла (Singh et al., 1996). Маслата и екстрактите добиени од рузмарин со дестилација со пареа, дестилација на вода и контролирана моментална декомпресија биле анализирани со цел да се утврди нивниот хемиски состав (Boutekedjiret et al., 2004). Забележано е дека дестилацијата со пареа се чини дека е најсоодветен процес за изолација на маслото од рузмарин бидејќи дава најголем принос и состав на маслото сличен на вредностите наведени во литературата и во комерцијалните стандарди. Исто така, потврден е составот и антиоксидантните својства,

како и антимикробните активности на маслото извлечено со употреба на суперкритичен $CO_2$ (Genena et al., 2008).

Содржината на маслото во свежите листови од рузмарин е 1%, а во сувите лисја се зголемува на 3% (Farooqi and Sreeramulu, 2001). Во теорија, приносот од 1 ха е приближно 10-12 тони билки годишно, давајќи 25-100 кг масло (Farooqi and Sreeramulu, 2001). Меѓутоа, во услови на дестилација на теренот, приносот на маслото варира од 0,5-0,9% (Prakasa Reo et al., 1999), така што годишните приноси може да бидат помали.Етеричните масла треба да се пакуваат во шишенца од темно стакло со херметички затворени капачиња, со цел содржината да се заштити од светлина, влажност и испарување. Шишенцата треба да се чуваат на студено и суво место. Треба да се обрне особено внимание маслото да не дојде во контакт со кожата, бидејќи е многу иритирачко (врз кожата и очите). Се забранува и контакт со лицата кои имаат епилепсија, висок крвен притисок и за време на бременост. Посебно внимание треба да се обрне маслото да се чува подалеку од деца.

## 3. Примена на рузмаринот

### *Примена во кулинарството*

Лисјата од рузмарин и цветовите имаат многу кулинарски употреби: јагнешко печење, препарати од овчо месо, маринади, букет гарни, печена риба, ориз, супи, салати, повремено со препарати од јајца, кнедли, јаболка, вино, во оцет и масло (Bonar, 1994). Свежите и исушени лисја од рузмарин често се користат во традиционалната медитеранска кујна бидејќи имаат горчлив адстрингентен вкус и се ароматични. Сувите и правливите лисја се додаваат во варено месо, риба, супа од живина, чорби, сосови, преливи, конзерви и џемови. Мешани со жалфија, лисјата се користат и во свински препарати. Кога ќе изгорат, лисјата испуштаат изразен мирис на синап, кој е најпосакуван во скарата. Рузмаринот е најефикасна билка со широк спектар на употреба во

преработката на храна. Во Европа и САД, рузмаринот е комерцијално достапен за употреба како антиоксидант, иако не е наведен технички како природен конзерванс или антиоксиданс, особено во Европа (Yanishlieva-Maslarova and Heinonen, 2001).

Маслото од рузмарин исто така има примена во зачувување на месото. Додавањето на олеорезин од рузмарин во мелено пилешко имаше целосен позитивен ефект врз изгледот на сурово месо за време на складирањето и врз вкусот на вареното месо. Исто така, пријавени се антиоксидативните својства на олеорезин од рузмарин и неговата инхибиција на невкусните вкусови во претходно сварените парчиња печено говедско месо (Murphy et al., 1999).

***Примена на рузмаринот во козметиката и ароматерапијата***

Маслото од рузмарин се користи во ароматерапијата за стимулирање на централниот нервен систем и циркулацијата на крвта, за ублажување на болката во мускулите.Исто така, има корисни ефекти во промовирањето на растот на косата. Утврдено е дека масирањето на коктел од есенцијални масла од рузмарин, мајчина душица, кедрово дрво и лаванда во преносни масла од јојоба и семе од грозје во скалпот на пациентите со алопеција ареата е безбеден и ефикасен третман. Маслото од рузмарин ги стимулира фоликулите на косата и циркулацијата во скалпот и, исто така, може да биде корисно при предвремена алопеција. Рузмарин се користи во лекување на акни (Bauman, 2007).Освен што се користи во ароматерапијата, рузмаринот има и неколку козметички апликации. Кога се користи во шампон, маслото од рузмарин може да помогне во контролирање на првут и мрсна коса; исто така е познато дека и дава црна боја на косата. Крем за чистење на рузмарин може да се користи за мрсна кожа (Bonar, 1994). Маслото од рузмарин е компонента во сапуните, освежувачите на просториите, дезодорансите, парфемите, лосионите на кожата итн., или во формулации со други масла од билки или поединечно.

### *Традиционална медицинска употреба*

Унгарската вода подготвена од рузмарин се смета за ревитализирачки агенс, а билката има стара репутација за подобрување на меморијата. Се верува дека присуството на рузмарин во нечие тело ја подобрува јасноста на умот и меморијата, слично на верувањето околу слаткото знаме *(Acorus calamus)* во Индија. Во традиционалната медицина, билкарите препорачуваат масло од рузмарин за широк спектар на нарушувања, вклучително и белодробни заболувања. На маслото од рузмарин му се препишуваат следниве својства: стоматично, холеретично, антидијабетично, диуретично, антидепресивно и спазмолитично (Oury, 1984).Целото растение, во форма на декокт, инфуз, екстракт од етанол (за надворешна апликација) и есенцијално масло, се администрира против дигестивни нарушувања, вагинитис, леукореја, респираторни заболувања, проширени вени, болка во срцето, воспаление и вртоглавица од страна на домородниот народ на Мексико и Централна Америка (Santos García-Alvarado et al., 2001). Во Русија и земјите од Централна Азија на поранешниот Советски Сојуз, лисјата од подготовка на рузмарин се користат за лекување на астма. Познат е и абортусивниот (анти-имплантационен) ефект на екстрактот од рузмарин (Lemonica et al., 1996). Дестилирана вода добиена од цвет рузмарин се користи како лосион за очи (Farooqi et al., 2005).

## 4. Современи истражувања за лековитите својства на рузмаринот

Денес, на рузмаринот му се препишуваат многу разновидни лековити својства. Современите техники на анализа овозможија да се идентификуваат индивидуалните компоненти на маслото и да се испитаат нивните ефекти. Медицинските својства и хемиските состојки/дел од растението за кои се смета дека сега се вклучени во овие ефекти се наведени подолу:карминативни својства – флаваноиди, антидепресивни, спазмолитични својства - испарливи масла,рубефактивни својства – феноли,антимикробни

својства – дитерпени,својства на еманагог - олеанолна киселина,антиинфламаторни својства – карносол,блокирање канцерогени и својства на детоксикација на црниот дроб - карнозол и екстракт од целото растение,антиревматски својства - маст од масло од рузмарин, својства на абортусот (воден екстракт).

### *Останати својства на рузмаринот*

Извршени се компаративни лабораториски студии каде различни прашоци од билки, вклучително и прав од рузмарин, се аплицирани на складирани зрна пченица и француски грав; анализата на резултатите од овие третмани врз видовите штетници *Sitophilus granarius* и *Acanthoscelides obtectus* опокажала дека зрната пченица може многу ефикасно да се заштити од S. granarius со прашкање на зрното со рузмарин во прав (Kalinovic et al., 1997). Афидите исто така се одбиваат од мирисот на рузмарин и нане (*Mentha pulegium*). Врз основа на анализата, неколку компоненти на масло од рузмарин - т.е. 1,8-цинеол, D-1-камфор, α, 1-камфор и α-пинен - се откриени како главни принципи што ги одбиваат штетниците. Антирепелентното својство на масло од рузмарин за *Myzus persiacea* се припишува на 13 соединенија; од кои најважен е линалол, D-1-камфор и α-терпинеол (Hori, 1998).Есенцијалното масло од рузмарин исто така е пријавено дека има антимикробна активност против низа бактериски и габични видови, вклучувајќи ги *Listeria monocytogenes* и *Aspergillus niger* (Baratta et al., 1998). Грам-негативни бактерии како што се *Staphylococcus aureus* и *S. epidermidis* е откриено дека се подложни на масло од рузмарин многу повеќе отколку другите грам-негативни бактерии како што се *Escherichia coli* и *Pseudomonas aeruginosa* (Pintore et al., 2002) Самите лисја од рузмарин се извор на антибактериски молекули; во лабораториски студии, активното соединение ефикасно против растителниот патоген *Streptomyces* е изолирано од лисјата на рузмарин (Takenaka et al., 1997).

MIT UNIVERSITY
SKOPJE
International Journal of Recent Research in Arts and Sciences
ISSN: 1857-8128

## 5. Токсикологија и контрола на квалитет

Рузмаринот генерално се смета за безбеден и лишен од токсични несакани ефекти доколку се зема во препорачани дози. Сепак, треба да се следат одредени упатства за неговата употреба:

1. Маслото од рузмарин, доколку се администрира внатрешно, во прекумерни количини може да предизвика конвулзии;
2. На бремените жени и доилките се препорачува да не користат рузмарин, вклучувајќи ги и луѓето со епилепсија;
3. Маслото од рузмарин треба да се користи со претпазливост од лица кои страдаат од хипертензија, крвен притисок или несоница;
4. Лисјата од рузмарин во вишок количина може да предизвикаат кома, спазам, повраќање и, во некои случаи, белодробен едем.

Постојат повремени извештаи за алергиски реакции како што се иритација на кожата кога рузмарин се нанесува надворешно. Покрај тоа, есенцијалното масло од рузмарин може да има епилептогени својства бидејќи неколку извештаи за случајот во текот на минатиот век ја поврзуваат неговата употреба со напади кај инаку здрави деца (Burkhard et al. 1999). Рузмаринот исто така може да се меша во апсорпцијата на железо, па затоа треба да се избегнува од лица со железо дефицитна анемија.Маслото од рузмарин може да биде фалсификувано со масло од бел камфор, делови од масло од еукалиптус, шпанско масло од жалфија, масло од терпентин и нафта. Квалитетот на маслото од рузмарин може да се утврди врз основа на неговата растворливост во алкохол и со употреба на јод-тест. Маслото од рузмарин не детонира со јод, туку само се раствора со загревање (Diete and Brannt, 1892).

ISSN: 1857-8128

## 6. Заклучок

Кога ќе се спомне рузмарин, на повеќето луѓе првата мисла им ја доловува сликата на ова растение и неговите зелени листови, со многубројни цветови во зависност од делот од годината. Иако е едно од најраспространетите растенија во Македонија, растението содржи компоненти кои се корисни за целокупниот човечки систем, од срцето, па се до самиот мозок. Благодарение на модерната наука, веќе ги знаеме механизмите по кои ова растенија делува благотворно на луѓето, како и тоа точно кои соединенија и елементи се одговорни за овие ефекти и процесите во кои тие дејствуваат и интерактираат со другите супстанци во нашите организми.Екстрактот добиен од рузмарин има исклучително добри инхибиторни својства кон многу голем број на микроорганизми токму поради тоа наоѓа голема промена во прехранбената и козметичката индустрија.

## 7. Користена литература

[1] Sasikumar, B. (2012) Rosemary. U: Handbook of herbs and spices. (Peter, K. V., ured.), Woodhead Publishing in Food Science and Technology, Cambridge/Boca Raton, str. 243-252.

[2] Del Pilar S´anchez-Camargo, A., Herrero, M. (2016) Rosemary (Rosmarinus officinalis) as a functional ingredient: recent scientific evidence.

[3] Kišgeci, J. (2008.): Lekovite i aromatične biljke, Partenon i Srpska književna zadruga, Beograd.

[4] Kuštrak, D. (2014.): Morfološka i mikroskopska analiza začina, Golden marketing Tehnička knjiga, Zagreb.

[5] Mateljan, G. (2009.): Najzdravije namirnice svijeta, Planetopija, Zagreb.

[6] Offord E.A., MACE K., Ruffi C. and Peifer M. (1995) Rosemary components inhibit benzo(a) pyrene induced geno toxicity in human bronchial cells, Carcinogenesis, 16: 2057–62. ouahada s (2000) Tunisian rosemary oil, Perf. Flav., 25(6): 24–5.

ISSN: 1857-8128

[7] Rezzoug S.A., Boutekedjiret C. and Alaf K. (2005) Optimization of operating conditions of rosemary essential oil extraction by a fast controlled pressure drop process using response surface methodology, J. Food Eng., 71: 9–17

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# PRIMARY HYPERPARATHYROIDISMAND SEVERE HYPERCALCEMIA – a case report

**Panoska A, Jovanovski-Srceva M[2], Kuzmanovska B[2], Gavrilovska-Brzanov A[2], Simevska S, Georgiev A[3], Nikolov I[4], Stojanovski S[5], Manev N[3],Egzon A[1]**

1 Department of Anesthesia, University Clinic for Gynecology and Obstetrics, Skopje, North Macedonia

2University Clinic for Anesthesiology, Reanimation and Intensive Care Medicine, Faculty of Medicine, University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, R.N. Macedonia

3University clinic for Cardiology, Faculty of Medicine, University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, R.N. Macedonia

4University clinic for Nephrology, Faculty of Medicine, University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, R.N. Macedonia

5Institute of Pathophysiology, Faculty of Medicine, University “Ss. Cyril and Methodius”, Skopje, R.N. Macedonia

## Abstract

Multiple pathologic entities might be related to hypercalcemia, but the major focus is placed on primary hyperparathyroidism where 85% of hyperparathyroidism cases are reported to occur as a result of benign lesions of parathyroid glands. In here we present a case of a patient with severe hypercalcaemia scheduled for a parathyroid surgery. The aim of this report is to show the preoperative management of severe hypercalcemia in primary hyperparathyroidism and

consequences if left untreated. Severe hypercalcemia with calcium values higher than 3.5mmol/l is a life-threatening condition that must be urgently treated.

**Key Words:** hypercalcemia, primary hyperparathyroidism, parathyroid surgery.

## 1. Introduction

Hyperparathyroidism is a disease caused by overproduction of parathyroid hormone (PTH) secreted by the parathyroid glands that affects the balance of calcium and phosphorus, leading to high calcium levels in blood and urine, low calcium levels in bones and low phosphorous levels in blood. Primary hyperparathyroidism most commonly occurs in women after menopause because of excessive calcium deficiency, hyperplasia of the parathyroid gland or benign tumour formation such as adenoma (1,2). In healthy individuals, the parathyroid gland maintains the balance of extracellular calcium at the level of bones, kidneys and intestines by regulating the secretion of parathyroid hormone (PTH) and 1,25$(OH)_2$ vitamin D. Hence, if blood calcium levels increase, the production of PTH decreases, while in reverse situation where blood calcium levels are low, PTH secretion increases, causing more calcium to be released from bones into the bloodstream. Additionally, the renal capacity to reabsorb calcium in distal tubules is also regulated by the negative feedback mechanism, inhibiting the PTH synthesis. Moreover, PTH enhances calcium reabsorption from the intestines by activation of the production of 1,25$(OH)_2$ vitamin D (2,3).

3).



The etiology of the parathyroid adenoma is associated with overexpression of cyclin D1/PRAD1 gene that affects the secretion of PTH. In rare cases, primary hyperparathyroidism occurs as a result of somatic mutation of CaSR causing low sensitivity of the extracellular calcium and resistance of parathyroid gland to activate on time (4).

Primary hyperparathyroidism is usually a disease with broad and non-specific symptomatology such as abdominal pain, muscle weakness, depression and impaired memory, polydipsia and polyuria resulting from nephrogenic diabetes insipidus, joint pain and loss of appetite. Most common presented symptoms are kidney stones found in 42% and osteoporosis in 81% of patients (5). Analyses over the course of many years have shown that the prevalence of kidney stone formation as well as renal impairment in patients with primary hyperparathyroidism depends mostly on the degree and duration of hypercalcemia (6). The development of kidney stones is reversible after surgical removal of the parathyroid gland.

At more advanced level of disease, there is an impaired transmission of signals in nerve cells. Few of the patients with severe hypercalcemia develop hypercalcaemic crisis that characterises with anxiety, dehydration, vomiting, decreased renal function, deterioration of the metal status, confusion leading to coma and death. Criteria for surgery treatment consists of serum total calcium level of more than 3mmol/L, hyper parathyroid crises, hypercalciuria of more than 400mg/day, reduced bone density and bone mass of more than two standard deviations bellow age control groups, impaired renal function, muscle weakness and atrophy (1-3).

## 2. Case Report

We present a 56-year-old woman with confirmed primary hyperparathyroidism, scheduled for parathyroid adenoma removal surgery under general anaesthesia. Patient had history of osteoporosis, chronic obstructive pulmonary disease; she was a heavy smoker and had history of anaemia. Pre-operative laboratory analysis of our patient admitted in hospital for an elective parathyroid gland removal showed moderate anaemia and severe hypercalcaemia. Calcium levels were 3.5mmol/L, parathyroid hormone (PTH) value of 450 pg/ml and ionised calcium of 2.0 mmol/L, insignificantly increased creatinine and urea of 115umol/L and 6.7mmol/L respectively, haemoglobin values of 99 g/L, and glucose in serum of 7.6 mmol/L.

ECG showed shortened QT interval and discrete Osborn waves. Abdominal ultrasound revealed calculi in both kidneys, while bone densitometry expressed diffuse osteopenia. 99mTc MIBI-SPECT scintigram confirmed hyperfunction of the right lower parathyroid gland. X-ray of the thorax showed pronounced broncho vascular changes and pulmonary effusions.

Patient was commenced to immediate treatment with isotonic saline od 150 ml/hour, diuretics and pamidronate (bisphosphonates for iv usage) at dosage of 70 mg/24 hours. Calcium levels drooped consequently on the next few days from 3.5mmol/l→ 3.2mmol/l →3.0 mmol/l to 2.9 mmol/l on the fifth day when the she was operated. The operation was successful and postoperative course was uneventful. Patient was discharged from hospital in a good condition three days later with calcium level of 2.3 mmol/L and signed informed consent for publication was obtained.

## 3. Discussion

The management of hypercalcemia in primary hyperparathyroidism depends on the severity of symptoms and severity of calcium elevation. The course of treatment in severe hypercalcemia patients is well set and consist of fluid resuscitation, calcitonin, bisphosphonates and thiazide diuretics. In severe hypercalcemia when there is no improvement with the pharmacological treatment, haemodialysis is the only choice available for rapid calcium reduction. In a cross-sectional study, the prevalence of asymptomatic patients with hypercalcemia was 81%, while the percentage of symptomatic patients most of whom were women after menopause was 18% (8).

Our first step in the management of severe hypercalcemia was restoration of euvolemia. Persistent hypovolemia emphasises hypercalcemia by stopping the renal clearance of calcium. By administering intravenous isotonic saline solution of 200-300 mL/h hours for four days we managed to achieve urine output at 100-150ml/h. Dehydration in those patients is usually due to the poor water intake secondary to the gastrointestinal symptoms such as nausea and vomiting. However, fluid management must be taken with precaution especially in elderly patients with cardiac complications or impaired renal function. In those situations, administering loop diuretics will prevent the fluid overload and also will further stimulate urine calcium excretion and inhibit calcium reabsorption from the distal renal tubule. In all situations, careful monitoring is required because of the potential fluid and electrolytic disbalance that may occur after aggressive saline treatment and therapy induced diuresis. Following this aggressive rehydration, loop diuretics

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

such as Furosemide 5mg twice a day ware given to our patient to protect the cardiac overload and stimulate diuresis. This kind of treatment is known to lower calcium values by 0.25 to 0.75 mmol/L. However, less than 30% of patients achieve normal levels of calcium with fluid management as a single therapy approach (9). Therefore, additional option in the therapy of hypercalcemia is the use of bisphosphonates giving their maximal effect 72hours latter. Bisphosphonates inhibit osteoclast action by adsorbing to the surface of bone hydroxyapatite and inhibiting calcium release by interfering with osteoclast mediated bone resorption. They also promote osteoclast apoptosis. Pamidronate 60-90mg intravenous infusion over the course of four hours were administered to our patient. Zoledronic acid is newer bisphosphonate agent that is administered as 4mg in 15 minutes infusion. However, studies suggest to be extra careful as increased incidence of postoperative hypocalcemia is observed in patients after bisphosphonate preoperative treatment especially in patients with a chronic kidney disease or vitamin D deficiency (6). Calcitonin is another drug used in the treatment of severe hypercalcemia. It acts to prevent bone reabsorption via interference with osteoclast function and increase calcium urinary excretion. Due to its limited duration time of 48 hours and tachyphylaxis associated with receptor downregulation, it is usually given in patients that show intolerance to fluid and bisphosphonate therapy. Sometimes, this aggressive fluid treatment is ineffective or relatively contraindicated in people with heart failure or acute renal insufficiency, so haemodialysis is the only therapeutical option for extreme or refractory hypercalcemia (8). In patients with a chronic kidney disease that undergo dialysis, calcimimetics are also part of the therapy. These are a class

ISSN: 1857-8128

of pharmacological medications that act as calcium receptor agonists and lower PTH plasma levels by binding to the parathyroid calcium sensing receptor. They have a 48 to 72 hour onset of action (8).

In those patients hypertension usually develops as a result of renal insufficiency as well as calcium mediated vasoconstriction. It has been found that the relationship between the parathyroid hormone that binds to a specific PTH related peptide receptor, thus increasing the cAMP levels and causing vascular cell wall dilatation has been impaired, leading to disturbed functional properties of the vascular wall**.** Those structural and functional vascular wall alterations lead to damage or dysfunction of multiple organs. Thus, left ventricular hypertrophies with valvular and myocardial calcification and cardiac arrhythmias have been found in many cardiology patients with primary hyperparathyroidism (10). Our patient did not have any known history of hypertension.

Given the fact that primary hyperparathyroidism mostly occurs in postmenopausal women, recent evidence suggest that estrogen replacement therapy can be beneficial in lowering the incidence of this condition (8).

## 4. Conclussion

Correction of the hypercalcemia pharmacologically accompanied with a surgical removal of the parathyroid gland is necessary for a good outcome in patients with primary

hyperparathyroidism. If left untreated, irregular heart rhythms such as ventricular fibrillation and serious multiorgan failure can follow. Post - operative period should never be neglected as dramatic calcium reduction may occur.

## 5. References:

[1] Stoilovska B., Kondov G., Samardziski M., Kondov B., Manevska N., Stojanoski S. primary hyperparathyroidism induced by an ectopic adenoma, initially presented as brown tumor of the tibia. MJA 2020; 4 (3): 29-37.

[2] Marcella D., Shonni J. Silverberg. Primary hyperparathyroidism. Nat Rev Endocrinol. 2018 Feb; 14(2): 115–125.

[3] Bilezikian J. Primary hyperparathyroidism. JCEM 2018; 11(8): 3993–4004, https://doi.org/10.1210/jc.2018-01225.

[4] Madkhali T., Alhefdhi A., Chen H. and Elfenbein D. Primary hyperparathyroidism. Ulus Cerrahi Derg. 2016; 32(1): 58–66. doi: 10.5152/UCD.2015.3032

[5] Zofkova I. Hypercalcemia. Pathophysiological Aspects; Institute of Endocrinology, Prague, Czech Republic; Physiol. Res.2016;65: 1-10.

[6] Singh D.N., Gupta S., Kumari N., et. all. Primary hyperparathyroidism presenting as hypercalcemic crisis: Twenty-year experience. Indian Journal of endocrinology and metabolism, 2015; 19(1): 100–105.

ISSN: 1857-8128

[7] Lila A., Sarathi V., Jagtab V. et. all. Renal manifestations of primary hyperparathyroidism. Indian Journal of endocrinology and metabolism, 2012 Mar-Apr; 16(2): 258–262.

[8] Basok A., Rogachev B., Haviv Y.S, Vorobiov M. Treatment of extreme hypercalcaemia: the role of haemodialysis. BMJ Case Rep;2018:4. doi: 10.1136/bcr-2017-223772.

[9] Crowley R., Gittoes N. How to approach hypercalcemia. Clinical Medicine Journal Endocrinology, 2013;(13)3: 287–90.

[10] Andersson P., Rydberg E., Willenheimer R. Primary hyperparathyroidism and heart disease - a review. European Heart Journal, 2004; (25):1776–1787.

ISSN: 1857-8128

# SOCIAL SCIENCE AND HUMANITIES

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# STYLES OF DECISION MAKING AND MANAGEMENT AND DIMENSIONS OF PERSONALITY OF BANK MANAGERS

Asst. Prof. Anita Azeska, PhD

MIT University, Faculty of Psychology,

ul. Treta Makedonska Brigada bb, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
a.azeska@gmail.com

## Abstract

This paper explores preference to the style of decision making (managerial, analytical, conceptual and behavioral), (Alan Rowe, 1992), management styles (relationship-oriented leadership and management by objectives), (Fiedler, 1987) and personality traits (extraversion, neuroticism and psychoticism), (Eysenck, 1998). The convenience sample of 60 respondents (sector and bank branch managers from Republic of North Macedonia) were subjected to decision making style inventory (Decision Style Inventory - DSI) of 20 claims, a questionnaire to assess the management style (Least preferred coworker - LPC) composed of 18 bipolar adjectives, and a personality test (Eysenck Personality Questionnaire - EPQ) composed of 90 items in the form of questions. The results show that bank directors are more extrovert and emotionally less stable and prefer task-motivated management style. The results also show that in banks in addition to giving orders when making decision attention is paid to the needs and care of the persons in order to develop and maintain interpersonal relations. The results of the survey, in particular, those researching leadership will serve as motivation and argument to seek for the most efficient leadership style; as a result, human potential would be best used through activation and development of each individual’s capabilities, certainly through adequate education. Management education and training together with organization and other measures

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

would reduce the extreme traits of autocratic leadership and would contribute to leadership strengthening which would be also equally oriented to the task and interpersonal relations, and might be significantly suitable for the current and for the forthcoming time as well.

**Keywords:** Styles of decision making; management styles; extraversion; neuroticism; psychoticism; workplace.

## СТИЛОВИ НА ОДЛУЧУВАЊЕ И НА РАКОВОДЕЊЕ И ДИМЕНЗИИ НА ЛИЧНОСТА НА ДИРЕКТОРИ ВО БАНКИ

Доц. д-р Анита Азеска

*МИТ Универзитет, Факултет за психологија, ул. Трета Македонска Бригада бб, 1000 Скопје, Република Македонија*

*a.azeska@gmail.com*

### Апстракт

Во овој труд се истражува преференцијата кон стилот на одлучување (директивен, аналитички, концептуален и бихејвиорален), (Алан Роу, 1992), стилот на раководење (раководење мотивирано од односите и раководење мотивирано од задачите), (Фидлер, 1984) и димензиите на личноста (екстраверзија и невротизам и психотизам), (Ајзенк, 1971). На пригоден примерок од 60 испитаници (директори на одделни сектори и дирекции во банки) од Република Северна Македонија беа применети: инвентар за стилови на одлучување (Decision Style Inventory - DSI) од 20 тврдења, прашалник за проценка на стилот на раководење (Least preffered coworker - LPC) составен од 18 биполарни придавки и тест на личност (Eysenck Personality Questionaire - EPQ) од 90 ајтеми во вид на прашања. Резултатите покажуваат дека директорите во банките се

екстровертни и емоционално лабилни и се ориентирани кон задачите. Исто така од резултатите на ова истражување може да се забележи дека во банките освен издавање на наредби, при донесување на одлуките се води сметка и за потребите и грижата за другите луѓе со цел да се развијат и одржат добри меѓучовечки односи. Резултатите од ова истражување, посебно, на оние кои го истражуваат лидерството ќе им послужат како мотивација и аргумент да бараат најефикасен стил на лидерство, па од тие причини човечкиот потенцијал би бил употребен најдобро преку активирање и развивање на способностите на секоја индивидуа, секако преку соодветна едукација. Менаџерската едукација и обука, заедно со организацијата и другите мерки, би ги смалиле екстремните карактеристики на автократското лидерство и би допринеле за ојачување на лидерството кое би било подеднакво ориентирано и кон задачата и кон меѓучовечките односи, а кое може да биде многу попогодно за сегашните, но и за времињата кои доаѓаат.

**Клучни зборови:** Стилови на одлучување; стилови на раководење; екстраверзија; невротизам; психотизам; работно место

## 1. Вовед

Лидерството е една од најтешките области на општествените науки за истражување. Повеќето научници се сложуваат со сфаќањето дека лидерството во себе вклучува и администрирање и управување. Лидерството се поврзува со демократијата, правичноста, партиципативното одлучување. Според некои сфаќања лидерството не е принудно донесување на одлуки, правила или градење политики. На лидерството силно влијаат персоналните и организациските фактори, како и факторите на окружувањето.

Одлучувањето претставува една од главните активности на лидерот. Рен и Војч (Wren and Voich, 1994) сметаат дека одлучувањето е неопходна активност за успешно извршување на било која менаџерска функција. Според четвороквадратниот модел на

мозокот на Нед Херман, Роу (Rowe, 1989) дефинирал четири стила на одлучување. Активноста на секој квадрант на мозокот е основа за одреден стил на одлучување. Роу (Row, 1992 според McKenna, 2000) детерминирал стилови на одлучување комбинирајќи когнитивна сложеност и ориентација на вредности. Когнитивната сложеност поаѓа од користење на информации до концептуална способност на паралелна обработка на информации и генерализација, односно утврдување стратегија. Ориентацијата на вредности поаѓа од ориентација на технички вредности (задачи) до ориентација на организациски вредности (луѓе). Стиловите на одлучување за кои зборува Алан Роу се следните:

- **Директивен стил на одлучување** - применуваат автократски раководители со тенденција за агресивно однесување. Одлуката се носи врз основа на релативно мал број на информации и отсуствува толеранција за нејасни информации.

- **Аналитички стил на одлучување** - раководителите со *аналитички стил* во когнитивна смисла се комлексни личности. Одлуката ја носат со пребарување на поголем број на податоци и имаат зголемена толеранција за нејасни информации.
- **Концептуален стил на одлучување** - ги одликува раководителите со потреба за признание и успех. Одлуката ја носат врз основа на екстензивно елаборирање на податоците со тенденција за креативност и инвентивност.
- **Бихејвиорален стил на одлучување -** ги карактеризира раководителите со изразена потреба за прифаќање (афилијација) и демократски односи со подредените. Одлуката ја носат водејќи сметка за одржувањето на добри односи со другите вработени.

Раните анализи на лидерството, од 1900-1950 година, издиференцирале карактеристики за релацијата помеѓу лидерот и следбениците. Наоѓањата дека не една црта или комбинација на црти потполно ги објаснуваат лидерските способности,

поттикнало многу истражувачи да почнат да го истражуваат влијанието на ситуацијата врз лидерските вештини и однесувањето.

Фидлеровата теорија за контингенција е еден обид да се објасни како ситуацијата го моделира односот помеѓу цртите на раководителот и успешноста (Николоски, 2000). Фидлер се обидел да ја предвиди успешноста во раководењето од една црта на личноста наречена *најмалку префериран соработник* (LPC, Least Preffered Coworker). Во рамките на оваа теорија се обработуваат два стилови на раководење и тоа раководење мотивирано од задачи и раководење мотивирано од меѓучовечки односи. Раководителите мотивирани од задачите, првенствено се насочени кон постигнување на целите, додека раководителите мотивирани од меѓучовечките односи се насочени кон развивање блиски интерперсонални односи со подредените. Овие два стила се аналогни, дури можеби и потполно еднакви со стиловите ориентирани кон луѓе и кон работата.

Преферираниот стил на лидерство, открива различни аспекти на организациско однесување, при што од големо значење се варијаблите на личноста кои се еден од битните услови кои влијаат на однесувањето и личноста е она што го одредува однесувањето во дефинирана ситуација Кател (Catell, 1965, според Рek, 1978). Или „лидерството во голема мера е феномен кој произлегува од личноста на лидерот" Чизмиќ (Čizmič 1995, стр. 64). Со откривањето на односот помеѓу лидерските стилови и личносните димензии се овозможува стратешко реализирање на организациските цели, поголема ефикасност и постигнување повисока перформанса.

Ајзенк ја дефинира личноста како „целокупен збир на вистинските и можните облици на реагирање на организмот одредено со наследноста и средината, а настанува и се развива во интеракција на четири главни подрачја: когнитивно (интелигенција), конативно (карактер), афективно (темперамент) и соматско (конституција)" Ајзенк (Eyzenk, 1971, според Лојк, 1991). Во своите истражувања и проучување на личноста Ајзенк (Eysenck, 1971, според Лојк, 1991) со помош на статистичката техника факторска анализа

естрахирал три основни димензии или фактори на личноста за кои смета дека, покрај интелигенцијата се најзначајни:

А) Димензијата *екстраверзија (Е)* претставува еден континуум на чии краеви се распоредени „чистите“, екстремни облици на екстровертираност и интровертираност во кои спаѓаат најмал број од луѓето, бидејќи повеќето од нив се приближуваат кон едниот или кон другиот крај од овој континуум. Секој поединец зазема различна позиција во истиот овој континуум.

Б) Димензијата *невротизам (N)* е опишана со два екстрема: емоционална стабилност и емоционална лабилност.

В) Димензијата *психотизам (Р)* е дефинирана со двете крајности: цврстина, ригидност, непопустливост, агресивност, неемпатичност на личноста наспроти личноста која е попустлива, чувствителна, емпатична, која се грижи за другите луѓе.

Овие димензии се нормално дистрибуирани во општата популација, што значи дека се застапени во различен степен кај сите луѓе и единствено екстремните облици на континуумот на нормалноста претставуваат паталошки абнормалности.

Дефинирањето на истражувачкиот проблем и постулирањето на хипотезите во ова истражување беше условено од: Теоријата за човечката природа, поточно од гледиштето за сложеноста на човечката природа и на нејзината променливост, Бојановиќ (Bojanović, 1988); Фидлеровата теорија за контингенција која претставува обид да се објасни како ситуацијата го моделира односот помеѓу цртите на раководителот и успешноста, Фидлер (Fiedler, 1978); Ајзенковата теорија за личноста која дава корисен модел за разбирање на индивидуалното однесување и создавање на проверливи предикции, Пек (Pek, 1978); Поставени се три хипотези:

1. Директорите на банките имаат поизразен директивен и аналитички стил на одлучување и помалку изразен концептуален и бихејвиорален стил на одлучување.

ISSN: 1857-8128

2. Директорите на баките повеќе преферираат стил на раководење мотивиран од задачите, а помалку преферираат стил на раководење мотивиран од односите.
3. Кај директорите на банките најизразена е димензијата на личност екстраверзија, а најмалку изразена димензија на личноста е психотизмот.

## 2. Метод

### 2.1. Испитаници

Истражувањето беше спроведено на пригоден примерок од вкупно 60 испитаник, директори на одделни сектори и дирекции во банки. Според бројот на валидни пополнети прашалници за варијаблата стилови на одлучување и димензии на личноста бројот на испитаници изнесува вкупно 60 испитаник, директори на основни и средни училишта. А според бројот на валидни пополнети прашалници за варијаблата стилови на раководење бројот на испитаници изнесува вкупно 59 испитаник, директори на основни и средни училишта.

### 2.2. Мерни инструменти

Инвентарот на стилови на одлучување (DSI) на авторот Роу се состои од 20 тврдења кои испитаникот ги довршува со 4 различни исказа кои се однесуваат на 4-те стила на одлучување: директивен, аналитички, концептуален и бихејвиорален стил. Испитаникот треба да ги рангира исказите на секое тврдење на 4 - степена скала на кореoriginalност од 1 (најмалку соодвествува) до 4 (најмногу соодвествува за испитаникот - менаџер). Податоците за внатрешна хомогеност на применетиот мерен инструмент добиени на примерокот во ова истражување покажуваат дека вредностите на α - коефициентите за четирите стилови на одлучување се со ниска внатрешна козистентност.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Во рамките на истражувањето за проценка на стилот на раководење е користен прашалникот „Најмалку преферираn соработник“ (Least preffered coworker - LPC) развиен од страна на Фидлер (Fiedler, 1984).

Стилот на раководење се утврдува така што се опишува соработник со кој постои најголем проблем во извршувањето на задачата, односно скорот најмалку преферираn соработник се добива така што раководителот се замолува да се сети на сите негови минати и сегашни соработници, да избере еден со кој би работел најмалку добро и да го процени на скала што се состои од 18 биполарни придавки со заокружување на соодветниот број од 1 до 8 за секоја од придавките (на пр. пријателски – непријателски, соработува – не соработува, ефикасен – неефикасен).

Конечниот скор претставува збирот од степените заокружени на 18 ајтеми. Најнизок можен скор е 18, а највисок можен скор е 144. Ако скорот е понизок, се укажува на тоа дека поединецот е мотивиран од задачите, а повисок скор на скалата укажува на поединци кои се мотивирани од односите. Внатрешната конзистентност односно вредноста на α–коефициентот на LPC – скалата, добиена на примерокот во ова истражување е висока.

Тестот на личност (EPQ) содржи 90 ајтеми во вид на прашања. Испитаникот одговара со заокружување на една од двете понудени алтернативи ДА или НЕ за неопределено време. Вкупниот индивидуален скор на секоја скала посебно се добива со едноставно пребројување на сите заокружени ДА и НЕ одговори кои ја мерат соодветната димензија, со користење на соодветен клуч за бодување на одговорите. Кај EPQ – инвентарот, димензиите невротизам и екстраверзијата, како и L - скалата се со прифатлива внатрешна конзистентност, додека психотизмот е со ниска внатрешна козистентност.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

### 2.3. Постапка

Прибирањето на податоците се одвиваше во периодот од јануари, 2016 до мај, 2016 година на работните места на испитаниците.

### 2.4. Статистичка обработка на податоците

Податоците се обработени со статистичката програма SPSS – 20 и за сите користени варијабли прикажани се основните статистички показатели (аритметичка средина, стандардно отстапување, највисок и најнизок скор).

## 3. Резултати

Од прикажаните податоци во Табела 1 се забележува дека кај директорите на банки најизразен е директивниот стил на одлучување, а најмалку изразен е концептуалниот стил на одлучување.

**Табела 1.** Основни статистички показатели за стилови на одлучување

| **Директивен стил** | **N** | **M** | **SD** | **Најнизок скор** | **Највисок скор** |
|---|---|---|---|---|---|
| Директори во банки | 60 | 55.63 | 5.78 | 45.00 | 72.00 |
| Вкупно | 60 | 55.63 | 5.78 | 45.00 | 72.00 |
| **Аналитички стил** | | | | | |
| Директори во банки | 60 | 55.18 | 4.56 | 49.00 | 68.00 |
| Вкупно | 60 | 55.18 | 4.56 | 49.00 | 68.00 |
| **Концептуален стил** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Директори во банки | 60 | 43.60 | 5.76 | 29.00 | 59.00 |
| Вкупно | 60 | 43.60 | 5.76 | 29.00 | 59.00 |
| **Бихејвиорален стил** | | | | | |
| Директори во банки | 60 | 45.62 | 7.60 | 28.00 | 62.00 |
| Вкупно | 60 | 45.62 | 7.60 | 28.00 | 62.00 |

Од прикажаните податоци во Табела 2 се забележува дека директорите во банките префериираат стил на раководење мотивиран од задачите.

**Табела 2.** *Основни статистички показатели за стил на раководење*

| Стил на раководење | N | M | SD | Најнизок скор | Највисок скор |
|---|---|---|---|---|---|
| Директори во банки | 59 | 60.41 | 9.47 | 36.00 | 78.00 |
| Вкупно | 59 | 60.41 | 9.47 | 36.00 | 78.00 |

Од прикажаните податоци во Табела 3 се забележува дека кај директорите во банките поизразени се димензиите екставерзија и невротизам, додека димензијата психотизам е помалку изразена.

**Табела 3**. *Основни статистички показатели за екстраверзија, невротизам и психотизам*

| Екстраверзија | N | M | SD | Најнизок скор | Највисок скор |
|---|---|---|---|---|---|
| Директори во банки | 60 | 14.07 | 2.82 | 8.00 | 19.00 |
| Вкупно | 60 | 14.07 | 2.82 | 8.00 | 19.00 |

ISSN: 1857-8128

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Невротизам** | | | | | |
| Директори во банки | 60 | 11.37 | 5.04 | 2.00 | 21.00 |
| Вкупно | 60 | 11.37 | 5.04 | 2.00 | 21.00 |
| **Психотизам** | | | | | |
| Директори во банки | 60 | 8.78 | 1.85 | 4.00 | 12.00 |
| Вкупно | 60 | 8.78 | 1.85 | 4.00 | 12.00 |
| **Л - искреност** | | | | | |
| Директори во банки | 60 | 11.25 | 4.26 | 3.00 | 20.00 |
| Вкупно | 60 | 11.25 | 4.26 | 3.00 | 20.00 |

## 4. Дискусија и заклучок

Основни конструкти во овој труд се стиловите на одлучување, стиловите на раководење, личносните димензии и работното место. Имено, во повеќе наврати, повикувајќи се на резултатите од истражувањата кои се занимавале со проблематиката на гореспоментите варијабли беше потенцирано дека одлучувањето е една од најчестите и најважни раководни активности и дека лидерството помеѓу другото е проекција на личноста на раководителот, односно лидерството е феномен кој произлегува од личноста на водачот.

Дефинирањето на истражувачкиот проблем и постулирањето на хипотезите беше условено од: Теоријата за човечката природа, поточно од гледиштето за сложеноста на човечката природа и на нејзината променливост, Бојановиќ (Bojanović, 1988); Ајзенковата теорија за личноста која дава корисен модел за разбирање на индивидуалното однесување и создавање на проверливи предикции, Пек (Pek, 1978); Фидлеровата теорија за

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

контингенција која претставува обид да се објасни како ситуацијата го моделира односот помеѓу цртите на раководителот и успешноста, Фидлер (Fiedler, 1978).

Резултатите од истражувањето покажаа дека кај директорите на одделни сектори и дирекции во банки директивниот стил е натпросечно изразен.

Изразеноста на директивниот стил кај директорите на одделни сектори и дирекции во банки или примената на овој стил како доминантен во овие институции укажува на тоа дека тие се повеќе автократски управувани организации од страна на раководителите. Овие раководители одлуки донесуваат брзо и претпочитаат јасно дефинирани правила и односи, ред и сигурност. Исто така дескриптивните статистици покажуваат дека и аналитичкиот стил е натпросечно изразен. Роу (Row, 1992, според McKenna, 2000) укажува на тоа дека аналитичкиот стил е својствен за менаџери на кои им се важни постигнувањата и кај кои постои извесна тенденција за автократско раководење.

Поаѓајќи од наодите на Брнс и Сталкер (Burns and Stalker, 1961 според McKenna, 2000) директивниот и донекаде аналитичкиот стил се сметаат како релевантни за бирократска (механичка) структура која е организирана на база на хиреархиски односи на авторитет, вертикална еднонасочна комуникација во насока од горе надолу во организацијата, централизација на одлучувањето. Примената на аналитичкиот стил на одлучување упатува на одредена толеранција на раководителите кон недоволно јасни информации и нивното настојување да донесат исправни и добри одлуки за организацијата. Двата преовладувачки стила ги истакнуваат потребите за моќ и постигнување на менаџерите.

Роу (Row, 1992 според McKenna, 2000) исто така истакнува дека директивниот и аналитичкиот стил на одлучување и припаѓаат на левата хемисфера која е одговорна за логичкото мислење, анализа, сериски информации, управување со говорот како и со апстрактно логичко резонирање.

Дескриптивните показатели понатаму посочуваат дека концептуалниот и бихејвиоралниот стил на одлучување се помалку изразени кај директорите во банките. Со

оглед на тоа што овие стилови припаѓаат на десната хемисфера, неизбежна е и интуицијата и креативноста при донесувањето на одлуките. Па така директорите во банките покрај директивниот стил на одлучување кој означува тенденција за автократско однесување, сепак за донесување на подобра одлука под влијание на интуицијата и креативноста применуваат и демократско - партиципативен стил кој ги вклучува и подредените во одлучувањето, односно како помошни стилови се користат концептуалниот и бихејвиоралниот стил на одлучување. Наведеното наоѓа потврда и во мислењето на Роу (Row, 1992, според McKenna, 2000) дека стиловите на одлучување никогаш не се изразуваат во апсолутно чист облик, така што кога е претежно изразен еден стил на одлучување тоа не значи дека нема примеси на друг стил на одлучување.

Заклучокот е дека во банките освен издавање на наредби, при донесување на одлуките се води сметка и за потребите и грижата за другите луѓе со цел да се развијат и одржат добри меѓучовечки односи. Според просечната изразеност, менаџерските стилови на одлучување можат да се рангираат почнувајќи од директивниот како најизразен до концептуалниот како најмалку изразен стил што делумно е во согласност со ранговите на процентуалната распределба на стиловите кај југословенските (српски) менаџери – 85% директивен, 81% аналитички, 73% концептуален и 60% бихејвиорален стил, Малетиќ и сор. (Maletić et al., 1994). Исто така резултатите се слични и со резултатите добиени во истражувањето на Марковиќ (Markovič, 2006) каде ситуацијата е следна: најзастапен е аналитичкиот стил, потоа директивниот, концептуалниот и на крај бихејвиоралниот стил. Истражувањата извршени на менаџерите во Јапонија според Малетиќ и сор. (Maletić et al., 1994) покажуваат дека најзастапен стил кај јапонските менаџери е концептуалниот, потоа аналитичкиот, директивниот и бихејвиоралниот, додека кај американските раководители најзастапен е аналитичкиот, потоа концептуалниот, директивниот и бихејвиоралниот. Она што паѓа во очи, а и како смел заклучок е дека кај нашите раководители и раководителите од земјите на бивша Југославија најизразени и најзастапени се стиловите од една мозочна хемисфера, бидејќи и директивниот и аналитичкиот стил припаѓаат на оваа хемисфера.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE
International Journal of Recent Research in Arts and Sciences
ISSN: 1857-8128

Кај јапонците и американците најзастапени се концептуалниот и аналитичкиот стил кои припаѓаат на различни мозочни хемисфери, концептуалниот на десната хемисфера а аналитичкиот на левата хемисфера. Можеме да согледаме, што сепак претставува смел заклучок дека раководителите од поразвиениот свет, Јапонија и Америка, во процесот на одлучување ги користат и двете хемисфери, за разлика од нашите раководители и раководителите од земјите на бивша Југославија, кај кои најзастапените стилови поаѓаат од иста хемисфера. Ова е предмет на интересирање на Нед Херман (Ned Herman, 1996) кој ја проучува доминантноста на одреден квадрант на мозокот и соодветно на тоа менталната преференција на припадниците на различни народи. Секако, ова е широка област за понатамошни истражувања.

Во втората хипотеза беше очекувано дека директорите во банките повеќе преферираат стил на раководење мотивиран од задачите, а помалку преферираат стил на раководење мотивиран од односите.

Од дескриптивните статистици за стилот на раководење се забележува дека кај директорите во банките постои тенденција кон примена на раководниот стил ориентиран кон задачите. Резултатите од истражувањето на Каравелиоглу (Karavelioğlu, 2014) покажуваат во целост дека раководителите на банкарскиот сектор во Кипар застапуваат стил на раководство ориентирано кон задачите. Можеби ова истражување беше појдовна точка при формулирање на хипотезата, но и донекаде потврда на формираниот став на авторот на овој труд.

Кац и Кан (Kahn and Katz, 1978) сметаат дека некои менаџери се склони кон еден, а некои кон друг стил на раководење, бидејќи им одговара на особините на нивната личност. Ориентацијата на задача и луѓе може да се сфати како две задачи кои ги обавува раководителот. Најповолна е околноста кога двете задачи ги превзема истиот раководител. Тие исто така изнесуваат став дека ориентирањето на задача и луѓе не е само одраз на личните особини на раководителот, туку ги одразуваат и карактеристиките на организацијата.

Контингентната теорија потенцира дека лидерите не се ефективни во сите ситуации. Исто така од голема важност е тоа што при разгледување на концептот за лидерство треба да се земе во предвид ситуацијата во организацијата. Оваа теорија овозможува информација за типот на лидерство за кој постои голема веројатност дека ќе биде ефективен во одреден контекст. Со добивањето на скорот на LPC скалата и описот на трите ситуациски варијабли може да се одреди веројатноста на успехот на поединецот во одредена ситуација. Потоа информациите кои се добиваат од LPC скалата можат да послужат во развој на лидерски профил, поткрепено со други информации може да се искористат во планирањето на човечки ресурси со цел развој на профилот на поединецот и каде на најдобар начин може да се вклопи во организацијата.

Истражувањето на Ахмад, Вагар и Кан (Ahmad, Wagar and Khan, 2010) покажува дека стилот на раководење би требало да има директно влијание врз нивото на организациската посветеност на вработените и него го модерираат карактеристиките на вработените како и срединските фактори. Ефикасноста зависи од тоа како раководителите можат да ги балансираат барањата на задачата и односот меѓу вработените.

Според Бојановиќ (Bojanović, 1988) ефикасноста на работата зависи и од мотивацијата на работниците и од нивните способности. Понекогаш природата на работата бара примена на авторитарен начин на раководење поради мотивационата структура на работниците и особините на нивната личност. И бидејќи многу одлики на човечката природа се менуваат во текот на животот, тогаш и начинот на одлучување во процесот на работата, односно стилот на раководење треба да биде таков да претставува предизвик за оние карактеристики на личноста кои се подложни на промени.

Во продолжение ќе бидат дискутирани наодите за изразеноста на димензиите на личноста екстраверзија, невротизам и психотизам кај директорите во банките.

Психолозите од секогаш биле свесни за значењето на описот на главните облици на човечкото однесување. Со прегледот на литературата Ајзенк (Eyzenck, 1970, според Lojk, 1991) се потврдува аспектот, кој ја признава егзистенцијата на две јасни и многу важни

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

димензии. Тоа се екстравертност – интровертност и невротизам или емоционална урамнотеженост – неурамнотеженост. Ајзенк не сакајќи да го порекнува значењето и постоењето на други фактори на личноста, сепак е убеден  дека E и N повеќе допринесуваат за дескрипција на личноста, отколку било која друга комбинација на фактори, надвор од когнитивното подрачје.

Според хипотетската рамка на ова истражување, се претпостави дека кај директорите на банките најизразена е димензијата на личност екстраверзија, а најмалку изразена димензија на личноста е психотизмот.

Дескриптивните статистици одат во прилог на погоре наведената претпоставка, така што се потврдува оваа хипотеза.

Димензијата екстраверзија како што и самата претставка кажува, нема значење за категоријална распределба, туку како што беше претходно споменато, претставува еден континуум на чии краеви се распоредени „чистите“, екстремни облици на екстровертираност и интровертираност во кои спаѓаат најмал број од луѓето, бидејќи повеќето од нив се приближуваат кон едниот или кон другиот крај од овој континуум. Секој поединец зазема различна позиција во истиот овој континуум. Според резултатите на ова истражување следува дека директорите во банките се екстровертни или дружељубиви, комуникативни, социјално експанзивни, полесно прилагодливи. Помалку ги сакаат индивидуалните активности, повеќе ги сакаат промените, иницијативни се, авантуристи се и повеќе се оптимисти.

Во поглед на изразеноста на димензијата невротизам, аритметичките средини покажуваат дека директорите во банките, се емоционално лабилни, реагираат интензивно, емотивни се и грижливи.

Истражувањата потврдиле дека факторот невротизам е во тесна врска со наследниот степен на лабилност на автономниот нервен систем, додека факторот екстравертност е зависен од степенот на преовладување на фазата ексцитација т.е. инхибиција на централниот нервен систем. Оваа рамнотежа е најверојатно генетски

детерминирана и веројатно е во врска со асцедентните патишта на ретикуларната формација.

Влијанието на наследството на екстравертноста и невротицизмот многу пати било предмет на истражување на разни автори, а можеби најчист доказ е истражувањето на Шилдс (Shields, 1962, според Lojk, 1991), при што најдена е висока корелација како за екстравертност, така и за интровертност кај еднојајчани близнаци кои биле одгледувани одвоено. Воопштено би можело да се заклучи дека многу чинители зборуваат во прилог на ставот дека наследството сепак има многу значајна улога во развојот на сите три димензии на личноста: екстраверзија, невротизам и психотизам. Се чини дека во индивидуалните разлики, генетските фактори имаат поголема улога отколку факторите на околината.

Значи развојот на личноста според Ајзенк е резултат на интеракцијата на генетичките предиспозиции, чија основа ја сочинуваат структурата и функционалноста на нервниот систем и надворешната средина во која личноста се развива. Со оглед на тоа да нервниот систем на различни организми може да поседува различни својства, различните лица можат да воспоставуваат различни односи со потполно иста животна средина. На тој начин иста објективна средина учествува во создавање на разлики меѓу луѓето во поглед на сите димензии и особини на личноста. Со оглед на различната генетска основа на интровертните и екстравертните лица, социјализацијата како најважен пат кон развој на личноста ќе биде различно успешна; екстравертираната предиспозиција на личноста често ќе се спротивставува со постоечките норми отколку што е тоа случај со интровертираната диспозиција на личноста.

Треба да се истакне дека Ајзенк не ја пренагласува генетската условеност на личноста во однос на срединските фактори, туку и самиот тврди дека од околината зависи дали екстравертираната диспозиција ќе постане и таков тип на личност. Автократскиот начин на воспитувања на децата е попогоден метод за социјализација на екстравертирани типови на личности, отколку за интровертираните типови на личности.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Со оглед дека EPQ прашалникот е употребуван долго време, а и самиот Ајзенк посветил доста време во негово креирање преку факторска анализа, а потоа и на негова проверка, треба да му се верува на инструментот. Охрабрува и податокот дека Ројс (Royse,1972 според Lojk, 1991), во главниот преглед на постоечките факторско аналитички студии на личноста, сугерира постоење на три главни фактори, кои се многу слични со факторите кои ги мери EPQ. Тоа потврдува дека изборот на трите фактори не е ни површен, ниту субјективен, туку е резултат на експериментална евиденција. Исто така според Пек (Pek, 1978) ајзенковата теорија е корисна за создавање на проверливи предикции и претставува корисен модел за разликите помеѓу групи поединци. Сепак Пек сугерира дека мора поголемо внимание да се посвети и на другите фактори, пред се на социјалното учење и когнитивните фактори.

Значи од досега наведеното, според добиените резултати од ова истражување можеме да заклучиме дека директорите во банките преферираат стил на раководење мотивиран од задачите, поекстровертни се и емоционално помалку стабилни. Исто така во банките освен издавање на наредби, при донесување на одлуките се води сметка и за потребите и грижата за другите луѓе со цел да се развијат и одржат добри меѓучовечки односи.

Водејќи се од резултатите на ова истражување, дискусијата ќе ја продлабочиме со наодите изнесени во студијата на Џино, Грант и Хофман (Gino, Grant and Hofmann, 2010). Врз основа на претходно спроведените истражувања авторите зборуваат за тоа дека од членовите на тимот зависи кој ќе биде успешен лидер, интровертната или екстровертната личност. Всушност, кога членовите на тимот располагаат со големо знаење, интровертниот лидер е далеку посупериорен во однос на екстровертниот лидер, кој, по правило, ја смалува успешноста на таквиот тим поради сопствената желба за доминација. Во една таква ситуација, воздржан одмерен, благ и недирективен стил на раководење, каков по правило имаат интровертните лица, дава многу подобри резултати во споредба со директивниот.

За разлика од интровертните лица, екстровертните лица се подоминантни и тежат кон тоа да го имаат главниот збор. Поради тоа обично не се добри слушатели и тежат кон усвојување на идеите на другите луѓе. А нивната склоност да ги наметнуваат сопствените решенија е предност само кога се раководи со луѓе на кои им е неопходно да им се каже што треба да работат, но не и во случај кога се раководи со стручен тим.

Може да се каже дека интегритетот (поседување на високи морални начела) е својствен за интровертните лица кои се спремни да се дистанцираат од другите и да останат сами против сите доколку нивните морални начела и нивното лично достоинство се загрозени. На екстровертните лица тоа им е потешко да го направат бидејќи постојано се во потрага за друштво и на некој начин се емотивно зависни од другите луѓе.

Исто така, позицијата прв човек на компанијата носи со себе и терет на осаменост кој интровертните лица полесно го поднесуваат во споредба со екстровертните.

Иако на прв поглед според Џино, Грант и Хофман (Gino, Grant and Hofmann, 2010) изгледа дека екстровертните се предодредени да постанат успешни лидери, праксата во многу случаи тоа го демантира. Најдобар пример за тоа дека и интровертните личности можат да бидат успешни лидери е Bill Gates, основач на "Microsoft" и Jeff Bezos, основач на "Amazon".

Новите истражувања предупредуваат дека работниот систем кој не може да ја препознае вредноста која со себе ја носат интровертните лица, губат многу поради тоа што пропуштаат да ги промовираат на повисоки позиции. Според стереотипните претстави за лидерот општо е распространето гледиштето дека лидерот е екстравертна, асертивна и доминантна личност. Но, не само тоа, туку и најголем број на одлуки во процесот на селекција на раководителите се темелат на јакото его и личните амбиции на таквата личност. Не се и необични коментарите во професионалните кругови дека некој не е способен да биде раководител бидејќи е премногу скромен, повлечен и недоволно продорен.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Ваквиот став и не е толку необичен кај нас а и во бившите југословенски републики, имајќи ги во предвид и добиените резултати од истражувањата кои покажуваат дека кај нас агресивните стилови се попожелни отколку во другите земји за што стана збор погоре.

Иако одлуките кои ги донесуваат луѓето кои вработуваат треба да се непристрасни и ослободени од влијание на нивниот личен вредносен систем, во праксата тоа не е случај. Всушност, одлуките за тоа кој ќе се вработи или унапреди во добар дел се условени не само од личниот вредносен систем на личноста која одлучува, туку се и одраз на организационата култура, а индиректно и националната култура. Така и резултатите од истражувањето кое во 2009 година го спровеле истражувачите на Универзитетот во Минесота според Џино, Грант и Хофман (Gino, Grant and Hofmann, 2010) зборуваат за тоа дека екстровертните личности многу полесно се искачуваат на хиерархиската лествица бидејќи екстравертноста во западната култура е попожелна отколку интровертноста. Всушност, од извршните директори кои биле опфатени со истражувањето дури 60 % од нив биле исклучиво екстровертни личности.

Сепак и интровертните личности имаат лидерски квалитети, но тие потешко се воочуваат на прв момент. Всушност, интровертните личности, по правило, се приемчиви за различните идеи, внимателно слушаат, предност даваат на подлабока конверзација отколку на површни разговори и исклучиво се свесни за тоа како другите ги перцепираат и што очекуваат од нив.

Истражувачите кои се занимаваат со оваа област според Џино, Грант и Хофман (Gino, Grant and  Hofmann, 2010) советуваат дека интровертните лица е најважно да се изборат за тоа нивните лични квалитети и тоа што го работат да биде видливо, за да другите незаслужено не би профитирале на нивниот допринос. Интровертните лица исто така имаат доста квалитети кои се значајни за лидерски позиции, посебно денес кога се повеќе се тежи кон лидерство на пето ниво (Level 5 Leadership: The Triumph of Humility and Fierce Resolve, Good to Great: Why Some Companies Make the Leap and Others Don’t by

Jim Collins). А лидерството од пето ниво е идеал кон кој интровертните лица се поблиску во споредба со екстравертните лица. Имено според Џино, Грант и Хофман (Gino, Grant and Hofmann, 2010) особините на ваквиот лидер се скромност, благост, смирена решеност, високо развиена самосвест и самоконтрола, трпение. Односно, како народот вели - „Тивка вода брег рони“.

Резултатите во ова истражување посочуваат и на потреба за нова генерација на менаџери кои ќе бидат различни од традиционалните менаџери. Очигледно е дека иднината, ќе бара такви менаџери во Македонија, кои се со стилови на водство различни од традиционалното водство.

Менаџерската едукација и обука, заедно со организацијата и другите мерки, би ги смалиле екстремните карактеристики на автократското лидерство и би допринеле за ојачување на лидерството кое би било подеднакво ориентирано и кон задачата и кон меѓучовечките односите, а кое може да биде многу попогодно за сегашните, но и за времињата кои доаѓаат. Всушност прифаќањето и интеграцијата на можните лидерски стилови би ги довела и најдобрите можности за успех. За успешен настап и опстојување во глобализациските процеси имплицитно се јавува потребата за перманентна и организирана менаџерска едукација.

## 5. Користена литература

Bass, M. B. (1990) *Bass and Stogdill’s handbook of leadership:* New York, Free Press

Bojanovič, R. (1988). *Psihologija medzuljudskih odnosa.* Beograd: Naučna Knjiga

Čizmič S., Bojanovič R., Stajnberger I., Petrovič I. (1975). *Psihologija i menadžment,* Beograd: Filozofski fakultet, Institut za psihologiju

Čizmič S. editor (1995). *Psihologija i menadzment.* Beograd: Filozofski fakultet. Institut za psihologiju

Drenth, P. J. D., Thierry, H., Wolff, C.J. (1998). *Handbook of work and organizational psychology*. Psychology Press (Second Edition)

Eysenck, H. J. (1998). *Dimenzion of Personality.* New Jersey: Transaction Publishers

Eysenck, H. J. (2006). *The Biological Basis of Personality*. New Jersey: Transaction Publishers

Fidler/Fiedler, Fred (1958). *Leadership attitudes and group effectiveness.*, Urbana: University of Illionis Press

Fiedler, F. E. (1967). *A Theory of Leadership Effectivenes.* New York: McGraw Hill

Fiedler, F. E. (1978). *The contingency model and the dynamics of the leadership process. In L. Berkowitz (Ed.), Advances in experimental social psychology*. New York, NY: Academic Press, 60-112.

Gino, F; Grant M. A and Hofmann A. D. (2010). *"The Hidden Advantages of Quiet Bosses":* Harvard Business Review

Herrmann, Ned (1996). *The Whole Brain Business Book,* McGraw-Hill

Hunt, J., Osborn, R., Schermerhofh, J. (1995). *Transformational Leadership.* Organizational Behavior

Јанаков, Б. (1997). *Современи теории за личноста.* Скопје: Еин – Соф

Katz, D. & Kahn, R.L. (1978). *The social psychology of organizations (*2nd ed.). New York: John Wiley

Lojk, L. (1991). *EPQ – Eysenckov upitnik lićnosti (priručnik).* Ljubljana: Zavod R. Slovenije za produktivnost dela Ljubljana, center za psihodijagnostićna *sredstva*

Maletić, J. Duđak Lj., Vukić B., (1994). *Utvrđivanje stilova odlućivanja,* XXI Jugoslovenski simpozijum za operaciona istraživanja: Zbornik radova, SYM-OP-IS-94.

Markovič, Z. (2006). *Profil ličnosti rukovodioca i preferencije stila rukovodjenja i odlučivanja.* Doktorska disertacija. Niś: Filozofski fakultet

McKenna, E. (2000). *Business Psychology and Organizational Behavior*. A Student's Handbook. Third Edition. Psychology Press.

M. Ahmad; S. Wagar; R. M. Khan, (2010). *Leadership Styles and Organizational Commitment in Banks*. http://cgr.umt.edu.pk/icobm2013/index.html

Николоски, Т. (2000). *Психологија на трудот.* Скопје: Филозофски факултет

Pek, D. (1978). *Teorije licnosti:* Beograd, Nolit

Rowe, A., Mason, O.,Dickel, K., Snyder, N. (1989). *Strategic Managment – A Methodological Approach.* New York: Addison – Wesley Publishing Company

Shawn, M.T. (2009). *Relationship Between the Leadership Styles of Principals and School Culture:* Electronic Theses & Dissertations. Преземено од http://digitalcommons.georgiasouthern.edu/etd

Wren, A. D. & Voich, J. R. Dan (1994). *Menadžment, process, struktura i ponašanje.* Beograd: Privredni pregled

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

**International Journal of Recent Research in Arts and Sciences**

**ISSN: 1857-8128**

# LEADERSHIP AND CREATING AN EFFECTIVE EDUCATIONAL ENVIRONMENT IN MULTICULTURAL COMMUNITIES

PhD Vesna Damcevska Ilievska

vdamil@yahoo.com

## Abstract

This paper examines the impact of Leadership in Educational Institutions on employees and students, on parents and the environment, in the direction of openness for continuous learning for mutual development in multicultural communities. Of course, basically is the search for a model of leadership that will be efficient and effective in the process of learning, teaching and applying acquired knowledge in the function of community development, and, of course, in the wider society.

This paper will provide an insight into the situation with leadership in primary schools as a model for teaching and encouraging changes in the awareness of the importance of continuing learning about diversity in educational settings in multicultural communities. With this special emphasis put on the direct participants in the process of learning and teaching, the teaching staff, in conditions of attended trainings in the field of interethnic integration in education, under the guidance of directors who followed trainings for introduction of changes and development. The research also expects directions for improvement of skills, situations and processes in which knowledge is acquired and shared, cooperation, mutual support, respect for diversity, improvement of intercultural dialogue in multicultural environments is encouraged.

From the realized informal and non-standardized interviews with primary school principals, the author of this paper came to the realization that it is of particular importance to establish a system of education and dissemination within the framework of school leadership.

**Keywords:** education, multicultural communities, leadership in primary schools, dissemination

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# ЛИДЕРСТВОТО И КРЕИРАЊЕТО НА ЕФИКАСНА ОБРАЗОВНА СРЕДИНА ВО МУЛТИКУЛТУРНИТЕ ЗАЕДНИЦИ

Д-р Весна Дамчевска Илиевска

## Апстракт

Во овој труд се истражува влијанието на водството во образовните институции врз вработените и учениците, врз родителите и опкружувањето, во насока на отвореност за постојано учење за взаемен развој во мултикултурните заедници. Секако, во основа е потрагата по модел на водство кој ќе биде ефикасен и ефективен во процесот на учење, поучување и примена на стекнати знаења во функција на развој на заедницата, а секако и пошироко во општеството.

Во овој труд ќе се направи еден увид во состојбите со водството во основните училишта, како модел на поучување и поттикнување на промени во свесноста за важноста на постојаното учење за различностите во образовните средини, во мултикултурните заедници. При тоа посебен акцент се стави на директните учесници во процесот на учење и поучување, наставниот персонал, во услови на посетени обуки од областа на меѓуетничката интеграција во образованието, под водство на директори кои проследиле обуки за воведување на промени и развој. Од истражувањето се очекуваат и насоки за подобрување на вештините, состојбите и процесите во кои се стекнува и споделува знаење, се поттикнува соработка, взаемна поддршка, почитување на различностите, подобрување на интеркултурниот дијалог во мултикултурни средини.

Од реализираните неформални и нестандардизирани интервјуа со директори на основни училишта, авторот на овој труд дојде до сознание дека од особена важност е воспоставување на систем на едукација и дисеминација во рамките на лидерството во училиштата.

**Клучни зборови**:едукација,мултикултурни заедници, лидерство во основните училишта, дисеминација

## 1. Вовед

Проблем на истражувањето беше влијанието на водството во основните училишта во формирањето на модел на Ефикасна Образовна Средина (ЕОС) во мултикултурните заедници во Република Македонија. Во овој труд направен е увид во приодите на водството во образовните организации врз наставниците, во примената на вештини за поттикнување на отвореност за постојано учење и взаемен развој во мултикултурните заедници. Да се согледа самосвесноста кај наставно воспитниот кадар, како водство на учениците, а преку нив и влијание врз родителите и опкружувањето, за сопствениот пристап во реализирање на воспитно образовните содржини.

Во основа на истражувањето е потрагата по модел на водство кој ќе биде ефикасен и ефективен во процесот на учење, поучување и примена на стекнати знаења и вештини на комуникација, во функција на развој на заедницата, а секако и пошироко во општеството. Во овој труд се направи еден увид и во состојбите со водството во основните училишта, како модел на поучување и поттикнување на промени во свесноста за важноста на постојаното учење за различностите во образовните средини, во мултикултурните заедници. При тоа посебен акцент се стави на директните учесници во процесот на учење и поучување, наставниот персонал, во услови на посетени обуки од областа на меѓуетничката интеграција во образованието, под водство на директори кои проследиле обуки за воведување на промени и развој. Од истражувањето се произлегуваат и насоки за подобрување на вештините, состојбите и процесите во кои се стекнува и споделува знаење, се поттикнува соработка, взаемна поддршка, почитување на различностите, подобрување на интеркултурниот дијалог во мултикултурни средини.

Предмет на истражувањето е утврдување на состојбата во основните училишта, во однос на примената на современи методи и вештини, од страна на наставниците, кои пак, се резултат на стратегијата на водството во училиштата, односно, да се согледа:

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Каква е улогата на водството во формирање на моделот на ефикасна образовна средина во мултикултурни заедници, во следната рамка на активности и вештини:

- Поттикнување на соработка, доверба, почитување на различностите, активно сочувствување, посветеност кон колективната добросостојба, заштита и зајакнување на културниот идентитет, јазик и наследство на сите луѓе што живеат во заедницата, креирање на културен амбиент на заедништво со одговорност кон локалното и национално богатство, како и поттикнување на внатрешна дисциплина.

- Наставникот како водач во воспитно образовниот процес во образовните организации во мултикултурни средини, колку е поттикнувач на дискусии, преговарач, посредник, мотиватор, едукатор, визионер, соработник, прв меѓу еднаквите кои постојано учат.
- Користење на вештините и способностите за интеркултурен дијалог во наставата со учениците.

**Ова истражување ги имаше следниве цели:**

- Да се утврди (проучи) каква е состојбата во сферата на работењето со луѓето во организацијата, односно колку се мотивирани на едукација од страна на водството,
- Каква е состојбата во сферата на работењето со луѓето во мултикултурна работна заедница,
- Врз основа на сознанијата, добиени од истражувањето да се понудат соодветни програми за (евентуална) нивна дополнителна обука за современите концепти на споменатите поими, зависно од функциите (улогите), што одделните категории субјекти ги имаат во својата дејност.
- Да се направи увид во состојбите во основните училишта во контекст на почитување на различностите.

- Да се утврди улогата на наставникот како водач во поттикнувањето на постојаното учење и воведување на промените во наставниот процес во контекст на мултикултурализмот
- Согледување на влијанието на водството во основните училишта во воспоставувањето на процес на постојано учење и взаемна поддршка на сите чинители во училиштето и заедницата.

**Крајна цел на истражувањето** е кај колективите со мултикултурен предзнак да се поттикне интерес за запознавање со современите стручно-научно засновани пристапи кон учењето, поучувањето, знаењата (вештините и способностите), со кои се здобиваат учесниците во процесите во организацијата и следењето, проверувањето и евалуацијата на нивните постигања и да им помогне на организиран начин да се оспособат за нивна креативна - квалитетна практична примена. Воспоставување на систем на постојано учење кој ќе биде основа за:

- квалитетно планирање, подготовки и реализација на работата соодветно со целите на организацијата;

- самостојно и во соработка *да се изработуваат одделни инструменти* за проверување и прибирање на податоци за постигањата ( листи за проверка, скали на проценка, описни критериуми и др.

Потребна е промена на концептот за размислување кој пак влијае на културата и социјалната клима во заедницата. Моделот на постојната култура и социјалната клима во мултикултурните заедници (и нивната околина) во голема мера ги определуваат рамките на промените.

При тоа треба да се има предвид дека разните стереотипи и убедувања со кои се одликува постојната култура во добар дел од институциите на системот и нивното опкружување се тврдокорни, отпорни на промени на кратки патеки, заради тоа на нив

ISSN: 1857-8128

треба да се гледа како на предизвик, кој има убедлив приоритет. Во исто време треба да се знае дека патот е долг и сложен и кој бара одење чекор по чекор.

Првиот чекор секако е подигнувањето на мотивот за постигнување кај секоја личност во согласност со нејзините можности, што е предуслов за подигнување на професионализацијата.

Училиштето како институција одговорна за елементарното описменување на населението и игра клучна улога во подигањето на свесноста на луѓето за многу големи прашања што го допирале и го допираат човештвото. Училиштето треба да ги оспособи учениците за работа во разни сфери од општеството, да ја поттикне нивната креативност, да го поддржи подигањето на конкурентноста на општеството, да помогне во едукација на населението заради надминување горливи општествени конфликти и друго. Мора да се признае дека понекогаш овие институции во историската димензија на нивното постоење одиграле и негативна улога, обидувајќи се да ги индоктринираат и да ги идеологизираат луѓето. Но, речиси секогаш и насекаде тие се бележат како агенси на одредени промени. Во овој контекст училиштата денес може и треба да се јават во функција на внесување промени во свеста и однесувањето на граѓаните во функција на меѓуетничка интеграција, процес во кој во голема мера тие можат да помогнат на начин на кој ниту една друга институција не го може тоа. Училиштето е природна средина во која учениците, но и наставниците треба да се чувствуваат релаксирано и покрај сериозните обврски што ги имаат. Меѓутоа, за да биде тоа така, неопходно е да бидат исполнети многу предуслови. Пред сè, меѓу нив треба да има доверба и взаемна грижа. Целокупната атмосфера и клима во која се одвива воспитно-образовниот процес треба да биде позитивна и исполнета со позитивни емоции.

Образовниот процес има примат, но токму поради запоставувањето на воспитната компонента, може да се јават и одредени проблематични ситуации. Тоа особено е изразено во средини во кои учениците, но и наставниците се од различна етничка, верска и национална припадност.

Практиката повеќе пати покажала дека токму во училиштата со ваква структура мирната и релаксирана атмосфера е многу кревка и ранлива. Тоа покажува дека треба уште многу да се работи на планот на меѓуетничката интеграција, и тоа мошне сериозно и посветено.

Специфичноста на средината наречена училиште е видлива според повеќе параметри. Во него живеат и работат луѓе со различна културна, социјална, етничка, верска припадност.

Дури и луѓето што меѓу себе не се разликуваат според овие параметри се разликуваат според своите потреби, желби, надежи, очекувања, способности, можности, предзнаења, карактерни особини, емоционални реакции. Шаренилото на личности прави оваа средина да биде уникатна според својот карактер. Тоа укажува на фактот колкава умешност е потребна за да може да се постигнат целите што во училиштето се поставуваат во зависност од проценките што треба и мора да научи еден ученик, да знае и да умее.

## 2. Теоретско истражување на проблемот во литературата

Промените на полето на општествено економските состојби, како и развојот на техниката и технологијата, извршија силни влијанија на потребата од промените во начинот на работење и комуницирање. Користењето на информатичката технологија во сите сфери на општественото живеење, ја наметна потребата од поттикнување на развој на вештините на комуникација кај менаџерите како и кај вработените во сите организации особено кај образовните. Особено се очекува подигната самодоверба, сигурност и самостојност во донесувањето на одлуките, отвореност за промени и развој, креативност во реализирањето на новите програми, промовирање и поттикнување на корисни идеи и иновации, како и добро подготвена стратегија за креирање на квалитетна комуникација со сите кои партиципираат во образовниот процес. Ова секако подразбира перманентно

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

образование за подобрување на знаењата и вештините за справување со современите проблеми и потреби. Во овој контекст се наметнува прашањето како да се поттикне индивидуалниот развој и креативноста, да се промовира и реализира континуиран позитивен приод на менување на се себеси и околината. Поаѓајќи од фактот дека основното училиште па потоа средното се најзначајните агенси на социјализацијата, заради тоа е потребно да се направи обид да се најде простор за едуцирање во таа насока.

Водачот/Лидерот во образовниот процес во образовните организации во мултикултурни средини треба да е поттикнувач на дискусии, преговарач, посредник, мотиватор, едукатор, визионер, соработник, прв меѓу еднаквите кои постојано учат. Примарна задача и одговорност на директорите/лидери/водачи во воспитно образовните организации е поддршката на наставниците во реализацијата на наставно воспитниот процес. Обезбедување на постојано учење и усовршување на компетенциите за работа со учениците и родителите. Воспоставување на круг на взаемна поддршка и постојана рефлексија и саморефлексија за вложеното и исходот од процесот на едукација.

Искуствата во дизајнирање на програмски активности од обласна на комуникациите и справувањето со конфликти реализирани со вработени во образовни организации, и водачи на мали и средни претпријатија, покажуваат дека има потреба од организиран системски приод структуриран за подигнување на вештините за справување со конфликти, сензибилизација и обука за вештините на комуникација кај сите вработени во воспитно образовните установи. Во листите за евалуација на програмите кои се реализирани во рамките на “Проектот за модернизација во образованието” наставниците недвосмислено ја искажуваат потребата од продлабочени знаења и умеења од обласна на справувањето со конфликтите и комуникациите што е доставено како извештај до училиштата од истражување на приоритетните потреби за обуки на наставниците, реализирано од страна на Бирото за развој на образованието на Република Македонија. Обидите на стручните лица вработени во основните и средните училишта, во соработка со стручни лица од високообразовните институции, да истражуваат во обласна на воспитниот

процес, како и да понудат модели за едукација и сензибилизација на наставно - воспитниот кадар, се затворени во рамки на програми и проекти. Тоа значи дека, се уште не постои теориска основа за систематско испитување на ефектите на таквите програми за обука.

За охрабрување е фактот дека, во полето на интересирање на многу дисциплини од областа на хуманитарните науки во последно време е истражувањето на модел за подобрување на интерперсоналната комуникација, подигнувањето на толеранцијата, како и градењето на култура на мирот. Нашата длабока традиција говори за ширината на духот, за нашиот менталитет за прифаќање на различните од нас, за подавањето на рака за помагање на другиот, за способноста за прилагодување на условите на живеење, за простувањето и покајувањето како чекор напред во подобрување на односите. Се чувствува потребата во секојдневието, да се внесе повисок квалитет на комуницирање, кој ќе оди подалеку од позитивните традиционални примери во сите сфери на општественото живеење.

Свесни сме за вистината дека природната еволуција, личниот и општествен развој се база за поаѓање при креирањето на приод кој ќе биде основа за подигнувањето на свесноста за важноста од квалитетот на комуницирање и заради тоа му даваме приоритет на ова прашање кое е предмет на нашето интересирање.

Основните и средните училишта ја имаат сериозната и приоритетна обврска, систематски да влијаат на вложувањето во темелите на личноста на децата и младите како и нивно обликување во здрави личности, и веројатно заради тоа е поголема и можноста да се најде простор, за креирање поволна клима за добра комуникација и разбирање.

Проблемите од интерперсонална природа присутни се во сите сфери на општественото живеење во секоја организација и институција, а секако и во воспитно образовниот процес во основното и средното образование во Република Македонија и претставуваат извор на манифестирана агресија, прекини на воспитно образовниот процес, несоработка, неуспех. Во образовните организации се реализираат активности

што се планираат во рамки на воспитната програма, кои во основа значат превенција од насилство во било кој облик. Значи од образовните организации се очекува да рефлектираат позитивна комуникација не само во рамки на процесот туку и надвор во опкружувањето. Но искуствата со кои се соочуваат сите партиципиенти во воспитно образовната работа во образовните организации покажуваат дека токму кај нив се генерираат облици на поведение кои се и извор на насилства од различен вид, од вербално до физичко насилство. Причините се повеќеслојни. Тие се поврзани со различни извори од материјално финансиска природа, мотивација на воспитно образовниот персонал, постојаните, најразлични и најчесто некоординирани промени кои не секогаш се добро обмислени, испланирани и во согласност со потребите и можностите на корисниците на услугите, расчекор помеѓу програмите за работа и користењето на учебниците и наставните помагала, препуштање на индивидуалните способности и вештините на наставно воспитниот персонал. Не ретко училиштата се мегдан на рефлексија на негативни влијанија на општествените промени и проблеми кои го попречуваат развојот на младите личности.

Иако од почетокот на деведесеттите години на минатиот век до денес направени се најразлични обиди за подигнување на сензибилитетот, за важноста од меѓусебно разбирање и почитување при решавањето на конфликтите, но сите иницијативи се во рамки на проекти, обуки, семинари, програми кои се реализираа во основните и средните училишта во Република Македонија. Формирањето на „Лабораторија за мир и интеркултурна соработка“ при Филозофскиот факултет во Скопје, беше сериозен почеток на активности во насока на сензибилизација за едукација за мир. Програмските содржини бараа и луѓе и институции кои ќе ги реализираат следат и развиваат комуникациски вештини и приоди за справување со конфликти.

Се интензивира соработката со училиштата, пред се со психолозите, педагозите, социолозите, социјалните работници, но не помалку беа активностите поврзани со наставниците и родителите во основните училишта.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Проблемите од комуникациска природа, а кои се рефлектираат во манифестирано насилство (тепање, кршење и уништување на општествен имот) како и зголемен број на конфликти, субкултурен говор, неприлагодено однесување кај учениците, отсуство на мотив за постигнување, нарушени меѓучовечки односи, и покрај сите организирани обуки за подобрување на вештините, сепак е резултат на слабо водство.

Останува препорака за потрага и определување на приод за превенција и решавање на конфликтите, преку подобрување на комуникацијата кај сите учесници во образовниот процес, а пред се подобрување на вештините кај професионалниот кадар во основните и средните училишта. Вештините да бидат пренесени низ образовната пракса која е основа за подобрување на квалитетот на комуницирање како и справување со конфликти. Подолгорочна цел е воведувањето на содржини во воспитно образовниот процес за учениците од подготвителна година до завршување на средно образование, а секако и во високообразовните институции кои во основа подготвуваат воспитно образовен кадар.

Еден обид за подобрување на комуникациите како и за превенција на конфликтите беше проектот,, Приоди кон визуелно размислување,, преку која се поттикнуваше развој на вербалниот фактор кај учениците, сензибилизација за постоење на различни точки на гледање, размислување и искажување, што е основна вредност за превенција на конфликтите од интерперсонална природа.

Добар обид за внесување на активности во рамки на програмата од прво одделение од деветтолетка до четврто одделение, преку предметот “Животни вештини” кој се реализира во основното образование во одделенската настава. Образование за животни вештини, во основа, значи, на сите деца, без оглед на потеклото и способностите, да им се овозможи стекнување на вештини кои ќе им помогнат да практикуваат здрави облици на однесување и одбегнување на се што претставува закана за нивното лично, емоционално и социјално здравје. Специфично за програмата за образованието за животни вештини е следното:

- Внесување на промени во однесувањето преку стекнување на определени знаења, ставови и вештини за практикување на здраво однесување,
- Користење на партиципативни методи на учење и поучување, што ги прави децата активни учесници во процесот на учењето,

Како најважни животни вештини според Светската здравствена организација се сметаат следните:

- Свест за себе, што подразбира, свест за сопствените вредности (самодоверба, позитивна слика за себе, свест за сопствените слабости (реална слика за себе),
- Свест за правата и одговорностите, јасна слика за вредностите и мотивираност и грижа за себе си,
- Комуникациски вештини - ефективна и соодветна вербална и невербална комуникација, способност за изразување, асертивност, активно слушање, способност за преговарање,
- Вештини за донесување на одлуки - со полна свесност за факторите што влијаат врз мислењето и изборот, засновани на точна проценка на ситуацијата, поставување на реалистични цели,
- Креативно мислење - активно учење, изнаоѓање на алтернативна можност,
- Справување со емоции - препознавање на емоциите кај себе и кај другите, справување со фрустрации,
- Емпатичност - грижа за другите, толеранција на разлики,
- Интерперсонални вештини- соработливост, подготвеност за тимска работа,
- Вештини за решавање проблеми- идентификување на проблеми и причините за нивното јавување, подготвеност за групно решавање проблеми,

- Критичко мислење - спознавање на социјалните и културните влијанија врз ставовите, вредностите и однесувањето, свесност за нееднаквост, неправда и предрасуди,
- Справување со стрес, справување со ситуации на кои не може да се влијае - справување со стресни ситуации.

Кога се работи за животни вештини, не е доволно да се определи кои се вештините кои треба да ги совладаат децата, учениците, туку од особена важност се методите кои ќе се користат. ***Начинот на поучување е исто толку важен како и содржината која се учи***. Тука клучната улога ја има наставникот како водач кон промените. Тоа значи дека потребна е подготовка на наставниците за спроведување на програма од оваа област.

## 3. Дефинирање на теоретски модел

Во воспитно-образовниот процес наставникот ја има клучната улога во процесот на намалување и надминување на стереотипите и предрасудите. Со практикување различни заеднички активности, во кои преку интензивна соработка, дружење и интеракција меѓу учениците со различни културни припадности се запознаваат меѓусебно со различните карактеристики на културите, ги согледуваат сличностите и ги почитуваат постојните културни разлики. Притоа, во самиот директен контакт, кога учениците соработуваат во создавањето заеднички конкретен продукт, бариерите меѓу нив паѓаат. Кога им се овозможуваат на учениците добри услови за комуникација и соработка, не постои никаква пречка за заедничко дружење, пријателство и функционирање како група ученици, а не како група според етничката припадност. Само во такви услови за учениците водени од интеркултурно сензибилизирани и обучени наставници, возможно е постепено да се рушат стереотипите и предрасудите, да се надминува присутниот паралелизам и успешно да се спроведува интеграцијата во образованието.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Учениците треба да се едуцираат да ги променат стереотипите и да ги надминат предрасудите, а за тоа, покрај нивните родители, се одговорни и нивните наставници. Учениците треба да се поучуваат да развиваат емпатиски чувства и да ја надминат системската дискриминација и да искажат став против каков и да е вид дискриминација и предрасуди. На пример, учителката или воспитувачката мора да интервенира доколку некои деца, поради извесни предрасуди, не прифаќаат некои други деца во својата игра. Затоа, најдобро е да воспостават правила од типот: „Секој заслужува и почит и сочувство. Нема да му дозволам никому да ве повреди и нема да дозволам да повредите некого‘‘. За да функционира правилото, може да се јави потреба наставникот да асистира во разјаснувањето на комуникацијата помеѓу децата.

Понекогаш предрасудите можат да бидат стопени во општествениот живот и да не се забележуваат. Наставниците и воспитувачите се тие што, покрај родителите, треба да ги научат децата да живеат во мултиукултурни средини. Всушност, наставниците и воспитувачите треба да ги градат и да ги засилат во исто време  мултикултурните капацитети кај децата. Првенствено, тие самите треба да претставуваат модел за почитување на децата што се различни, како и во своите програми да вклучуваат студии на случаи, приказни, раскази, социодрами и сл. што третираат различни културни, етнички или, пак, јазични прашања. Тоа значи дека наставниците треба да ги поддржуваат потребите на сите деца и, што е од особено значење, да дејствуваат спротивно на предрасудите што во нашето општество се силно изразени кон други луѓе, поради: полот, возраста, изгледот, бојата на кожата, сексуалната ориентација или религиозното определување. Затоа, поучувањето на децата да ги прифаќаат разликите меѓу луѓето треба да биде исто толку важна задача колку што е поучувањето на децата во читањето, пишувањето и сметањето.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 4. Заклучок со насоки

Улогата на водството има значајно влијание во создавањето на средина која постојано учи. Со својот приод и личен пример водачот , постојано се надоградува, ги поучува и поттикнува на учење колегите и сите вработени во образовната организација. Со креирањето на модел на ефикасна образовна средина во рамките на мултикултурните заедници и како заедниците кои не се со мешан етнички состав, се влијае на подигнување на свесноста за различностите, како и за трагањето по заедничка основа со која ќе се подобри културата на комуникација и взаемната поддршка, соработка и градење на бзаемна доверба.

Освен личните карактеристики и стекнатото знаење преку формалното образование, еден водач/наставник, треба да ги развива своите вештини на комуникација за работа со учениците.

Секое воведување на промени е проследено и со отпор кон промените, без оглед на тоа колку се важни и позитивни промените за поединецот, заедницата и општеството. Заради намалување на отпорот, од особена важност, односно неопходно е промовирање, објаснување, аргументирање на потребата од воведувањето на промените. Исто така и воспоставување на дијалог со учесниците во процесот на спроведување на промените. Да се воспостави постојана двонасочна комуникација за постојано подобрување и взаемна полза. Тоа ќе ги мотивира учесниците во процесот, луѓето кои живеат едни покрај други со своите вредности, да не ги доживеат промените како наметнати „од горе„ туку како дел од сопствените потреби за подобрување на животот во заедницата. Квалитетот на активностите и очекуваниот исход се правопропорционално зависни од воспоставувањето на систем од двонасочна комуникација.

За воведувањето на промените во областа на меѓуетничката интеграција, образованието има најсилно и интензивно влијание. Особено е значајно влијанието врз формирањето на личностите на децата и младите, ги воспоставува основите на движењата и перспективите низ животот, а особено во справувањето со различностите. Во историјата

на овие простори, постојат природни модели на живот заеднички помеѓу различните етнички заедници кои имаат свои корени во Република Македонија. Приодот на воспоставување на меѓуетничка интеграција во едно мултикултурно општество, пред се' вклучува воспитување за осознавање и почитување на сопствените вредности и взаемно почитување на вредностите на другите, различните кои се втемелени како вредности. Да се вградат содржини во системот на образование, во сите степени, во плановите и програмите, во целокупната стратегија за образование, во функција на стекнување на знаења на ниво на примена.

Образовните организации и институции имаат и обврска и мисија да влијаат на опкружувањето и на општествениот контекст преку креираните стратегии и приоди. Република Македонија е пример за углед во пошироки рамки, како се креира и имплементира Стратегија за мултикултура како основа за развој на граѓанско општество во кое секој граѓанин ќе биде удостоен со чувство на припадност на заедницата.
ектира во опкружувањето.

Со овој труд уште еднаш се потврди улогата на лидерството во креирањето на ефикасна образовна средина, влијанието на позитивните карактеристики стекнати на обуките и тренинзите, со кои во мултикултурните заедници се нагласени влијанијата врз меѓусебното разбирање, взаемната поддршка и развој на индивидуално ниво, на опкружувањето и на пошироката заедница.

## 5. Користена литература

1. Адижес Исак: Овладување со промените, Детра,Скопје,1994
2. Петковски К. и Алексова М.: Водење на динамично училиште, Биро за развој на образованието, Скопје, 2004
3. Петковски К. и Пеливанова Г.: Предизвици на современото лидерство во образованието, Херакли Комерц, Битола, 2009

4. Петковски К.: Водството и ефективната комуникација, АД Киро Дандаро, Битола, 2000
5. Петковски К. и Јанкуловска П.: Деловно комуницирање, ИРИС- Р, Струга, 2006
6. Петровска-Бешка, В.: КОНФЛИКТИ, што претставуваат и како се разрешуваат, Скопје: Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј„, 1995
7. Кава Р.: Како да излезете на крај со непријатните луѓе, Наша култура, Скопје,2007
8. Карнеги Д.: Психологија на успехот – лидерството во вас, Наша книга, Скопје, 2008
9. Арнаудова В. Нацева Б. Радевска Ј. Илиевска Дамчевска В. (2000) “*Приоди кон визуелно размислување”*- прирачник за ментори БРО, Скопје
10. Бешка, В.П. (1995) *Конфликти/Конфликтет* ,Филозофски факултет,Скопје
11. Викс, Д.(1998) *Разрешување на конфликти*, БЦМ, ФФ,Скопје
12. Веинрајт, Г.Р. (2002) *Говор на телото*, Силсонс, Скопје
13. Георгиева Л.(2004): Превенција на конфликти: Од идеја до култура на превенција на конфликти во Македонија,ФЕС.
14. Георгиева Л.(2007): Творење на мирот: Мирот, безбедноста и конфликтите по студената војна, ФФ, Југореклам, Скопје
15. Гоцевски Т. Ортаковски В. Георгиева Л.(2000): Решавање и трансформација на конфликтите, Македонска ризница, Куманово
16. Петковски, К. (2000) *Водството и ефективната комуникација*, Киро Дандаро, Битола
17. Петковски, К. Алексова, М.(2004) *Динамично училиште*, БРО, Скопје
18. Шкариќ, М.О. Herman, Т. Марковска С. Адамчевска,С (1995) Толеранција и чувство на припадност, Балкански центар за проучување на мирот, Филозофски факултет, Скопје
19. Шкариќ М.О. (2007), Ненасилна трансформација на конфликти, Филозофски Факултет , Скопје

20. Raider, V. & Coleman, S. (1995) Разрешување на конфликти, Стратегии за колаборативно решавање на проблеми, Texas LEADership Center/ PREK, BCM, FF, Skopje
21. Tomic, Z. (2003) *Komunikologija*, drugo izdanje, Beograd
22. Janicievic, J. (2000) *Komunikacija i kultura*, I.K. Zorana Stojanovica, Novi Sad
23. Erčulj, J. & Vodopivec, I. (1999) *S komunikacijo do ciljev*, Ljubljana: Šola za ravnatelje
24. Blankenship, J. (1972) *Public Speaking A Rhetorical Perspective*, New Jersey: Prentice-hall, Inc.
25. Holtzman, P. D. (1970) *The Psychology of Speakers' Audiences,* Glenview, Ill.: Scott, Foresman &Company.  str. 68
26. Bryant, D. & Wallace, K. (1969) *Fundamentals of Public Speaking*, New York: ACC Meredith Corporation.
27. Wallace, K.R. (1970) *Understanding Discourse*: *The Speech Act and Rhetorical Action*, Baton Rouge: Louisiana State University Press
28. Horton, J. (1995) *Integrating Corporate Communication for Organizational Goals.* Dostapno na: HYPERLINK "http://www.online-pr.com/Strategic"http://www.online-pr.com/Strategic 20Comm 20Course/integratedcommsyll1.html Basic Guide to Conducting Effective Meetings - Dostapno na: http://www.mapnp.org/library/misc/mttgmgmnt.htm
30. Meeting Management – Communications (Writing). Dostapno na: http//www.mapnp.org/library/commskls/com
31. Pecek, P. & Trtnik-Herlec, A. (2004) *Lugeto vo organizacijata*, Brdo pri Kranju: Šola za ravnatelje
32. An Agenda for Peace –Preventive diplomacy, Peacemaking and Peace-keeping". Report of The
33. Secretary general on the work of the Organisation Adopted by the Security Council, A/47/277, June, 1992

34. Ackermann, Alice (2000). *Making Peace Prevail: Preventing Violent Conflict in Macedonia*.
35. Syracuse, NY: Syracuse University Press.
36. Bruce W. Jentleson, ed. *Opportunities Missed, Opportunities Seized: Preventive Diplomacy in the*
37. *Post-Cold War World*, pp. 3-20. Lanham, MD: Rowman & Littlefield.
38. Георгиева Л.: Превенција на конфликти: Од идеја кон култура за превенција на конфликти во Македонија; Фридрих Еберт, Скопје 2004

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# CONFLICT PREVENTION WITH A MODEL OF INTERACTIVE, CONFLICT PARTNERSHIP

PhD Vesna Damcevska Ilievska

vdamil@yahoo.com

## Abstract

Through different experiences, during their whole life, people are developing communication skills. Very often, that naturally reached level is not enough. Particularly when the person choses a profession which demands skills for effective communication and this is a case in every organization. The lack of communication skills can be a reason for communication break which might escalate in conflicts and destroy the climate in the organization.

It is important to know that the communication skills can be learnt regardless of the age of the person, but it is highly recommended to start learning them at early ages. Besides the positive experiences and feelings that human differences can bring, they can also create risks and stimulate negative tendencies from the environment, thus the need for sensitivity and ability in people. Sensitivity, as one source of ideas for initiating social, emotional and intellectual climate for good communication.

Ability, as an instrument for creation of conditions for educating tolerance of different opinions, speech and values. The inspiration for realization of this paper came from the need in our society to find a model of non-violent communication, especially in these modern times, while emphasizing the importance of tolerating differences.

**The model of interactive - conflict partnership** was designed for the purpose of this research and was applied to teachers from several elementary schools. The first practical results have been shown in one of those elementary schools. This model has been implemented in the **Program for preparation and education of future Directors of elementary and high schools**, where the author of this paper was also a co-author in the Program modules.

**Keywords**: communication skills, awareness of tolerance, escalation of conflicts, sensitivity.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# ПРЕВЕНЦИЈА НА КОНФЛИКТИТЕ СО МОДЕЛ НА ИНТЕРАКТИВНО, КОНФЛИКТНО ПАРТНЕРСТВО

Д-р Весна Дамчевска Илиевска

vdamil@yahoo.com

**Апстракт**

Во текот на животот, човекот ги развива своите вештини за комуницирање, како што знае и умее. Многу често, тоа не е доволно, особено кога се одбира професија која бара вештини на ефективно комуницирање. Непознавањето на вештините на комуникација може да биде основа за прекин на комуникацијата и за ескалирање на конфликти кои можат да ја нарушат климата во една организација. Комуникациските вештини може да се научат, без оглед на која возраст се учат, најдобро е што порано да се започне.

Различностите помеѓу луѓето освен пријатни искуства и чувства стимулираат ризици, негативни тенденции од околината, заради тоа потребни се сензитивноста и умеењето. Сензитивноста како извор на идеја за поттикнување на социјална емоционална и интелектуална клима за добра комуникација. Умеење како инструмент за создавање на услови за едукација за толеранција на различност на мислење, говор и вредности.

Инспирацијата за реализирање на овој труд се наоѓа во потребата за изнаоѓање на модел на ненасилно комуницирање во современи услови на живеење, со нагласена свесност за толеранција на различности.

**Моделот на интерактивно конфликтно партнерство** дизајниран за потребите на ова истражување применет кај наставниците од основното училиште во кое се реализираше дел од истражувањето ги покажа и првите резултати во практиката. Овој модел е имплементиран во Програмата за подготовка за директори на основни и средни училишта, каде авторот на трудов е коавтор на модулите.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

**Клучни зборови**: вештини на комуникација, свесност за толеранција,ескалирање на конфликти,сензитивност.

## 1. Вовед

Промените на полето на општествено економските состојби, како и развојот на техниката и технологијата, извршија силни влијанија на потребата од промените во начинот на работење и комуницирање. Користењето на информатичката технологија во сите сфери на општественото живеење, ја наметна потребата од поттикнување на развој на вештините на комуникација кај менаџерите како и кај вработените во сите организации особено кај образовните. Особено се очекува подигната самодоверба, сигурност и самостојност во донесувањето на одлуките, отвореност за промени и развој, креативност во реализирањето на новите програми, промовирање и поттикнување на корисни идеи и иновации, како и добро подготвена стратегија за креирање на квалитетна комуникација со сите кои партиципираат во образовниот процес. Ова секако подразбира перманентно образование за подобрување на знаењата и вештините за справување со современите проблеми и потреби. Во овој контекст се наметнува прашањето како да се поттикне индивидуалниот развој и креативноста,  да се промовира и реализира континуиран позитивен приод на менување на се себеси и околината.

Поаѓајќи од фактот дека основното училиште па потоа средното се најзначајните агенси на социјализацијата, заради тоа е потребно да се направи обид да се најде простор за едуцирање во таа насока.

***Проблем*** **во ова истражување е прашањето:** Дали може да се превенираат конфликтите со подобрување на вештините на  ненасилната комуникација, преку  обука со наменски дизајнирана програма под наслов: ,, Модел на интерактивно, конфликтно партнерство,,  која во основата на методологијата ги има поттикнатите дискусии околу проблемите во интерперсоналната комуникација.

Со анализите на стратегиите за превенција на конфликтите и на градење на мирот се отвораат бројни прашања за пред-конфликтниот и пост-конфликтниот период, за превенцијата на конфликтите како и за парадигмата за современите конфликти. Гледано од теориски аспект постојат бројни различни размислувања и прашања во смисла:

- Дали современите конфликти можат да се решат и да се намалат потенцијалите за насилно конфликтно однесување? или
- Дали современите конфликти можат да се трансформираат, а конфликтните актери ќе се согласат со заедничко решение;
- Дали конфликтот може да се превенира?

Целта на овој труд е да укаже дека превенцијата како пристап или како стратегија може да биде поефикасна од интервенцијата. Во таа смисла превенцијата се дефинира како долгорочна стратегија која претставува составен дел на градењето на мирот. Превенцијата најнапред треба да ги отстрани потенцијалите и причините за насилно однесување, потоа да спречи повторно појавување на насилството во било каков облик.

Во секој случај клучно е превенцијата да стане редовна активност на многуте општествени, владини и невладини актери и културата на интервенција (или неинтервенција) да се замени со култура на превенција, особено да стане содржина на воспитно образовниот процес на сите нивоа.

## 2. Трансформација од насилство во општеството во демократска и култура на мирот

Во ова истражување опфатени се групи од по 20 учесници, наставници од ОУ„Живко Брајковски" Скопје, 20 наставници од ДСУ„ Георги Димитров„ Скопје и 20 студенти на постдипломските студии по мир и развој при Универзитетот Свети Кирил и Методиј во Скопје , пред почетокот на секоја обука се применија инструментите и по завршување на обуката.

Постапката при истражувањетоза кое говори овој труд опфаќа неколку различни групи на активности.

**Резултатите покажаа** дека, се зголеми сензитивноста за важноста од примената на комуникациските вештини и вештините на справување со конфликти, во воспитно образовниот процес, на сите образовни нивоа и во сите институции.

Програмата МИКП ( Модел на Интерактивно Конфликтно Партнерство) се покажа како стимулативна и инспиративна за поттикнување на промени на ставовите кај возрасните што е практично многу комплексен процес, сепак поттикнувањето на размислување за сопствените постапки и искуства, самоперцепирањето и самопроценувањето, влијаат на таквите промени, кои се клучни за прифаќање на промовираните вештини и нивната примена во работата со луѓе.

Тоа што постои висока корелација помеѓу претестот и постестот, секако пред се се должи на релативно краткиот период помеѓу двете мерења и секако тенденцијата да се дадат одговори кои се социјално попожелни и понепроменливи, под било какви влијанија.

Поттикнатите дискусии на крајот од секоја тема, во кои се бараа рефлексии за наученото, говорат во прилог на соочувањето на испитаниците со сопствените слабости, што рефлектираат негативни последици во окружувањето, а посебно во работењето.

Безрезервно е поддржан стилот на реализирање на програмата и потребата од подолготрајни и посложени обуки кои ќе дадат поголем квалитет во постигнувањетона целите и исходите.

## 3. Насоки за креирање на модели на едукација за ненасилна комуникација

Во креирањето на моделите на едукација, би било добро, одбраните теми да дадат повеќе можности за личното доживување и да поттикнат потреба за споделување на претходните искуства на учесниците, исто така темата би било пожелно програмата да содржи информации и активности што на некој начин им се познати на сите заради

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

ослободување на учесниците, охрабрување да говорат пред другите за своите слаби и јаки страни, да има логичен тек на прашањата и нивните цели кои мора да им бидат јасни на учесниците, значи упатствата и воведувањето во активностите да бидат јасни, недвосмислени.

Начинот на избор и дизајнирање на содржините на темите мора да им даде еднаква можност на сите за да се вклучат рамноправно - дури и за темите за кои вообичаено се расправа на академско ниво можат да бидат поставени на тој начин за да можат сите да ги внесат своите искуства и да го изнесат сопственото мислење;

Секој учесник има свој поглед на темата на која се работи, со тоа што би требало да биде поставена колку што е можно лично и колку што е потребно да биде генерализирано;

Поставувањето на темата не би требало да ги сугерира крајните резултати од работата, при што важна улога игра изборот на зборови на водачот на работилницата, воведниот дел на работилницата би требало да понуди доволен материјал за влез во групната работа, воведот истовремено силно ја одредува и длабочината која ќе биде достигната во групната работа темата би требало да даде простор на учесниците да испробаат различни нешта и да експериментираат, без притисок дека мора да се пронајде "точно решение", истовремено нудејќи сигурен простор за изразување на чувствата.

Изборот на методите кои бараат компатибилност на вербалната и невербалната комуникација и креативност може да даде поттик на оние кои се воздржани да се изразат кај невербалната комуникација и на тој начин да "стекнат свое место" во групата.

Користењето на невербалните методи (на пр. Театарот на статуи или скулптурите) кои го вклучуваат "телото" преку движење и кои се концентрираат на изразот на чувствата, исто така го поттикнуваат развојот на свеста за групата и ги открива квалитетите кои во групната работа на прв поглед не биле воочливи.

За обработката на темите би требало да содржи елементи кои се занимаваат со можностите за промена на досегашните ставови или воочени однесувања кај себе и кај другите и на тој начин да бидат ориентирани кон иднината. Важни прашања се: Што

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

сакам? Како може да се постават поинаку? Резултатите од обработката на темата зависат во голема мера од начинот на нивната обработка, дури и кога се поставуваат потполно исти прашања. Работата во мали групи овозможува полесно да се вклучат оние кои се воздржуваат од зборување пред целата група, полесно се создава атмосфера на доверба, која е посебно потребна кај чувствителните теми.

Работата во пленарни дискусии дозволува вклучување на повеќе различни мислења кои може да дејствуваат инхибициски на многу, од причина дека не се сака да се повторува "веќе кажаното", или едноставно постои страв од зборување пред целата група од причина на недостаток на доверба, т.е. сопствено чувство на несигурност;

Поставувањето на темите само во вид на прашања чиј одговор не мора да содржи лично искуство, може да води на ниска интеракција на групата и ориентирање на интеракцијата тренер-група, во која лесно може да се помине на барање "точен одговор"; Прашањата би требало да се фокусираат на можноста за промена на состојбата кон она за што тежнее групата, а не само да се критикува она што ќе се искристализира како причина за состојбата на нештата кои ги карактеризираме како негативни;

Избраните вежби се во функција на темата, а не цел сами за себе, тие служат за доживување на основата кон која се приближуваме на темата, помагаат да ја разбереме (преку интеракција), анализираме, го дефинираме сопствениот став и од тоа извлекуваме можности за промена;

Преку интеракција во групата и во спроведувањето на вежбите, се будат искуства од минатото и ги освестуваат моделите на однесување кои се јавуваат и сега, истовремено барајќи нови форми на однесување кои би биле во иднина применливи;

Личниот придонес на тренерот по пат на лични изјави, може стимулативно да влијае на работата на групата, доколку остава доволно простор за други мислења и доколку нема сугестивна сила која би можела да ја задуши дискусијата на учесниците. Премногу лични изјави во групата во која се уште се нема стекнато доверба, може исто така да предизвика блокада на групата; жестокиот пристап спрема осетливите теми може

да предизвика отпор во групата, при што би требало да се задржи флексибилноста во спроведувањето на работилницата и евентуално да се тематизира баш тој отпор.

Поттикнувачките прашања упатени на целата група, а поврзани за темата, можат да ја насочат групата на конструктивни активности и да поттикнат љубопитност; Од особена важност е да се анимира целата група на активна работа, но при тоа да се избегнува вршење притисок на поединци да се "изјаснат"; Молчењето во групата може да има свој квалитет и место во работилницата, тоа истовремено може да биде поттикнато од страна на тренерот , наместо "полнење" на тишината со зборови; Начинот на изразување и користење на разбирлив, едноставен говор разбирлив за сите го олеснува поттикнувањето на дискусија на темата.

Поставувањето на прашања што упатуваат на конкретни активни промена може да ја поддржи подготвеноста за акција, наместо релативизирање (што сакаш? наместо што би требало?).

Вербалниот вовед од страна на тренерот треба да биде концизен и евентуално визуелизиран преку користење ѕидни весници, слајдови, презентации за да се фиксираат важните точки;

Краткиот вовед во темата им помага на учесниците да се потсетат што во програмата, давајќи им дополнително објаснение зошто таа тема е релевантна и на кој начин се надополнува на дотогаш сработеното (тренерскиот тим во самиот почеток е продлабочен во темата, додека на учесниците им е потребно време да ја прифатат).

Концентрацијата која може да содржи емоционална евалуација и тематска евалуација (што значи тоа во контекст на темата), од кои тематски може да биде на крајот на работилницата како вкупна евалуација.

Во литературата досега најчести термини кои се наведуваат како причини за конфликтите се разноликоста и разликите. Како човечки суштества се разликуваме меѓу

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

себе во перцепциите, потребите, вредностите, моќта целите, желбите, можностите како и многу други компоненти кои произлегуваат од човечката интеракција.

Разноликоста е здравиот аспект на човековото општество. Разноликоста може да ги отвори можностите, да нî предизвика да ги согледаме алтернативите и да не ни дозволи да стагнираме. Разноликоста треба да ја славиме, а не да се плашиме од неа или пак да ја гледаме како закана. Конфликтите се составен дел на секојдневниот живот, неодминлива појава во меѓучовечките односи, во семејството, во соседството на работното место... Искуствата говорат за различни извори на конфликти некои настануваат заради обично несогласување, различните духовни и културни вредности помеѓу припадниците на различни етнички, верски или други заедници, спротивставени интереси, нетолеранција на различност во размислувањето и искажувањето на сопствените или туѓите интереси и потреби, секако и заради незадоволени потреби.

Со презентирањето на техниките и вежбите предвидени во оваа тема сметаме дека ќе придонесеме во зголемување на сензитивноста и ефикасноста во одбирањето и примената на вештини за справување со проблемите и конфликтите.

**Моделот на интерактивно конфликтно партнерство** дизајниран за потребите на ова истражување применет кај наставниците од основното училиште во кое се реализираше дел од истражувањето ги покажа и првите резултати во практиката. Имено настабвата во училиштето се одвива на македонски и албански наставен јазик. Во период од 15 години се работи во иста смена со повремени наменски дизајнирани активности во кои има комуникација меѓу децата.

Во текот на учебната 2008/09 кога се реализираше и обуката на наставниците, авторот на трудот иницираше дијалози за организирање на заедничка прослава на полуматура. Најнапред беа согледани придобивките за сите во придонесот за посакуваното решение на задоволство на сите. Обучените наставници ги применуваа вештините на МИКП кои авторот на трудот имаше прилика да ги воочи во процес на

преговарање организиран и реализиран во соработка со наставниците учениците и нивните родители.

## 4. Поттикнување на формирање на училишни центри за соработка ненасилство и култура на мирот

Кога се говори за едукација за мир, неодминлива е сензибилизацијата и стекнувањето на знаења и вештини за специфични облици на однесување и комуникации. На пример стекнување со вештини за активна толеранција, справување со негативни емоции и ненасилни облици на поведение во интерперсоналните релации. Од особено значење е едукацијата за мир на учениците и сите чинители на воспитно образовниот процес, да бидат поучувани за примена на вештини за мирно решавање на конфликти со разговори, дијалози и компромиси. При тоа да бидат совладани вештините на однесување при расправии, со што би превенирале поголеми негативни реакции и штетни последици, омраза, одмазда, насилство. Едуцираните би биле промотори на овие вештини, со што ќе се придонесе во културата на комуникација во една заедница, како и градењето на мирот во општеството.

Други важни аспекти на едукацијата за мир е градењето на капацитети на општеството, во функција на превенција од војни. Војните се насилни методи во спорови од големи размери, помеѓу групи кои сакаат да владеат на одредена тертиторија. Се поставува прашање, какво образование и воспитување е потребно за поединците со своето однесување да не им дадат поддршка на насилствата и војните?

- Едукацијата за мир, мора да започне во првите години од образованието на децата, да учат, да научат за да знаат и применат знаења и умеења за различностите во своето окружување,
- Да знаат за својата земја и за другите земји во светот, култура, обичаи, религии, мислители, јазици, глобални проблеми со кои се соочува целокупната светска

заедница, да научат дека, освен што припаѓаат на својата земја, тие се припадници и на светската заедница,

- Кај децата и младите да се развива критичко и креативно размислување за знаења што ги добиваат од другите луѓе. Во исто време треба да се подучуваат на толеранција и отвореност спрема гледиштата на другите луѓе. Значи, треба да се учат критички да размислуваат.
- Сите учесници во воспитно образовниот процес, да се поучуваат на одговорност за сопственото однесување, морал и етика.
- Во процесот на едукација да се подучуваат учесниците дека, најлошо е со примена на насилство да се доаѓа на посакуваната цел. Во одредени моменти, човекот има можности, со примена на сила да го изнуди од некого тоа што го сака, но треба да размисли, како би му било некој друг да ја има таа моќ над нас. Треба да се настојува другите луѓе да ги уверуваме со аргументи, но никогаш да не применуваме насилство над другите.
- Да се научи дека, мора да се размислува за правата и потребите на другите луѓе, а не само на сопствените желби, како и на тоа дека никој не бира кога и каде да се роди. Дали ќе биде хендикепиран или надарен, какви родители ќе има. Затоа оние кои имаат повеќе среќа, треба да им помагаат на тие што имаат помалку среќа.
- Да осознаат дека се припадници на големата светска заедница на сите луѓе. Дека сите слуѓе се припадници на одредено семејство, етничка група, држава, а исто така сите луѓе сме припадници на целокупниот човечки род. Сите сме граѓани со граѓански обврски спрема целокупната светска заедница. Треба да се видат себе си како граѓани на планетата земја и да бидат лојални спрема целиот човечки род.
- Наставно воспитниот кадар во образовните организации треба да поттикнуваат љубов кон сопствената земја, кон вредностите и целокупното битие, како и развивање на свесност за припадност кон целокупниот човечки род и целиот свет.

- Еден од најважните фактори за војна е национализмот, кој се изразува освен со љубов кон сопствената заедница, национална, верска, и со омраза кон другите, различните. Таквиот национализам е штетен за секого. Не носи прогрес и развој, туку духовен отров, кој бара процеси на прочистување на духот и умот. За тоа е потребна едукација како превенција и лек за поединецот и општеството.
- Да се научи дека не е можно да се менува минатото, тоа што вече се случило, што било, поминало. Минатото може да се познава, но не може да се менува. Прв чекор е поставување на прашањето: - Што треба да се направи, заедно за да имаме подобра иднина. Како да си помогнеме еден со друг, взаемно, како да стасаме до таа цел?
- Да се научат да бидат оптимисти, да се насочи вниманието кон тоа што може да се направи за да се подобри целокупната состојба, без оглед на моменталната состојба,

  Така што, да се постави прашањето: - Што треба, што може да се направи за да се дојде до исход победа/победа, за да нема победници и губитници.

Од овој приод се очекуваат следните ефекти:

- Подигнување на квалитетот на воспитно образовната дејност
- Подобрување на успехот на учениците
- Подобрување на поведението на учениците
- Подобрување на условите за работа
- Поинтензивно вклучување на родителите во работата на училиштето
- Пријатна училишна клима, релаксирани меѓучовечки односи и афирмација на квалитетот на училиштето и во пошироката поштествена заедница,

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 5. Применети инструменти

Секое од подолу наведените тврдења претставува одреден став или мислење кое може да го имаат луѓето. Во врска со овие тврдења не постојат точни или погрешни одговори. Внимателно прочитајте го секое тврдење и со заокружување на еден од понудените значи означете го **степенот на вашето согласување или несогласување со него**

| ТВРДЕЊА | сосема се согласу-вам | делумно се согласу-вам | не можам да одлучам | делумно не се согласу-вам | воопшто не се согласу-вам |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Не би се чувствувал обврзан да го изработам својот дел во некоја заедничка работа ако сите останати во групата се покажат мрзливи. | ++ | + | ? | - | - - |
| 2. Кога човек целосно е преокупиран со некоја важна работа не треба да се обвинува ако е нечувствителен спрема оние околу себе. | ++ | + | ? | - | - - |
| 3. Кога некој кон мене се однесува лошо не се чувствувам обврзан кон него добро да се однесувам. | ++ | + | ? | - | - - |
| 4. Кога човек навистина се труди и вложува напор за постигне нешто, по извесно време станува оправдано се што ќе направи. | ++ | + | ? | - | - - |
| 5. Не можеш да ги обвинуваш луѓето кои | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| во основа се добри ако околностите ги принудиле да бидат безобѕирни спрема другите. | ++ | + | ? | - | - - |
| 6. Кога ќе сфатиш колку му е тешко на вредниот и чесниот човек да напредува во работата, полесно е да се помириш со измамите што секојдневно се прават кај нас. | ++ | + | ? | - | - - |
| 7. Човек понекогаш во животот може да се најде во ситуација кога никако не може да ги контролира своите постапки кон другите. | ++ | + | ? | - | - - |
| 8. Ако се има предвид колку многу притисоци денес се прават за школските оценки и колку многу измами се случуваат во училиштата, некој кој повремено ќе излаже нешто не прави некоја голема грешка. | ++ | + | ? | - | - - |
| 9. Не би бил многу загрижен во случај некого да повредам ако знам дека сум имал добри намери. | ++ | + | ? | - | - - |
| 10. Не можеш да очекуваш од поединецот да се однесува многу поинаку од другите. | ++ | + | ? | - | - - |
| ТВРДЕЊА | сосема се согласу-вам | делумно се согласу-вам | не можам да одлучам | делумно не се согласу-вам | воопшто не се согласу-вам |
| 11. Нема смисла да обрнуваме многу | | | | | |

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| внимание на тоа како се однесуваме кога сме болни или нерасположени. | ++ | + | ? | - | - - |
| 12. Не можеш да го обвинуваш продавачот што е нељубезен и груб на крајот од неговиот работен ден. | ++ | + | ? | - | - - |
| 13. Кога невнимателно би скршил некој апарат, би се чувствувал помалку виновен ако тој претходно веќе бил оштетен. | ++ | + | ? | - | - - |
| 14. Кога имаш работа преку глава невозможно е да водиш е да водиш сметка за тоа дали си им ги задоволил интересите на сите. | ++ | + | ? | - | - - |

## 6. Прилози

Интервју за приодите во справување со проблеми во интерперсоналната комуникација

1. Како ја оценувате комуникацијата помеѓу луѓето во Вашата организација:

а) соработката

1--------------2----------------3----------------4---------------------5

б) меѓусебна доверба

1--------------2----------------3----------------4---------------------5

в) професионална поддршка

1--------------2----------------3---------------4---------------------5

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

г) пријателство

1------------- 2 --------------  3 ------------- 4 -------------------- 5

2. Како приоѓате во ситуација  кога сте сведок на проблем во комуникација помеѓу две спротивставени страни:

   A. си ја гледам мојата работа, се однесувам како ништо да не се случува

   B. им приоѓам со корисни предлози за решение на проблемот

   C. ги укорувам за начинот на кој си се обраќаат меѓу   себе

   D. се обидувам да дознаам од двете страни во што е проблемот

3. Што е карактеристично за комуникацијата помеѓу луѓето во Вашата организација

( гледано од аспект на размена на актуелни и важни информации во врска со процесот на работа) :

A. информациите се ретки ненавремени, непотполни и несоодветни

B. понекогаш се свикуваат состаноци за еднострано информирање

C. често се состануваме за размена на корисни информации за работата

D. редовно се одржуваат осмислени состаноци на кои се информира и

се решаваат проблеми

4. Како реагирате на директна навреда упатена на Вашата личност:

A. возвраќам со ист тон

B. се правам како да не сум слушнал

C. прашувам гласно што е причината за такво обраќање

D. навестувам постапка за санкционирање на навредата

5. Какви се резултатите, ефектите, од Вашиот пристап во справувањето со проблемите на работното место:

A. другите секогаш успеваат да ми се наметнат за да попуштам

B. поважно ми е секој да е задоволен од решението, отколку лично да победам

C. се наметнувам со моите идеи и воглавно победувам

D. мојот збор е последен, успевам да се наметнам без да се нервирам за чувствата на другите

6. Што би издвоиле како добра пракса во приодот за справување со проблемите помеѓу луѓето:

A. подалеку од расправии и кавги

B. нападот е најдобра одбрана

C. со дискусии до решение на проблемот

D. во моќта е правдината

7. Како најчесто се однесувате кога сте во конфликт со личност со која секојдневно сте во заеднички професионални ангажмани:

A. не обрнувам многу внимание, времето ќе ги среди работите

B. не пропуштам прилика да се борам за тоа што сакам да го добијам по секоја цена

C. се обидувам да најдам најпогодно решение

D. покажувам почит без оглед на тоа дали се согласувам

8. Која вештина на комуникација ја применувате за да постигнете пожелни ефекти при презентирање на професионалните активности:

A. со остар тон и заканувачка гестикулација, повикувам на внимание додека говорам

B. опоменувам за последиците од нецелосно ангажирање на вниманието

C. покажувам благодарност за вниманието додека говорам или презентирам резултати

D. ги отфрлам како неважни, реакциите со кои не се согласувам

9. Каков е Вашиот придонес на состаноците на кои присуствувате како учесник:

A. реагирам бурно за се што не ми се допаѓа

B. барам објаснување за прашања значајни за состанокот

C. одбегнувам да се мешам во дискусии

D. учествувам со намера да придонесам во дискусијата

10. Каков е Вашиот приод до победата кога сте во конфликт со некоја личност:

A. нема сила што може да ме сопре на патот до победата

B. важно ми е да биде и другата страна задоволна

C. ако мора нека победи помоќниот

D. средствата со кои се користиме се важни колку и целите што сакаме да ги постигнеме

11. На што посветувате посебно внимание кога посредувате во конфликт помеѓу две спротивставени страни:

A. да се најде праведно решение

B. да покажам непристрасност

C. да изнајдам најдобра алтернатива за спогодување

D. да заврши посредувањето на време

12. Што според Вас е најчеста причина за конфликтите помеѓу луѓето:

A. разликите во мислењето

B. недоразбирањето

C. борба за моќ

D. различни потреби

13. Каков е Вашиот пристап на давање на повратна информација во функција на критикување:

A. директно укажувам на слабостите

B. кажувам примери, упатувам на досетување за слабостите

C. поставувам прашања за да се увидат сопствените слабости

D. ги нагласувам позитивните карактеристики , потоа внимателно ги давам насоките за подобрување

14. Како реагирате во ситуација кога Ви припишуваат негативни карактеристики со атакување на Вашата личност:

A. во согласност со народната поговорка: ,,кучињата лаат, караванот си минува,,

B. внимателно слушам, поставувам прашања

C. барам објаснување за упатените зборови

D. возвраќам со иста тежина

15. Кои се промените кои ги чувствувате кај Вас лично и во процесот на реализација на професионалните обврски :

---

Ви благодариме!

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 7. Користена литература

1) Арнаудова В. Нацева Б. Радевска Ј. Илиевска Дамчевска В. (2000) Приоди кон визуелно размислување, Прирачник за ментори, БРО, Скопје
2) Шкариќ, М.О. Herman, Т. Марковска С. Адамчевска,С (1995) Толеранција и чувство на припадност, Балкански центар за проучување на мирот, Филозофски факултет, Скопје
3) Георгиева Л. : Превенција на конфликти – Од идеја кон култура за превенција на конфликти во Македонија, Fridrih Ebert, Скопје 2004г.
4) Бешка В.П (1995) *Конфликти/Konfliktet* , Филозофски Факултет , Скопје
5) Шкариќ М.О. (2007), Ненасилна трансформација на конфликти, Филозофски Факултет , Скопје
6) Viks, D.(1998) *Разрешување на конфликти*, БЦМ, ФФ, УКИМ, Скопје
7) Raider,V. & Coleman,S. (1995) *Разрешување на конфликтиі, Стратегии за колаборативно решавање на проблеми,* Texas LEADership Center/ ПРЕК, БЦМ, ФФ, УКИМ, Скопје
8) Tomic, Z. (2003) *Komunikologija*, drugo izdanje,Beograd
9) Janicievic,J. ( 2000) *Komunikacija i kultura*,I.K.Zorana Stojanovica, Novi Sad
10) Erčulj, J. & Vodopivec,I. (1999) *S komunikacijo do ciljev*, Ljubljana: Šola za ravnatelje
11) Blankenship, J. (1972) *Public Speaking A Rhetorical Perspective*, New Jersey: Prentice-hall,inc.
12) Holtzman, P. D. (1970) *The Psychology of Speakers' Audiences,* Glenview,Ill.:Scott, Foresman &Company. str. 68
13) Bryant,D. & Wallace,K. (1969) *Fundamentals of Public Speaking*, New York:ACC Meredith Corporation.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

**International Journal of Recent Research in Arts and Sciences**

**ISSN: 1857-8128**

14) Wallace, K.R. (1970) *Understanding Discource*: *The Speech Act and Rhetorical Action* , Baton Rouge: Lousiana State University Press
15) Horton, J. (1995) *Integrating Corporate Communication for Organizational Goals.* Dostapno na: http://www.online-pr.com/Strategic 20Comm 20Course/integratedcommsyll1.html
17) Basic Guide to Conducting Effective Meetings - Dostapno na: http://www.mapnp.org/library/misc/mttgmgmnt.htm
18) Meeting Management -Communications(Writing). Dostapno na: http//www.mapnp.org/library/commskls/com
19) Pecek, P. & Trtnik-Herlec, A. (2004) *Lugeto vo organizacijata*, Brdo pri Kranju: Šola za ravnatelje
20) An Agenda for Peace –Preventive diplomacy, Peacemaking and Peace-keeping”. Report of The
21) Secretary general on the work of the Organisation Adopted by the Security Council, A/47/277, June, 1992
22) Ackermann, Alice (2000). *Making Peace Prevail: Preventing Violent Conflict in Macedonia*.
23) Syracuse, NY: Syracuse University Press.
24) Bruce W. Jentleson, ed. *Opportunities Missed, Opportunities Seized: Preventive Diplomacy in the*
25) *Post-Cold War World*, pp. 3-20. Lanham, MD: Rowman & Littlefield.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# CRIMINAL LEGAL ANALYSIS OF THE CRIME „ROBBERY“, ARTICLE 237 OF THE CRIMINAL CODE OF RNM

PhD Tose Panov
MIT University Skopje
www.tosekaparoso@gmail.com

## Abstract

The criminal act "Robbery" in the Criminal Code is provided in Article 237 of the Criminal Code of the Republic of Macedonia and as a complex crime is the most typical form of classic property offenses with pronounced elements of coercion.

Property crime is a set of criminal activities that attack other people's property in order to obtain illegal property gain. Property crimes belong to the classic crime and this type of crime is known to almost all socio-economic formations. Due to its frequency, property crimes are the most common type. of crimes and in total crime account for half of all crimes committed. Lately, this type of crime is on a high place in the scale of the total number of committed crimes in the Republic of Northern Macedonia and with this paper I will try to contribute to a better and more comprehensive crime of robbery. In this paper also I will try to address the notion and characteristics of this crime and its similarities and differences with the crime of robbery.

**Keywords:** robbery, robber theft, aggravated theft.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# КАЗНЕНО ПРАВНА АНАЛИЗА НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО „РАЗБОЈНИШТВО“, ЧЛЕН 237 ОД КЗ НА РСМ

Д-р Тоше Панов

MIT University Skopje

www.tosekaparoso@gmail.com

**Апстракт**

Кривичното дело,, Разбојништво,, во КЗ е предвидено во чл.237 од КЗ на РСМ и како сложено кривично дело претставува најтипичен облик на класичните имотни деликти со изразени елементи на присилба.

Имотниот криминалитет претставува збир на криминални активности со кој се напаѓа тугиот имот со цел да се прибави противправна имотна корист.Имотните деликти спаѓаат во класичниот криминалитет и овој тип на криминалитет го познаваат речиси сите општествено-економски формации.По својата зачестеност имотните деликти претставуваат нејчест вид на кривични дела и во вкупниот криминалитет завземааат половина од сите извршени кривични дела. Во последно време овој вид на кривични дела се наоѓа на високо место од скалата на вкупниот број на извршени кривични дела во Република Северна Македонија и со овој труд ќе се обидам да допринесам на што подобро и посодржајно на кривичното дело разбојништво.Во овој труд исто така ќе се обидам да се осврнам на поимот и карактерситиките на ова кривично дело и неговите сличности и разлики со кривичното дело разбојничка кражба.

**Клучни зборови**: Разбојништво, разбојничка кражба,тешка кражба.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 1. Вовед

Според нашето кривично законодавство Кривичното дело е противправно дело што со закон е определено како кривично дело и чии обележја се определени со закон.

Кривичното дело е општествено опасно дело кое правниот поредок го забранува под закана на примена на кривична санкција.Кривичното дело е резултат на однесувањето на човекот па може да се означи и како човечко дејствие и однесување кое произведува штетна последица за општеството, поради кое тоа и реагира со примена на кривична санкција спрема оној кој го сторил.

Кривичното дело е најчесто е свесен и посакуван човечки акт, но тоа може да биде и акт на  непромисленост, па и акт на проектирана болесна имагинација или халуцинација, т .е да биде резултат на душевна болест или пореметување.Надвор од општеството нема кривично дело затоа што кривичното дело не е само акт на човек, т.е.производ од човек, туку тоа истовремено е и општествена појава.

Кривичното дело е поведение на човекот, што  законодавецот,оценувајки го како опасно за општеството, го предвидува како кривично дело , пропишувајки казна или друга кривична санкција за неговиот виновен сторител.

## 2. Кривично дело Разбојништво - поим и основни карактеристики

Кривичното дело разбојништво спаѓа во најтипичните облици на професионалниот криминалитет.

Според конструкцијата на неговото битие, Разбојништвото е сложено кривично дело кај кое постојат елементи на кражба и присилба како и кај разбојничката кражба.Помеѓу овие две кривични дела постои разлика која се огледа во тоа што кај разбојништвото на прво место е примената на сила или закана,па дури потоа кражба,

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

додека кај разбојничката кражба присилбата се појавува после извршената кражба, како средство да се задржи украдената ствар.

Најчести објекти на неговиот напад се личниот имот на граганите, а во најдрастичните случаеви се и објекти во кои се држат и се чуваат парични сресства, возила за превоз, менувачници, бензински пумпи, банки,трговски објекти и слично.

Разбојништвото како кривично дело во нашето Кривично законодавство е предвидено во дваесет и трета глава и спага во групата на кривични дела против имотот.

Во групата на кривичните дела против имотот покрај кривичното дело разбојништво спагаат уште: кражба, кражба на електрична енергија,топлинска енергија или природен гас, тешка кражба,разбојничка кражба, затајување, послужување, одземање туги предмети, одземање на моторно возило, оштетување туѓи предмети,оштетување туши права,бесправно градење, оштетување на станбени и деловни згради и простории, незаконито вселување, измама, измамување на купувачи, измама при добивање на кредит или друга погодност, измама на штета на средства на европската џаедница, осигурителна измама, оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем, правење и внесување на компјутерски вируси, компјутерска измама,  злоупотреба на довербата, неовластено примање подароци, намерно предизвикување стечај, предизвикување стечај со несовесно работење, злоупотреба на ппостапката за стечај, оштетување или повластување на доверители, изнуда, уцена, лихварство, прикривање,делотворно каење и гонење за дела меѓу блиски сродници.

Цел на разбојништвото е кражба на ствари или таква кражба на ствари на кои и претходи присилба/сила или закана/ како средство за одземање на туѓи подвижни ствари.

Под сила која при извршувањето на ова кривично дело се применува против лицата од кој се одзема стварта, се подразбира пред се, употреба на физичка, механичка или други сили /звучна, светлосна ,топлотна енергија/од едно лице спрема дуго лице./ , но и примената на хипноза и зашематувачки средства со цел тоа лице да се доведе до несвесна состојба или да се онеспособи за давање отпор.

Заканата која кај кривичното дело Разбојништво се упатува заради спречување на отпорот при одземање на ствари треба да биде таква нападнатиот да ја свати озбилно, а без значење е дали извршителот имал стварна намера да ја реализира заканата, како и дали воопшто било можно да ја оствари.

За кривичното дело разбојништво битно е дека со сила или со закана дека непосредно ќе се нападне на животот или телото на оштетениот да се создаде една таква ситуација во која е дошло до одземање на туѓа подвижна ствар.Кај така употребената сила, односно искажаната закана, околноста што оштетениот сам ја предал стварта на извршителот не може да се третира како негово однесување во смисла на слободна диспозиција на сопствениот имот.Затоа овде постои исто дело како и кога сторителот сам да ја одземел стварта.

За постоење на заканата како битен елемент на кривичното дело разбојништво не е од влијание дали силата може да биде остварена или не. Битно е дека лицето на кое му се врши закана има основ спрема конкретните околности да ја свати заканата како озбилна и можна. Пр.кривичното дело разбојништво може да се изврши и со употреба на пластичен пиштол.

Разбојништвото се состои во одземање на туѓа подвижна ствар со намера со нејзиното присвојување да се прибави за себе или за друг противправна имотна корист – со употреба на сила против некое лице или со закана дека непосредно ќе се нападне на животот или телото.

Сличноста помеѓу разбојничката кражба и разбојништвото се состои во тоа што што овие две кривични дела се сложени кривични дела. Имено и едното и другото кривично дело се состојат од две кривични дела; од присилба и од кражба. Нашето казнено право ова кривично дело го третира како имотно дело/а не како дело на насилство, crimen vis/поради тоа што присилбата е подредена на намерата за посвојување. Разликата помегу нив лежи во тоа што кај разбојничката кражба присилбата/силата и заканата/се појавувааат после извршувањето на кражбата, како средство да се задржи

украдената ствар, додека кај разбојништвото присилбата се појавува пред или за време на извршувањето на кражбата, како средство да се совлада очекуваниот или веќе дадениот отпор против одземањето на стварта.

### 3. Поим и карактеристики на Кривичното дело „Разбојништво“

Од причина што целта на разбојништвото е кражба, тоа мора да ги содржи општите елементи на кражба,одземање на туѓа подвижна ствар со намера да се присвои противправна имотна корист за себе или за друг.

Покрај тоа, потребно е сторителот пред кражбата на стварите да употребил сила против некое лице или закана дека непосредно ќе нападне на животот или телото, или со други зборови, да употребил присилба.

Разбојништвото е прво присилба, а кражбата на стварите се надоврзува заради постигнување на посакуваната цел,при што вредноста на украдените ствари нема значај за постоење на кривичното дело разбојништво. Спрема тоа, разбојништвото ги опфаќа сите облици на кривичното дело кражба, па и кражбата на ствари од мала вредност.

Обидот за ова кривично дело е казнив.

Објект на заштита е имотот, а објект на нападот е туѓа подвижна ствар.

Дејствието на извршување е одземање на туѓа подвижна ствар, а тоа дејствие се превзема на одреден начин, со употреба на сила или со квалификувана закана.Квалификуваната закана е најава на непосреден напад на живот или телесниот интегритет на владетелот на стварта или друго лице.

Извршител на кривичното дело разбојништво може да биде секое лице, а во поглед на вината потребна е директна умисла која ја квалификува наведена намера.

Ова кривично дело има три потешки облици и еден привилегиран облик.

Ставот 2. го предвидува квалификуваниот облик ако вредноста на одземениот предмет е од поголеми размери и поблаг привилегиран облик предвиден во ставот 3.ако

вредноста на одземениот предмет е од помала и сторителот одел кон тоа да призвои предмет од таква вредност.

Ставот 4. Се однесува на потежок облик на стореното дело во кои спаѓаат: разбојништво со умислена повреда на некое лице, извршување на разбојништво во состав на група или банда или ако при извршувањето на разбојништвото е употребено огнено оружје или опасно орудие.Како посебни квалификувани облици се предвидени предизвикувањето конкретна опасност за животот или телото на две или повеќе лица при сторувањето на разбојништвото во банка, менувачница, бензинска пумпа и слично.

Ставот 5 се однесува на посебен облик на квалификувано умислено убиство извршено при извршување на разбојништвото каде што се работи за специјален облик на убиство од користољубие и овде се работи за довршено дело на тешко разбојништво, а не за обид, ако некое лице е лишено од живот.без оглед на тоа дали е остварена намерата за одземање на предметот. Потешки облици исто така постојат и кога при разбојништвото тешката повреда или убиството останале во обид.

Ако пак убиството е извршено од небрежност, ќе се работи за стек на разбојништво и небрежно убиоство.

Квалификуваната закана е најава на непосреден напад на животот или телесниот интегритет на држателот на стварта или друго лице.

## 4. Практични примери за кривичното дело „Разбојништво“

Судската пракса изобилува со богати примери во врска со кривичното дело Разбојништво.

Пример: Оптужениот го искористил моментот кога оштетениот влегол во својот паркиран автомобил, па влегол со него во возилото и седнал на задното седиште, извадил пиштол, го вперил во оштетениот и му наредил брзо да вози по градот и кога дошол до периферијата држејки го вперениот пиштол во оштетениот од него побарал да му го

ISSN: 1857-8128

предаде мобилниот телефон и парите при што оштетениот во страв за сопствениот живот и го сторил, после што обвинетиот побегнал.

Во конкретниот случај обвинетиот со озбилна закана дека непосредно ќе нападне на животот или телото одзел туги подвижни ствари во намера за себе да присвои противправна имотна корист и вака утврдените дејствија на обвинетиот правилно се квалификувани како кривично дело разбојништво./Пресуда ВСС Кж/1988/03

Пример: Разбојништвото е извршено со средство за зашематување во облик на спреј од неутврден вид, со кој е прскано во очите на оштетениот. Овде средството за зашематување се смета за сила.Пресуда ВСС Кж./ 689/92.

Пример: Закана постои и кога сторителот на кривичното дело во раката држи жилет кога и приоѓа на благајничката/ВСС Кж 977/99

Пример: Кога сторителот два пати  со песница го удари оштетениот во главата после што оштетениот падне на земјата, а тој му пријде и му ја соблече јакната/ ВСС Кж 827/004/

## 5. Начин на дознавање и разјаснување на Разбојништвото

Како и кај останатите кривични дела против имотот, кај кривичното дело разбојништво основен и најважен извор на дознавање за извршување на делото е оштетениот.Ова затоа што на оштетениот најповеќе е заинтересиран да се открие сторителот и да му се вратат одземените ствари или предмети, односно да биде обештетен. Покрај оштетениот,како извор на дознавање за извршеното разбојништво се појавуваат и пријавите на останатите граѓани, овентуалните очевидци, разновидните анонимни пријави, аудио визуелниот надзор на инсталираните безбедносни камери како и непосредната дејност на полицијата/оперативната полициска дејност/.

Со оштетеното лице кое пријавува разбојништво треба да се изврши детален разговор за сите околности под кои е извршено делото, водејки сметка при тоа за посебната психофизичка состојба во која се наоѓа оштетениот.

Покрај обавувањето на разговорот на околностите под кои е извршено делото, оштетениот треба да даде и податоци за видот и висината на материјалната штета и подетално да ги опише одземените предмети/ствари/со сите нивни битни карактеристики. Ако се во прашање пари,особено девизи, потребно е да се укаже на апоенската структура на одземените пари. Пример, украдени се десет новчаници од по педесет евра.Веднаш по дознавањето за извршеното кривично дело разбојништво, треба да се организира што побргу излегување на полициските службеници на лице мест, да се обезбеди лице местото по сите правила на криминалистичката тактика и методика и да се преземат мерки и дејствија увидната екипа што побрзо да пристапи кон вршење на увидот.

Во текот на вршењето на увидот посебно внимание треба да се посвети на траговите кои потекнуваат од сторителот на кривичното дело.На лице место можат да се пронајдат и предмети кои сторителот ги оставил на местото на настанот, било тој да ги отфрлил напуштајки го лице местото, било нив случајно да ги оставил/делови од облека, лични предмети, средства за маскирање  и слично. Во праксата се познати и случаеви кога на извршителите на кривичното дело разбојништво на лице место и испаѓале разни документи.лична карта,пасош, возачка дозвола и слично.

Во случај кога извршителот бил маскиран не може да се очекува од оштетениот или од други лица да му дадат детален личен опис, но тие можат да дадат корисни податоци за  неговиот личен изглед, како бил облечен, како се однесувал, како зборувал и слично кое нешто може да биде од големо значење при неговата идентификација.

Ако осомничениот благовремено се открие, а особено ако тоа се случи непосредно по извршувањето на делото треба да подложи на судско-медицински преглед за да се утврди постоењето на повредите/модринки, огреботини, угризи и слично/.на неговото тело кои потекнуваат од отпорот кој го пружал оштетениот.Исто така на костимот и чевлите на осомничениот кои ги носел во време на извршувањето на разбојништвото можат да се пронајдат трагови од прашина, кал, стакло и друг материјал кој го однел од

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

лице местото, како и биолошки трагови ако дошло до борба или повредување со што несомнено се утврдува врската помеѓу жртвата, сторителот и лице местото.

Анализа на обемот, динамиката и структура на кривичните дела против имотот и кривичното дело Разбојништво во периодот 2001-2010 и во 2020 г. Во 2010 г/ вкупно пријавени полнолетни лица кои извршиле кривично дело изнесува 30.004. Од вкупно пријавените кривични дела кривични дела против имотот изнесуваат 19.846 или 66,14%. Од вкупно пријавени кривични дела бројот на познати сторители во 2010 г.изнесува 15.383 лица, а бројот на непознати сторители изнесува 14.621 лице.

Во 2010 г. поднесен е обвинителен предлог против 10.990 лица што претставува 33% од кои мажи 9.463 или 66,11%, 1.527 биле жени или 13,89%

1.Табела.Пријавени полнолетни лица според групите на кривични дела во период од 2001-2005 год

| Година | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 18.018 | 18.171 | 20.161 | 22.591 | 23.814 |
| Кривични дела против имотот | 9559 | 10.420 | 11.079 | 13.482 | 14.330 |
| Процент | 53,5% | 57,3% | 54,9% | 59,6% | 60,1% |

Извор: Државен завод за статистика на РСМ

Во периодот од 2001 до 2005 г.имаме постепено зголемување на пријавените полнолетни лица за кривичните дела против имотот и тоа од вкупниот број на пријавени лица од 18.018 во 2001 г.процентот на учество на кривичните дела против имотот изнесува 53,5%, ,а од вкупниот број на пријавени лица од 23.514 во 2005 г.процентот на

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

учество на кривичните дела против имотот изнесува 60,1% што значи дека од 2001 до 2005 имаме зголемување на пријавените сторители на кривични дела повеќе за 6,6%.

2.Табела.Пријавени полнолетни лица според групите на кривични дела во период од 2006-2010 год.

| Година | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 23.514 | 23.305 | 26.409 | 30.404 | 30.004 |
| Кривични дела против имотот | 14.329 | 13.730 | 16.207 | 20.205 | 19.846 |
| Процент | 60,9% | 58,9% | 61,1% | 66,4% | 66,1% |

Извор: Државен завод за статистика на РСМ

Во периодот од 2006 до 2010 година имаме постепено зголемување на пријавените полнолетни лица за кривичните дела против имотот и тоа од вкупниот број на пријавени лица од 23.514 во 2006 г.процентот на учество на кривичните дела против имотот изнесува 60,9%, ,а од вкупниот број на пријавени лица од 30.004 во 2010 г.процентот на учество на кривичните дела против имотот изнесува 66,1% што значи дека од 2006 до 2010 имаме зголемување на пријавените сторители на кривични дела повеќе за 5,2%.

Од вкупниот број на пријавени лица во 2001 г. од 18.018 во 2010 година вкупниот број на пријавени лица изнесуваше 30004 лица и бројот на пријавени лица е зголемен за 60,05% .

Од вкупниот број на пријавени лица за сторители на кривичните дела против имотот во 2001 г.од 9.559, во 2010 година бројот на пријавени сторители на кривичните дела против имотот во 2010 г.изнесуваше 19846 лица и имаме зголемување во износ за 48,16%

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

3.Табела. Пријавени полнолетни лица во 2010 година според Кривичното дело и полот

| | Вкупно Пријавени | Вкупно познати сторители | Жени | Поднесен обвинителен предлог |
|---|---|---|---|---|
| Кривично дело против имотот | 19.486 | 5.823 | 487 | 4.405 |
| Кр.дело разбојништво | 452 | 202 | 5 | 181 |
| Процент на учество на кр. дело разбојништво | 2,31% | 3,46% | 1,02% | 4,10% |

Извор: Државен завод за статистика на РСМ

Во 2010 година од вкупно пријавени 19.486 сторители за сторено кривично дело против имотот, за кривичното дело разбојништво пријавени се вкупно 452 лица што значи дека кривичното дело разбојништво во однос на вкупниот број на пријавени кривични дела против имотот учествува со 2,31%.

Според полот од вкупно пријавените 487 сторители за кривичното дело против имотот само 5 пријавени се жени, пријавени за кривичното дела разбојништво со процент на учество од 1,02% што укажува на фактот дека кривичното дело разбојништво е резервирано за лица од машкиот пол кој учествува со 98.98%.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

4.Табела.Пријавени полнолетни лица–познати сторители според групите на кривични дела во Кочани во 2020 год.

| | Познати сторители | Кривични дела против имотот | Процент на учество |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 13.074 | 3.353 | 25,6% |
| Кочани | 165 | 36 | 21,8% |

Извор: Државен завод за статистика на РСМ

Од вкупно 13.074 познати сторители на кривични дела во 2020 г. бројот на кривичните дела против имотот изнесува 3.353 или 25,6%,а од вкупно познати сторители на кривични дела во Кочани има 165 лица од кои бројот на кривичните дела против имотот изнесува 36 со процент на учество од 21,8 %.

5.Обвинети полнолетни лица според групите на кривични дела во 2020 год.

| | Обвинети | Против имотот | Процент на учество |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 6.965 | 272 | 3,90% |

Извор: Државен завод за статистика на РСМ

Од вкупниот број на обвинети полнолетни лица од 6.965 лица, за кривичните дела против имотот се обвинети 272 лица со процент на учество од 3,90%.

Врз основа на напред изнесеното и севкупната ситуација во општеството можеме да заклучиме дека за порастот на евидентираните кривични дела разбојништво во наведениот период најмногу допринесе и сеопштата криза во општеството/ невработеноста, беспарицата и сл./а во одредени периоди каде имаме опаѓање на евидентираните кривични дела за опаѓањето се можни следните причини

- казнената политика;
- подобрена работа на полицијата при расветлувањето на овој вид на кривични дела и подобра физичко-техничка заштита на објектите.

## 6. Заклучок

Целта на овој труд беше да се изврши една сеопфатна правна анализа на кривичното дело Разбојништво и да се укаже на фактот дека во последните години е зголемен бројот на разбојништва кои се појавуваат во проширен избор на начинот и средствата на примена на сила, како и се позачестеното повредување на жртвата на кривичните дела, а исто така да се предложат и мерки за што поефикасно расветлување на овој вид на кривични дела.

Неопходно е веднаш по дознавањето за извршувањето на кривичното дело разбојништво веднаш да се организира излез на полицијата на лице место, да се обезбеди лице местото и да се овозможи на увидните екипи што побрзо да пристапат на вршење на увидот.Посебно внимание увидната екипа треба да посвети на трагите и предметите кои потекнуваат од сторителот на кривичното дело или кои можат да се доведат во врска со него.

Отежителна околност во расветлување на ова кривично дело е фактот што повеќето од нив се извршуваат во урбаните средини.

Олеснителна околност при расветлувањето на овие кривични дела, секако претставува вградувањето на сигурносните електронски опреми/ камери, аларми и

слично/,на објектите или во објектите кои се подобни за извршување на овие кривични дела.

За да се намали бројот на извршените кривични дела потребно е да се воспостави подобра соработка со граѓаните, поинтензивно да се спроведуваат превентивните мерки и да се организира едукација на потенцијалните жртви на овој вид кривични дела и слично, а при изрекувањето на казната стриктно да се применуваат законските одредби кои се однесуваат не само на запретената казна, туку и при изрекувањето на казната да се има предвид начинот на кој се превземени дејствијата од сторителот.

## 6. Користена литература

1.Камбовски В. Казнено право на Република Македонија (2018)

2.Д-р Горги Марјановиќ, Д-р Методија Каневче - Кривично право (2017), Издавач Стоби трејд, Скопје, стр.98.

3.Јовановиќ Љ.Јовашевич Д.Кривично право, Општ дел,(2017) Номос, Белград (2003)

4.Бошковиќ М.Криминологија, (2017) Правен факултет, Нови Сад

5.Јовашевиќ Д.Гургиќ В, Кривично право, (2016) Посебен дел, Белград

6.Бошковиќ М, Бановиќ Б, Криминалистика, методика Посебен дел,(2016) Белград

7. Атанацковиќ Д. Кривично право посебен дел (2016), Привредна Штампа Београд, стр.469

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# PERCEPTIONS AND CONFLICTS

PhD Vesna Damcevska Ilievska

vdamil@yahoo.com

## Abstract

When you are watching the world, it depends where you are sitting. People tend to see what they wish to see. From the number of detailed information, they are focused (and most often that actually happens) to choose and highlight the facts that confirm their perceptions and convictions and to neglect or wrongly interpret the facts that are not in line with their perceptions.

Every person in the communication with the others (regardless of the type, way or motive for communication) can see only the good sides for itself and only the mistakes of the other participant. The capability to see a situation from the eyes of the other person, no matter how difficult that is, is one of the most important skills which a person can have during the communication process. It is not enough, just to be aware that others can see the things differently.

For a positive communication, it is necessary to truly understand the power of the other person's perception and to feel the emotional strength with which they believe in something.

**Keywords:** perceptions, emotions, attitudes, values

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# ПЕРЦЕПЦИИТЕ И КОНФЛИКТИТЕ

Д-р Весна Дамчевска Илиевска

vdamil@yahoo.com

**Апстракт**

Кога го гледате светот зависи од тоа на кое место седите. Луѓето тежнеат да го видат она што сакаат да го видат. Од мноштвото детални информации, тие настојуват (и најчесто тоа се случува) да ги изберат и да ги стават во фокус фактите кои ги потврдуваат нивните претходни перцепции, убедувања и да ги занемарат или погрешно да ги интерпретираат оние кои нивните перцепции ги доведуваат во прашање.

Секој човек во комуникацијата со другите луѓе (без разлика за каков вид станува збор, начинот, мотивот за комуницирање) може за својот случај да ги гледа само добрите страни и само грешките кај другите учесници. Способноста да се согледа ситуацијата како што ја гледа другата страна, колку тоа да е и тешко, е една од најважните вештини кои може да ги поседува еден човек во процесот на комуникација. Не е доволно, само да се знае дека другите луѓе работите ги гледаат поинаку.

За да се одвива комуникацијата во позитивна насока, потребно е вистински да се разбе моќта на туѓото гледиште и да се почуствува емоционалната сила со која тие веруваат во него.

**Клучни зборови**: перцепции, емоции, ставови, вредности

## 1. Вовед

Конфликтите се појава во меѓучовечките односи, кои можат да бидат резултат на: несогласување, различни духовни и културни вредности, спротивставени интереси, различни гледишта за сопствените или туѓите интереси, незадоволени потреби или на пример неспособност во изразувањето на сопствените чувства и мислења. Конфликтите

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

постојат и во соочувањата со блиските во секојдневниот живот, но и во меѓу групи и заедници.




Во конфликтот луѓето заземаат позиции, кои можат да се детектираат со парашањето: Што бара едната страна, а што другата? Позициите или барањата, преставуваат појдовни точки кои во себе содржат **вредности** (морални, обичајни и традиционални), кои се многу тешко да се преговараат бидејќи сепак тие преставуваат наши желби кои не се компатибилни со желбите на другите.

Во еден процес на анлиза на конфликти добро е да се има предвид дека ние секогаш треба да се трудиме да ги откриваме вистинските потреби на страните. Тоа и не е тежок процес ако се има сеиозен пристап. Начинот на кој што најлесно можем да дојдеме до вистинските потрби на другите односно до оној минимум што страните мораа да го имаат е да се ,,копа,, до сржта на потребите. Кога викаме ,,да се копа,, повеќе мислиме да се праша другата страна *,,Зошто?,,*. Прашањето е општо, едноставно но стратешко, и помага да продреме до вистинските потрби. Тоа прашање треба да се поставува постојано се додека не дојдеме до вистинските потреби. Прашувајќи можеме да генерираме и опции

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

и да увидиме дека всушност решението ние секогаш сме го имале. При тоа треба да се има предвид дека страните кои што се наоѓаат во конфликтна ситуација секако дека секогаш ќе настојуваат да се вратат во позициите односно вредностите. Додека ние секогаш треба да настојуваме да одиме накај интересите како нешто што може материјално да се преговара и нормално до потребите, како нешто околу кои обично секое преговарање завршува.

Во процесот на детерминирање на конфликтите се поставуваат многу прашања како:

- Што е навистина проблемот?
- Кои се причините?
- Кои се последиците кои произлегле како резултат на проблемот?
- Која е најважната работа каде што ние треба да се насочиме?

Од особена важност е дефинирањето на проблемот, за да може да се одбере стратегија за справување, во време најпогодно за квалитетни ефективни и ефикасни решенија. Во процесот на дефинирање на проблемот во овој магитерски труд, вклучени беа вработените , учениците, родителите преку анкети, нестандардизирани интервјуа, поттикнати дискусии, анонимни прашалници. Во едно сите се согласуваат, потребни се промени во методите со кои приоѓаме во процесот на реализација на воспитно образовните цели. Различностите во сфаќањата на ненасилството се бројни и се условени од различни фактори како историско антрополошки, идејно филозофски, социјални и други. Интересот во процесот на заедничкото решавање на проблемот е тесно поврзан со теоријата на Виготски[1]. Во неговиот концепт за заедничко решение на проблемот се нагласува дека во училницата како заедница на ученици кои се ангажирани во активен дискурс (предавања), рефлексија и апстракција се случува процес на взаемно гледање на дадена ситуација од различни агли. Овие активности ја вклучуваат моќта на

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

водачот односно вештините на водење на дискусијата во училницата, додека улогата на наставникот - водач е олеснувач на дискусиите од различни агли. Според Tudge и Caruso (1989) кооперативното решавање на проблемот е поефективен ако учесниците ја споделуваат целта и имаат различни перспективи за најдобриот начин на постигнување на истата. Ова споделување на разни погледи и напори во постигнување на резултати од целта според Piaget се задржува на можностите за намалување на егоцентричноста во услови на дискутирање за различно мислење и став и стимулирање на свесност за различностите.

Во процесот на разрешување на конфликтот доста важно е да разликите не се отстрануваат туку тие да се употребат заради расчистување на нашето меѓусебно разбирање и односи, согледување на идеи и можности за кои не сме размислувале, како и увидување дали има аспекти на односот врз база на кои ние можеме да вршиме ефективна надградба за подобрување на односите.[2] Како причини за конфликтите досега најчесто се појавуваат потребите, различните вредности, интереси, желби, искривените перцепциите и стереотипите, емоциите и други.

Во конфликтите каде како причина се јавуваaат базичните потребите се едни од посложените конфлити за разрешување. Базичните потреби според Абрахам Маслов се поделени на психолошки и физиолошки (биолошки).

Во групата на *физиолошки потреби* или потреби за опстанок спаѓаат потребите за воздух, вода, храна, секс, сон, засолниште и дуги.

Во групата на *психолошки потреби* спаѓаат:

- потребата за сигурност (индивидуата ја задоволува преку работа);
- потребата за припаѓање (индивидуата ја задоволува преку вклучување во различни социјални групи) и
- потребата за самопочитување и почитување од страна на другите (ја задоволува преку успешноста во работењето).

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Незадоволувањето на базичните потреби е причината за појавувањето на голем број на конфликти каде што на прв поглед не изгледа така и се чини дека се предизвикани од други фактори.

Една од компонентите во структурата на конфликтот се страните што се директно вмешани во конфликтот и тие можат да бидат две или повеќе. Во зависност од тоа кои се страните во конфликтот постојат три вида на конфликти [3]:

1. интерперсонални
2. интергрупни и
3. интрагрупни конфликти

- ***Интерперсоналните конфликти*** најчесто се случуваат помеѓу поединци припадници на една група-заедница. Пр: Конфликтите што се јавуваат помеѓу сопруг-сопруга, родител-дете, брат-сестра, наставник-ученик.

- ***Интергрупните конфликти*** се јавуваат помеѓу групи со различна големина, формирани според различни основи, како што се семејствата, разни организации, етнички групи, држави, народи и сл.

- ***Интрагрупните конфликти*** се јавуваат помеѓу припадници на помали групи и ги вклучуваат сите припадници на истата. Пр: помеѓу семејства, спортски екипи, работни групи, совети, комисии, одбори и сл.

## 2. Конструктивни и деструктивни конфликти

Првата и најважна работа што треба да се разбере за конфликтите е дека тие се природни и неизбежни делови од секојдневието. Бидејќи луѓето скоро секој ден се изложени на конфликти со различен интензитет, имаат изградено свои сопствени реакции на конфликтите. Некои луѓе имаат различни реакции на конфликтната ситуација во зависност од видот на конфликтот или од односот што го имаат со другите личности

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

вклучени во конфликтот. Други луѓе избираат само еден приод за сите конфлкти без разлика на различните фактори или односи.

Разрешувањето на конфликтите е тешко за многу личности бидејќи тие не се научени да ги разрешуват разликите на ненасилен начин и преку соработка. Една од најбитните работи во процесот на разрешувањето на конфликтите е позитивниот односно конструктивниот приод кон нивното разбирање и разрешување. Доколку страните во конфликтот имаат деструктивен пристап кон конфликтот, ќе се рефлектираат негативни последици за страните, без оглед на тоа дали се работи за поединци или групи. Доколку пристапот е конструктивен, разрешувањето на конфликтот ќе биде многу полесно и од него ќе можат да се извлечат многу позитивни вредности како што се:

- подобрување на комуникацијата и односите помеѓу страните во конфликтот;
- изнаоѓање на многу полесен начин на алтернативни решенија за конфликтот;
- позитивно користење на разликите за заеднички развој и напредок

Кинезите користат два симбола за да го означат зборот *криза*. Едниот симбол значи „*опасност*" другиот „*можност*". Оние што се плашат или избегнуваат конфликт ја гледаат само можноста од опасност во ситуацијата..[4] Еден многу позитивен исход од едукацијата за конфликтен менаџмент е способноста да се согледаат можностите, шансите, содржани во секоја конфликтна ситуација. Можните исходи од конфликтите се: победа-пораз (едниот победува, другиот губи) или компромис (поделба на разликите). Но постои многу почест исход во насилните конфликти - двоен пораз. Ако ниедна страна не е спремна да наметне исход или за компромис, конфликтните страни можат да завршат со огромни трошоци и жртви со што сите ќе имаат полош крај отколку што би имале ако прифателе поинаква стратегија. Во анализата на разрешувањето на конфликтите ова е многу почест случај отколку што се претпоставува. Кога ова ќе им се предочи на страните (често премногу доцна), се појавува силен мотив базиран врз личниот интерес за движење

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

кон други исходи, како на пример компромис или двојна победа. Спектарот на таквите исходи е поширок отколку што конфликтните страни претпоставуваат. На најдлабоко ниво, разрешувањето на конфликтите помеѓу страни со долгорочни односи како на пример членови на фамилија, заедници, или соседни држави во вид на победа-пораз ситуации, е многу веројатно дека пак ќе се појави. При појавувањето на конфликти, страните често застапуваат различни вредности или ставови за релативното значење на секој проблем, имаат различни предвидувања за идните добивки, различни гледања. Овие разлики можат да се усогласат така што решението ќе има висока релативна вредност за секоја страна, а ќе се намали болниот компромис или ценкањето. Во теорите за разрешувањето на конфликтите се забележува тенденција според која решавањето на конфликтите е условено од интегративен пристап (победа-победа) исходи. На тој начин интересите и потребите и на двете групи ќе бидат прифатени и взаемно задоволени.

Постои една премиса која што кажува дека конфликтите како комплексни процеси имаат три основни компоненти:

1. Ситуација,
2. Однесување,
3. Ставови

***Ситуацијата*** се однесува на секоја состојба во која што две или повеќе страни (како и да се структуирани или дефинирани), чуствуваат дека заземаат взаемно некомпатибилни цели. Извори на некомпатибилност на целите можат да бидат: социјалната структура и социјалните вредности: недоволност, натпреварување, промени и сл. Во зависност од видот на конфликтот во конфликтната ситуација можат да се појават и други страни кои најчесто се карактеризираат како скриени страни или страни во позадина.

***Однесувањето*** се состои од активности што ги преземаат страните една наспроти друга и можат да вклучуваат соработка или насилство, постапки што водат кон

помирување или непријателство. Однесувањето при насилни конфликти е карактеризирано со закани, насилство и деструктивни напади.

**С*тавовите*** ги вклучуваат перцепциите на двете страни за другите и за самите себе. Тие можат да бидат позитивни или негативни, но во насилните конфликти страните обично развиваат искривени перцепции и стереотипи за другите. Ставовите се често под влијание на негативните емоции како лутина, страв, бес, гнев, омраза и потребата од одмазда. Овие три фактори влијаат (едни на други) меѓу себе и се поврзуваат меѓу себе и истите водат од една во друга точка редоследно во зависност од конфликтот. Во ситуациите во кои што се игнорираат потребите на една група, се отвораат можностите за појавување на фрустрација, кој понатаму може да резултира со протест. Ова однесување може понатаму да води кон понатамошно негирање на права и потреби, а сето тоа придонесува кон зголемување на фрустрациите, можеби и на лутината која што може да се развие во насилство.[5]

Дијалогот како таков доаѓа од грчкиот збор *дијалогос*. Логос значи ,,збор,, додека ,,дија,, значи ,,преку,, (не две страни), во слободен превод би значело нешто што оди преку зборови. Взаемното разбирање е цел на дијалогот, но исто така и самиот дијалог е цел сама по себе, зошто од особена важност е соговорниците да се сложат да разговараат. Дијалогот може да го гледаме како начин да се заврши некоја задача.

Сите ние сме одвреме на време во процес на дијалог, дебатирање, убедување, аргументирање, борење, бранење што би можело да се нарече ,,политички дијалог,, (затоа што најмногу се користи во политиката) каде што вистинскиот дијалог ја губи смислата и има една и единствена цел - да се победи соговорникот така што тој/таа никогаш не би помислил/а повеќе да седне да разговара. Со фетишизирање на дијалогот и давање на значење на арена каде што секогаш мора да се има победник, ние му даваме такво значење и на нашиот живот, па си го правиме мизерен и насилен.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Тоа што е, всушност, корисно да разговараме е токму фактот што истражувајќи ги и разбирајќи ги другите, ние во исто време самите себе си се истражуваме и се разбираме. Тоа е појдовна основа од каде што можеме да почнеме да се менуваме.

Многу често кога разговараме со некого, имаме дилема дали тоа е наше мислење или пак претпоставка. Тука е и границата многу тенка. Ако на нашето мислење, базирано на свои аргументи, побараме друго мислење и тоа да е различно, тогаш доаѓаме во позиција или да го браниме своето или да размислуваме рационално и да објаснуваме. Тоа што се забележува е дека во такви моменти се вклучуваат и емоциите кои што стануваат катализатори за нерационално резонирање и така може да браниме став во кој што и самите не сме сигурни. Тогаш постои голема можност да се водиме од претпоставки со кои што можеме само да ја иритираме другата страна. Во најлош случај, дури и би почнале да веруваме дека тое е “вистината. Има и уште еден момент кој што ефективниот дијалог го прави неефективен, а тоа е моментот на генерализирање кој што е тесно поврзан со препоставувањето. Многу често се случува во нашите разговори да ја превземеме улогата да бидеме легални застапници на одредена социјална, етничка, политичка и друга групација. Па и граматиката овде игра голема улога. Речениците ги конструираме на тој начин што генерализираме работите. Кога тоа го правиме ние просто претпоставуваме во име на Македонците, Албанците, политички партии, христијаните, муслиманите итн. Кажувајќи ,,сите ние,, или ,, тие,, може само да се деперсонализира личноста и да се смета за безвредна. Не, тоа не би смеело да биде начин на комуницирање со другата личност пред се поради тоа што со претпоставувањето ја лимитираме нашата интелигенција, а при тоа може и да навредиме некој кој што навистина не го мисли тоа што и ,,јас,, го мислам. Ова е поврзано со една друга тематика - стереотипи и предрасуди.

Што се однесува до вистината би можеле да кажеме дека таа е поврзана со перцепциите и дека истото не мора да е поврзано директно и дијалогот. Патот до вистината е тежок. Тој пат може да се прооди и да се дојде до вистината, но е потребна кохерентноста на *значењето*. Што би значело, дека истото треба да се подели со другите и

дека ако остане само кај нас таа ,,вистина,, нема да има никакво значење за да се реши некој проблем. За тие што ја знаат приказната за шесте слепи мудреци веднаш ќе се сетат дека кога сите шест мудреци би ги размениле нивните значења можеби би стигнале до вистината и би го опишале слонот како што треба а не како: јаже, лепеза, дрво, ѕид, змија и шипка.

Во овој дел е важно и да се каже и тоа дека вистината, како и сето тоа што е важно за нас треба да се каже, но мислењето на другиот не смее да се се осуди како неточно. При вакво разменување на информации, не смееме да го монополизираме разговорот, туку да се дадеме можност на процесот за разговарање и слушање и при сето тоа, да биде балансирано.

После толку многу философирање, дијалогот може да ни заликува на психо-терапија и на нешто многу комплицирано. Тоа е едноставна техника која што бара структуиран пристап и почитување на правила на игра.

За да разбереме што се случува околу нас и во светот пошироко, ние правиме две работи: прво, изведување на докази; второ, интерпретирање на доказите. Во оваа приказна, и фармерот и луѓето ги извеле доказите преку опсервацијата. Тоа е истиот доказ. Но, тие го интерпретирале различно, со сериозни последици.

Што поздразбира сето ова за нашето размислување за конфликтите?

Луѓето комуницираат еден со друг со зборови, во различни видови и форми на висината на гласот и невербална комуникација, свесна и несвесна. Ние очекуваме другите да не разберат и да сфатат што сакаме да кажеме, или можеме да станеме нетрпеливи ако тие не не разберат, или ако тие мислат дека ние се обидуваме да кажеме нешто сосема друго. Најчесто, ние заборавaме дека секој збор или гест мора да биде интерпретиран од мозокот - секој збор и секоја акција, поминува преку филтерот, пред да го придаваме значењето. Овој филтер се чува чист преку довербата. Ако имаме добри односи со другите, со мал напор, ние веднаш знаеме за што се комуницирало. Понекогаш се

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

потребни и неколку зборчиња. Тогаш имаме заедничко разбирање. Секое недоразбирање може многу лесно да се разјасни со проверување што значело сето тоа.

Разбирањето на размислувањето на другата страна не е просто корисна активност што ќе помогне да се реши конфликтот. Самото нивно размислување е проблемот. Било да се прави спогодба или пак да се расчистува некој спор, разликите се дефинирани со разликите помеѓу размислувањата. Кога двајца се расправаат, тоа е обично околку некој предмет; околу некој настан; за некоја вредност итн. Во такви околности луѓето тежнеат кон претпоставка дека она за што би требало повеќе да дознаат се објектот или настанот.

Сепак, во крајна смисла, конфликтот не лежи во објективната реалност, туку во човечките глави. Вистината е просто - еден аргумент повеќе (можеби добар, можеби не) за справување со разликите. Разликите сами по себе постојат затоа што постојат во нивните размислувања. Стравовите, дури ако се неосновани, се вистински стравови кои треба да се. Надежите, дури и нереални, може да предизвикаат војна. Фактите, дури ако се потврдени, може да се бескорисни за решавање на проблемот. Колку и да е корисна потрагата по објективната реалност, сепак онаа поинаква реалност што секоја од страните ја има во својата глава е таа што го создава проблемот во комуникацијата, но и го отвора патот кон решението.

### 3. Поглед на проблемот од друг агол

,,Не е доволно да го проучите инсектот под микроскоп - треба да знаете какво е чувството да се биде инсект под микроскоп,,.

За да се постигнете ова, треба да се направи тренинг за да се стекне вештината на задржување на своето рассудување додека го ,,почувствувате,, нивното гледиште. Разбирањето на гледиштето на другите не е исто со согласувањето со него. Вистина е дека спознанието на размислувањето на другиот може да наведе на промена на погледите кон суштината на ситуацијата. Но, тоа не е цена на разбирањето на нивното гледиште, туку тоа е предност. Затоа, би било добро понекогаш да се поставиме себеси на местото на

ISSN: 1857-8128

другиот. Луѓето се наклонети да претпоставаат дека другата страна има намера да го стори токму она од што тие се плашат. Сосема е лесно да се потпадне под навика на давање најлошо толкување на она што го кажала или направила другата страна. Сомнителното толкување често произлегува природно од постојните перцепции. Уште повеќе, така се чини дека се постапува побезбедно и се има чувство дека им се покажува на набљудувачите колку навистина е лоша другата страна. Но, цената на интерпретацијата во најцрно светло на се што ќе кажат или направат е дека свежите идеи во насока кон разрешувањето се отфрлени и дека суптилните промени на позицијата се игнорирани или одбиени. Би било добро да не извлекуваме заклучок за намерите на другите луѓе од нашите стравови. Не е пожелно другата страна да се смета за одговорна за нашиот проблем. ,,Ти си виновен за моето доцнење, затоа што не сакаше да го поправиш автомобилот,,. Најлесно е да се прибегне кон обвинување, особено кога чувствуваме дека другата страна навистина е одговорна. Но, дури и ако припишувањето на вината е оправдано, обично тоа е контрапродуктивно. Другата, односно нападната страна ќе се постави одбранбено и ќе се спротивстави на тоа што имаме да го кажеме. ]е престанат да не слушаат или ќе возвратат со сопствен напад. Одмерувањето на вината цврсто ги преплетува човечкиот проблем и суштината. Кога зборувате за проблемот, одделете ги симптомите од личноста со која разговарате. Би било добро да не ги обвинуваме другит за нашиот проблем. Еден начин да се справиме со различните перцепции е да ги поставиме експлицитно и да поразговараме околу нив со другата страна. Се додека тоа го правиме на искрен и чесен начин, без ниту една страна да ја обвинува другата за проблемот како што самата го гледа, таква дискусија може да обезбеди разбирање, неопходно за да се прифати сериозно тоа што го велите и обратно. Би било добро да дискутираме за взаемните перцепции.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 4. Конфликтите во образовните организации

Поаѓајќи од фактот дека современите услови на живеење, обилуваат со облици на однесување посебно кај децата и младите кои предизвикуваат агресивност, насилство, непријателство, недоверба, несоработка, прекин на комуникација.

Ова може да биде слика на семејни односи, односи на работно место, меѓу соседи, на улица, во училиште. Зголемената агресивност и намалениот мотив за постигнување кои се видливи и без посебни мерења, кај учениците од основните училишта, а од интерните истражувања на стручните работници, педагози, психолози изнесени во бројни стручни написи во списанија и зборници како и од информациите на медиумите, состојбата е слична и во средните училишта што секако е една рефлексија на општествените односи во периодот на транзиција на нашата држава.

За жал најчеста и најбрза постапка е примената на насилни методи за решавање на конфликти на страните во конфликтот на меѓучовечко или општествено ниво. Насилството во тие ситуации е во согласност со уверувањето дека нивните потреби и интереси се легитимни и на тој начин се прави обид да се оправдува насилството што го прават (одбрана од нивна гледна точка), додека потребите и интересите на другите страни во конфликтот не се земаат предвид, туку уште повеќе се прават претпоставки кои подразбираат лоши намери. Во такви ситуации доминира желбата за задоволување на сопствените интереси и потреби, со нагласување на желбата за задоволување на правдата по сопствено гледање и често желба за одмазда во присуство на лутина, гнев и бес. За почеток на конфликтот вообичаено се сметаат моментите во кои е извршен првиот чин на физичко насилство, манифестирана агресивност, додека се занемарува она што му претходело на ескалацијата на насилство. Фазите и процесите кои вообичаено мора да се поминуваат, но во случај на екстремна нерамноправност, угнетување или потиснување тој мора да се трансформира во вистински или оддржлив мир.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

"Фазите" на конфликтот сами по себе не се статични: тие имаат своја сопствена динамика и во практиката тие може да се соединуваат едни со други. Ниеден не може да го следи другиот во чист вид и правилен редослед. Најчесто во практиката се случува да се направат два чекори напред и еден назад, а може да се случи и спротивното; и процесот постојано мора да се повторува, да се гради и потиснува од другите процеси со цел да излезе суштинскиот прогрес.

Исто така, како информација може да се додаде дека конфликтите не се едноставни или прости односи, тие всушност, најчесто вклучуваат мултиплицирани прашања, страни и подстрани. Тие најверојатно, исто така ќе вклучат во себе и други конфликти и борба за моќ помеѓу страните. Почетната фаза на развој на кофликтот е во ситуации кога притисокот и угнетувањето се толку комплетирани, така што не му овозможуваат на конфликтот да излезе на површина, односно тој е во латентна состојба. Потиснатата група останува пасивна во ситуации на екстремна неправда и структурално насилство (најчесто зачувано со физичко насилство или закани). Тие можат да останат пасивни поради различни причини, а најчесто поради традиционалните вредности, недостатокот на свест, или поради нерамномерната положба на моќта која како таква, дава шанса да се сфати сериозно секое барање на понемоќната страна. За да се промени ова, некои групи или индивидуалци мора да се навраќаат, да размислуваат за настанатата состојба, да го разбираат и артикулираат тоа што се случува и да ги охрабруваат другите да го направат истото. Најлесно ова фаза може да се опише со зборот "освестување" или будење на потиснатата група. Ако овој процес генерира доволна посветеност на групи или индивидуалци, тоа може да доведе до формирање на формални групи посветени за промена. Нивната прва задача би била да го продолжуваат процесот на рефлектирање, анализирање и секако формулирање на една заедничка цел и стратегија, потоа организационо би се развиле како што се развиваат активностите и како што се нарушува тој однос на моќта, а со зголемување на нивната релативна моќ. Некои групи одлучуваат да користат насилство во нивната борба, за други насилството може и да се смета како

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

непрактична опција, додека за трети стратешки избор и принцип е да во секој случај се дејствува ненасилно. Како што се зголемува нивната моќ и видливост и како што нивниот глас почнува да се слуша, овие групи, се повеќе ќе се гледат како под закана од тие што имаат моќ и фазата на отворен конфликт станува неизбежлив дел од сето ова што е погоре споменато. Оваа фаза во себе може да вклучи и репресивни мерки, вклучувајќи го тука и физичкото насилство на страната на потиснатите. Ова може да се случи иако групата може да одлучи да дејствува ненасилно. За време на оваа фаза на отворен конфликт, односите помеѓу спротивставените страни ќе се намалат како резултат на конфронтациите и другите развивања внатре во страните или во заедницата воопшто.

Во оваа фаза може да се почне еден нов процес кој така групиран, заедно може да се нарече како "решавање на конфликти" каде што комуникациите се на некој начин воспоставени и е дојдено до решение. Ова не може да биде лесен процес: разговорите може да пропаднат, согласувањата или договорите може да се прекршат од која било страна и секако дека на крај конфликтот може пак да земе замав. Непристрасната интервенција може да помогне, на пример во форма на медијација (посредување), како во подготвувањето така и во текот на преговорите.Така, преку подготвување на теренот, преку дијалогот „очи во очи„ жестината може да се смири, малку надеж и верба би се генерирале, некои од стереотипите и предрасудите би биле елиминирани, кои на крај можат да водат до договор. Еднаш кога сите овие ќе се најдат на своето место, може да се почне со справувањето на остатоците од психолошката штета која што, конфликтот со неговите исходи го имаат предизвикано. Од овде треба да се развиваат позитивни односи помеѓу конфликтните страни (групи) кои што ги поминале овие фази.

Состојбите кои рефлектираат проблеми во комуникацијата можат да се консолидираат со интерни проекти за подобрување на соработката помеѓу сите учесници во воспитно наставниот процес кој ќе рефлектира позитивни промеми во општеството во целина, како и преку наоѓање на начини на изразување на потребите на луѓето во

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

институциите и развој на комуникациските процеси во општеството во целина. Секако дека општествата никогаш не остануваат статични и финалната фаза на мир мора да биде всушност процес кој во себе содржи илјадници други субпроцеси кои што ја одржуваат и развиваат свеста на едукација, справување со разликите. Ова секако ќе побара и многу други работи како учество или партиципација на сите нивоа,  така што некоја нова ситуација на потиснување или угнетување нема да се развие во сценарио со злоупотреба на било чии права во функција на политички или други профити на поединци или групи.

Поттикнувањето на различните форми на комуникација може да доведат до превенција и решение на конфликтите.

Секако дека за да дојде до подобрување на комуникациите потребна е едукација преку:

- едукација на формални кадри на воспитно образовниот процес
- тренинзи на наставници и ученици.

## 5. Референци

[1} Арнаудова В.Нацева Б. Радевска Ј. Илиевска Д. В. (2000) ,,Приоди кон визуелно размислување*, прирачник за ментори БРО, Скопје*

[2] Викс, Д.(1998) Осум есенцијални чекори кон Разрешување на конфликти, зачувување на односите на работа, дома и во заедница, Балкански центар за мир, Филозофски Факултет, Скопје

[3] оцевски Т. Ортаковски В. Георгиева Л. (2000) : Решавање и трансформација на конфликтите, Македонска ризница, Куманово

[4] Бешка П. В. (1995) *Конфликти/Konfliktet* , Филозофски факултет, Скопје

[5] Бешка, П. В. (1995) *Конфликти/Konfliktet* , Филозофски факултет, Скопје

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 6. Користена литература


1. Петровска-Бешка, В.: КОНФЛИКТИ, што претставуваат и како се разрешуваат, Скопје: Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј„, 1995
2. Кава Р.: Како да излезете на крај со непријатните луѓе, Наша култура, Скопје,2007
3. Карнеги Д.: Психологија на успехот – лидерството во вас, Наша книга, Скопје, 2008
4. Арнаудова В. Нацева Б. Радевска Ј. Илиевска Дамчевска В. (2000) "*Приоди кон визуелно размислување"*- прирачник за ментори БРО, Скопје
5. Бешка, В.П. (1995) *Конфликти/Конфликтет* ,Филозофски факултет,Скопје
6. Викс, Д.(1998) *Разрешување на конфликти*, БЦМ, ФФ,Скопје
7. Веинрајт, Г.Р. (2002) *Говор на телото*, Силсонс, Скопје
8. Георгиева Л.(2004): Превенција на конфликти: Од идеја до култура на превенција на конфликти во Македонија,ФЕС.
9. Георгиева Л.(2007): Творење на мирот: Мирот, безбедноста и конфликтите по студената војна, ФФ, Југореклам, Скопје
10. Гоцевски Т. Ортаковски В. Георгиева Л.(2000): Решавање и трансформација на конфликтите, Македонска ризница, Куманово
11. Петковски, К. (2000) *Водството и ефективната комуникација*, Киро Дандаро, Битола
12. Петковски, К. Алексова, М.(2004) *Динамично училиште*, БРО, Скопје
13. Шкариќ, М.О. Herman, Т. Марковска С. Адамчевска,С (1995) Толеранција и чувство на припадност, Балкански центар за проучување на мирот, Филозофски факултет, Скопје
14. Шкариќ М.О. (2007), Ненасилна трансформација на конфликти, Филозофски Факултет , Скопје

39. Raider, V. & Coleman, S. (1995) Разрешување на конфликти, Стратегии за колаборативно решавање на проблеми, Texas LEADership Center/ PREK, BCM, FF, Skopje
40. Tomic, Z. (2003) *Komunikologija*, drugo izdanje, Beograd
41. Janicievic, J. (2000) *Komunikacija i kultura*, I.K. Zorana Stojanovica, Novi Sad
42. Erčulj, J. & Vodopivec, I. (1999) *S komunikacijo do ciljev*, Ljubljana: Šola za ravnatelje
43. Blankenship, J. (1972) *Public Speaking A Rhetorical Perspective*, New Jersey: Prentice-hall, Inc.
44. Holtzman, P. D. (1970) *The Psychology of Speakers' Audiences,* Glenview, Ill.: Scott, Foresman &Company. str. 68
45. Bryant, D. & Wallace, K. (1969) *Fundamentals of Public Speaking*, New York: ACC Meredith Corporation.
46. Wallace, K.R. (1970) *Understanding Discourse*: *The Speech Act and Rhetorical Action*, Baton Rouge: Louisiana State University Press
47. Horton, J. (1995) *Integrating Corporate Communication for Organizational Goals.* Dostapno na: http://www.online-pr.com/Strategic 20Comm 20Course/integratedcommsyll1.html Basic Guide to Conducting Effective Meetings - Dostapno na: http://www.mapnp.org/library/misc/mttgmgmnt.htm
49. Meeting Management – Communications (Writing). Dostapno na: http//www.mapnp.org/library/commskls/com
50. Pecek, P. & Trtnik-Herlec, A. (2004) *Lugeto vo organizacijata*, Brdo pri Kranju: Šola za ravnatelje
51. An Agenda for Peace –Preventive diplomacy, Peacemaking and Peace-keeping”. Report of The
52. Secretary general on the work of the Organisation Adopted by the Security Council, A/47/277, June, 1992

53. Ackermann, Alice (2000). *Making Peace Prevail: Preventing Violent Conflict in Macedonia*.
54. Syracuse, NY: Syracuse University Press.
55. Bruce W. Jentleson, ed. *Opportunities Missed, Opportunities Seized: Preventive Diplomacy in the*
56. *Post-Cold War World*, pp. 3-20. Lanham, MD: Rowman & Littlefield.
57. Георгиева Л.: Превенција на конфликти: Од идеја кон култура за превенција на конфликти во Македонија; Фридрих Еберт, Скопје 2004

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# NON-VIOLENT COMMUNICATION AS THE BASIS FOR CONFLICT PREVENTION

PhD Vesna Damcevska Ilievska

vdamil@yahoo.com

Abstract

Peace management or nonviolent conflict management is generally a process of development of the person, the community and the environment as a whole.

Coming from the theory of conflicts, nonviolent conflict management is based on an approach that contains activities in which the conflictual behavior is treated through peaceful intervention in the beginning of the conflict. Intervention happens in situations where the conflictual behavior surpasses the limits of confrontation and goes towards violence.

Conflict management regulates conflictual relations by use of various strategies. In the scale of activities, prevention of conflicts covers the reactions to occasional threats for the peaceful relations, with the use of mechanisms of peace.

Prevention of conflicts is characterized by constructive approach to solving the problems through initiation of mutual constructive reactions and relation between the involved parties.

**Keywords:** non-violence, assertiveness, peace management

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

# НЕНАСИЛНАТА КОМУНИКАЦИЈА КАКО ОСНОВА ЗА ПРЕВЕНЦИЈАТА НА КОНФЛИКТИТЕ

Д-р Весна Дамчевска Илиевска

vdamil@yahoo.com

**Апстракт**

Мировно управување – ненасилно справување со конфликтите (peace management) е пред се' процес на созревање на индивидуата, заедницата, како и општеството во целина.

Поаѓајќи од аспект на теоријата на конфликти, мировното управување со конфликт и се базира на приоди кои содржат активности со кои се регулира конфликтното однесува ње, преку мирољубива интервенција во почетните фази на конфликтот. Тоа значи дека се интервенира во ситуации кога конфликтното однесување ги надминува границите на конф ронтација и преминува од спорадично кон пошироко насилство.

Конфликт менаџментот ги регулира конфликтните односи користејќи различни стр ртегии.

Во рамки на скалата на активности превенцијата на конфликти ги опфаќа реакциит е кон повремените закани за мирољубивите односи предвидени со механизми на миротвор ство или чување на мирот.

Превенцијата на конфликти се карактеризира со конструктивен приод во решавањ ето на проблемите со поттикнување на взаемно конструктивни реакции и релации помеѓу индивидуите.

**Клучни зборови:** ненасилство, асертивност, мировно управување

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 1. Вовед

Инспирацијата да се биде истражувач на мирот, во голем дел е поттикната од учењето на Јохан Галтунг**,** кој е еден од големите поборници за мирот во современиот свет. Неговото богато животно и научно искуство во потрагата по мирот ги опфаќа сите приоди, филозофски школи на сите научни методи со што придонесол за основата на стратегијата за справување со стуктурното насилство и секако со сопствен пример ја потврдил неопходноста од интер и мултидисциплинарен приод на истражување на мирот.

Мирот кој би бил дефиниран како стадиум од развојот на општеството различен од едноставно отсуство на војна е општествена вредност која ја посакуваат (сакаат) огромен број граѓани. Мирот како идеал, без угнетувања, дискриминации, злоупотреби и насилства е вредност која поседува моќ, зад неа да застане одлучувачко мнозинство на луѓе во секое општество. Барањето за успешни патишта кон тој идеал трае многу долго, испреплеткано со падови и подеми (удолнини и нагорнини) од кои може да се научи.

Ненасилството во суштина е активно дејствување за изградба на мирот во општеството во широка смисла на зборот, а против насилството во директниот физички облик и во формата на структурното, односно културното насилство. Притоа сакам да напоменам дека верувам во тежнеењето на тој идеал, патот како цел, свртеноста на процесот и постојано преиспитување на самиот себеси и општеството во кое живееме.

Ненасилството не е пасивност туку активно, конструктивно, креативно соочување со конфликтите**.**

Скоро една деценија од интелектуалната дејност на Галтунг се одликува со проучување на ненасилството на **Махатма Ганди**.

Појдовната цел за да е бави со пристапот на Ганди е да направи обид да се спротивстави на воената теорија на Норвешка за одбрана на неговата родна земја.

Гандиевото учење ги содржи сите карактеристики на продлабочено филозофско размислување на човекот и односите помеѓу луѓето, но истовремено нуди и практични поуки за справување со неизбежните конфликти кои се јавуваат во меѓучвечките односи,

секогаш да се решаваат по мирен пат. По успешно реализираната борба за независност на Индија за која Ганди има пресудна улога, интересот за неговото учење пораснал во целиот свет.

Филозофијата на ненасилство како заокружено и доследно школо за мислење, постанала предмет на интересирање на многу научници кои ја истражувале можноста за воспоставување на поскладни односи помеѓу луѓето и народите.

Појдовната основа на „Политичката етика на Ганди,, се одликува со уважување на иманентната внатрешна напнатост кај поединецот предизвикана со спротивставеноста на нагонските (несвесни, ирационални) и утврдени правила на однесување и кавгите помеѓу поединци и групи предизвикани како резултат на различни интереси.

Галтунг ги прифаќа методите на ненасилно дејствување на Ганди кои во основа значат "решавање на конфликти на мирен начин кој е наречен,, сатјаграха,, која во суштина значи духовно оружје, оружје на свеста и може да биде употребено само од страна на личности кои се свесни за таа своја моќ. Значи суштината е во свесноста за себе и за потребата од морално усовршување и прочистување од влијанието на нагонското и „валканото во себе,,. Галтунг забележал дека за Ганди, Сатјаграха е поставена високо пред човечките барања во поглед на неговиот однос спрема вистината, така што создавањето на превласт на духот над потребите на телото со практикување на ритуали како што е на пример постењето во религиозните препораки, воздржувањето од задоволување на нагоните, со цел за достигнување на контрола над самите себе. Ганди смета, како што може да се види од неговото учење, дека само тогаш човекот ќе стане моќен и слободен од „слепите сили на подсвеста,,. Секако дека создавањето на превласт на духот над телото не е, според Ганди, на дофат на раката на секој човек, и покрај неговата верба во постојаниот напредок на човештвото и сонот за подобар свет. Галтунг не само што не му замерува за наивниот идеализам на генијалниот Хиндус туку го смета за креатор и генератор на состојба на човековиот дух т.н ГАНДИЗАМ - што значи траен оптимизам и промислување на човекот.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

После аналитичкото гледање на сатјаграха и галтунговото гледање може за се заклучи дека траен мир според филозофијата на ненасилство, е невозможен без духовно прочистување и подобрување на поголемиот дел од припадниците на човечкиот род.

Галтунг ја прифаќа суштината на концептот на сатјаграха и покрај тоа што некои ритуали не се прифатливи за европските земји, но идејата за поддржување на вистинољубивоста во односите со луѓето, самоактуализацијата и љубовта кон секое живо битие ја носат универзалната вредност. Самоостварувањето на човекот, Ганди го гледа на два начини преку Brahmachars и Ахимса. Галтунг и Naess под brahmacharija подразбираат ,,самоконтрола,, за која сметаат дека има поголемо значење од управување со себе.

Значи за да може некој успешно да го смени мислењето на другиот човек или другите луѓе, а при тоа да не го повреди достоинството / не статусот !/ на личноста на која тој сака да влијае, освен чесни намери, знаење, отвореност и храброст мора, како што вели Ганди да владее со своите постапки во потполност **- Brahmacharia.**

Со цел своето учење целисходно да го примени во практичната политичка борба, Ганди основал посебна школа за обука на луѓето за борба за независност на Индија со ненасилни средства.

Така Ашрамите, следбеници на ова учење настојувале со гладување, целибат и медитирање да достигнат независност од надворешни влијанија и духовно прочистување. Подоцна се појавиле разлики во гледањето на обучуваните како ,,елитни борци,, и обичните следбеници што е критикувано од страна на Галтунг. Јохан Галтунг деценија подоцна почнал да поттикнува активности според кои првите чекори за справување и надминување на ,,структурното насилство,, мора да ги прават институции на системот за истражување на мирот.

Друг начин покрај **Brahmachars** како поширок теоретски концепт во рамките на големиот концепт, Сатјаграха, кој исто така успешно ги спојува теоретско филозофските поставки и практичната акција е Ахимса **што значи ненасилство спрема другите, односно активно ненасилно спротивставување на насилството.**

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

## 2. Методи на ненасилно справување со насилството

Успехот со методите на ненасилно справување со насилството е извесен, затоа што постои отвореност за соработка и почитување на личноста на оној чија волја сакаме да ја промениме.

Основно средство во таа борба се зборовите, кои јасно ја искажуваат нашата намера - противникот треба да се придобие со силата на аргументите, а не со уцени, навреди и физички и психички притисоци, кога се критикува, секогаш, мора да се понуди ново решение и на крајот противникот треба да се придобие, а не да се порази.

Тоа што е оригинално, стимулативно и прифатливо пошироко во гандизмот, од гледиште на општата применливост е залагањето за градење на јак поединец, кој успешно ќе владее со себе и ќе одлучува за себе, само човештво составено од претежно вака изградени личности може да се надева на постигнување на траен мир и решавање на сите судири на мирен начин.

Појдовна основа за реализирање на ова истражување се теориите на ненасилство со нагласување на теоријата на Махатма Ганди. Учењето на Ганди за ненасилството како начин на живот поаѓа од старата источна традиција која ја нагласува внатрешно духовната компонента на мирот.

Тој го разбира и практикува ненасилството, како борба која се реализира низ **пет степани**:

1. Искористување на сите регуларни и уставни механизми - справување со конфликтот во рамки на институциите на системот;
2. Агитација - подигнување на свеста на луѓето преку сензибилизација за суштината на конфликтот;

MIT UNIVERSITY
SKOPJE
International Journal of Recent Research in Arts and Sciences
ISSN: 1857-8128

3. Ултимативен степен-писмено претставување на потребите желбите и интересите на луѓето со напомена дека незадоволувањето или игнорирањето на нивните барања ќе доведе до некој вид директна акција;
4. Самопрочистување - следење и развивање на внатрешно духовната сила со одмерување на самопочитувањето како основа за стекнување на почитување од спротивставената страна;
5. Директна - ненасилна акција - непослушност, заради неправедност.

Ганди во ненасилството ја гледа активната борба против неправедните закони верувајќи дека таа борба треба да се темели на силна мотивација, длабоко верување и тренинзи. Гандиевото мото "**средствата се исто толку важни колку и целите**" е централен момент во филозофијата на животот. Во тој контекст, Ганди, целта на ненасилната борба ја гледа во целосното отфрлање на дехуманизацијата на противникот. Превенцијата на насилство може да се постигне преку развој на начините за соочување со конфликтите на конструктивен, ненасилен начин, при што се развива разбирање, се создава доверба и во самиот тој процес често се разлагаат неосновани претпоставки за намерите, потребите и интересите на сите страни во конфликтот. Значи неодминлив услов е комуникацијата со себе и со другата страна!

Со воспоставувањето на комуникација, се создаваат претпоставки за почнување на процесот во кој доаѓа и до редефинирање на сопствените потреби и интереси, кои биле под влијание на гледањето на сопствените интереси и потреби, како и на интересите и потребите на другите страни во конфликтот.

Конфликтот може да се подразбере и како сигнал и како можност за промена на односот меѓу луѓето, како сигнал за почеток, предводник на развојот и напредокот. Страните во конфликтот истовремено се и неразделливиот дел на идниот процес на трансформација и решавање, и тие се тие што ќе воспостават нов однос. Најчесто зад

привидно инкомпатибилните интереси на страните во конфликтот, обично се кријат ставовите и потребите кои не се јасни и видливи на другата страна.

Конфликтите не можат да се спречат или избегнат, додека пак насилството како можен одговор на конфликтот може и да се избегне и да се спречи.

## 3. Можности за превенција на насилството - како да се влијае на одлуката за примена на насилни методи за решавање на конфликт

Не постои пократок пат за спречување на насилството. Изградбата на квалитетна комуникација, доверба и разбирање се процеси кои бараат време, и со почнувањето на тие процеси можеме да го спречиме насилството или првобитно да го сведеме на ниско ниво.

Секоја индивидуа која јавно ги застапува ставовите со цел да реагира на неправда во општеството, има влијание врз **градење на взаемна граѓанска моќ** ако тоа го прави и во своето приватно опкружување, ако тоа го прави од своето лично чувствување за одговорност во заедницата во која живее.

Мирот кој би бил дефиниран како стадиум од развојот на општеството различен од едноставно отсуство на војна е општествена вредност која ја посакуваат (сакаат) огромен број граѓани. Мирот како идеал, без угнетувања, дискриминации, злоупотреби и насилства е вредност која поседува моќ зад неа да застане одлучувачко мнозинство на луѓе во секое општество. Барањето за успешни патишта кон тој идеал трае многу долго, испреплеткано со падови и подеми (удолнини и нагорнини) од кои може да се научи.

На ненасилството треба да се гледа како на активно дејствување за изградба на мирот во општеството во широка смисла на зборот, а комплексноста на справувањето со насилството во директниот физички облик и во формата на структурното, односно културното насилство наведува на трагање по модели на едукација за да се стигне до тој идеал, значи патот е едукација и какосредство и како цел, со методот на постојано преиспитување на самиот себеси и опкружувањето.

Ненасилството не е пасивност туку активно, конструктивно, креативно соочување со конфликтите, тренинзи од областа на мировните науки како и пошироко согледување на конфликтите, заради подобро разбирање на нивната природа.

## 4. Форми на ненасилството

Мартин Лутер Кинг за ненасилството сметал дека е моќно и праведно оружје, кое "напаѓа,, без оставање на рани. Тоа е оружје кое го продуховува оној кој го употребува. Тој смета дека ненасилството може да биде и политичка стратегија и лична филозофија која го отфрла користењето на насилни методи во напорите да се спроведат општествени и политички промени. Како алтернатива за пасивноста од една страна и вооружената борба во друга крајност, ненасилството нуди креативни можности како што се: граѓанската непослушност, ненасилниот отпор или сила на несоработката комбинирана со убедување . Ненасилниот пристап во општествената борба претставува радикално отстаспување од конвенционалното размислување за моќта и конфликтите. Мартин Лутер рекол: „ Ненасилството значи одбегнување не само на надворешното физичко насилство туку и на внатрешното духовно насилство.

„Вие не одбивате да го убиете човекот, туку одбивате и да го мразите„.

Мартин Лутер Кинг бил голем поборник и промотор на говорите, бидејќи сметал дека тоа е најдобриот начин некој да се придобие. Заедно со говорите на Махатма Ганди и во некој дел Л.Н. Толстој напишале„ Божјата вистина е во тебе„. .Ја напишале книгата за ненасилната борба за човековите права. Ганди бил духовен водач на Мартин Лутер Кинг. Ганди бил првиот човек во историјата кој Исусовата етика на љубов ја воздигнал од обична метода на давање и примање меѓу луѓето, до моќна социјална сила.[1]

За да се детерминира ненасилниот приод во справување со конфликтите, кој би значел и активно ненасилно спротивставување во функција на постигнување на взаемна полза, како соодветен термин ни се наметнува асертивноста. Асертивност е збор кој

ISSN: 1857-8128

сеуште нема своја македонска варијанта, а преведен од англиски означува упорност, самосвесност. Како поим, асертивноста кај нас сеуште не заживеала во секојдневието, како појава, асертивноста е  присутна, без оглед на зборовите и преводите.

Асертивноста означува застапување и реализирање на сопствените потреби и интереси на неагресивен начин и не на штета на други луѓе. Вака опишана асертивноста се изразува во различни ситуации како што е барање на сопствени права, интереси желби, одбивање на неоправдани барања, спротивставување на неправди и тоа без чувство на страв и кривица. Значи асертивноста е еден корисен начин на однесување и чувствување - асертивната личност бара и го добива тоа што го сака, а при тоа да не им наштети на луѓето околу себе.

За разлика од нив неасертивните  личности  се нејасни во изрекувањето на тоа што го сакаат, тешко или никако не ги одбиваат туѓите барања кои не им се по волја , своето мислење го сметаат помалку важно од мислењето на другите, посрамежливи се, се чувствуваат фрустрирано, депресивно, со ниско самопочитување, реагираат со повлекување, со неодлучност и повлекување.

Асертивноста се забележува од рана возраст. Поасертивните и социјално покомпетентните деца можат да го регулираат изразувањето на своите емоции, посебно негативните, што ја намалува појавата на депресивни и други психопатолошки реакции. Асертивните деца  повешто бараат социјална поддршка од другите луѓе во ситуации кога најблиските (родителите) не можат.

Асертивноста всушност значи самоуверено реагирање кое не е ниту пасивно ниту агресивно, тоа во основа е самопотврдувачки начин на остварување на спостворените права и потреби. Во основа на ваквата реакција е двојната грижа: за себе и сопствените потреби и грижа за другиот и неговите пореби. Асертивното реагирање како и секое друго однесување може да се учи. Една од најчестите причини зошто луѓето не ја чувствуваат потребата јасно и гласно да соопштат што им пречи или што сакаат е нивната навика да ги игнорираат сопствените права и потреби.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

Значи важно е да знаеме кои се нашите основни интереси и потреби. Кога добро ги познаваме своите права, потреби и интереси, тогаш можеме и сами да ја почитуваме и прифатиме сопствената одговорност за реализација на тие права.

## 5. Што покажаа некои прелиминарни истражувања?

Со цел да се добијат податоци за облиците на однесување во конфликтни ситуации, стиловите на преговарање, начините на справување со конфликти, во периодот од 2004 - 2007 авторот на овој труд има направено истражувања. За таа цел беа применети прашалници кои се дадени во прилог, а испитаници беа наставници, директори и родители на ученици и ученици во основни и средни училишта.

Анализата на податоците покажа дека е присутен традиционалниот непопуларен приод за справување со конфликтите со облици на однесување кои во основа значат : напаѓање, игнорирање односно покажување желба за победа преку искажување на отворена агресивност.

## 6. Дијалогот како основно средство за справување со конфликтите

Добриот дијалог претпоставува смирена атмосфера и ралаксирани соговорници кои уживаат во разговорот и имаат меѓусебно почитување. Пмеѓу нив постои соработка, активно слушање, почитување на однапред договорени правила за меѓусебно комуницирање, кратки и јасни говорења на едниот, па на другиот или другите соговорници. Дијалогот се започнува по повод прашања кои треба да се одговорат. Дијалогот е еден процес на учење. Во групата за дијалог може да има најмногу седум учесници за да се одвива слободно и за да може секој учесник да учествува рамноправно. Дијалогот не е дебата со која се докажува кој е во право.

Во дебатата постои обид да се наметне решение. Дијалогот има цел секоја страна да ја искаже својата вистина за проблемот. Некогаш е поважен самиот разговор како процес отколку исходот односно заклучокот.

Тоа што дава основа за оценка дека дијалогот е добар е чувството кај учесниците дека нешто научиле, дека има повисоко ниво на надеж. Но секако најмногу кога се доаѓа до заедничка вистина, до взаемно чувство на задоволство од исходот.[2] Со анализите на стратегиите на градење на мирот се отвораат бројни прашања за пред-конфликтниот и пост-конфликтниот период, за превенцијата на конфликтите како и за парадигмата за современите конфликти. Гледано од теориски аспект постојат бројни различни размислувања и прашања во смисла:

- Дали современите конфликти можат да се решат и да се намалат потенцијалите за насилно конфликтно однесување?
- Дали современите конфликти можат да се трансформираат, а конфликтните актери ќе се согласат со заедничко решение;
- Дали конфликтот може да се превенира?

Од прашањата произлегува и практичната страна на проблемот, стратегијата за справување со насилните облици на поведение како методи на разрешување на конфликтите. Присуството на мислењето дека кон современиот (етнополитички) конфликт може да се пристапи со различни стратегии на управување на конфликтот е основа за трагање по најсоодветна, најцелисходна стратегија која ќе биде пат до позитивен исход во конфликтот. Со оглед на тоа дека и превенцијата и справувањето со конфликти се процеси кои бараат стратешко планирање, кое ја има како придружник временската рамка, како слабост може да се очекува проблем доцнење кој во изминатиот период донесе непроценливи последици во човечки жртви.

Концептот на превенција на конфликтите може да се одбележи како базичен концепт вграден во Повелбата на ООН. Слаба страна на тој концепт е појаснувањето на приодот и очекуваните исходи, нагласување на важноста на превенцијата во долгорочни ефекти по зајакнувањето на капацитетите на индивидуите и групите да се справуваат со сопствените импулси кои можат да рефлектираат насилства.

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 7. Институционализација на превенцијата

Според Обединетите нации - примарната одговорност за превенција на конфликти ја сносат националните влади, при што важна улога има граѓанското општество. . .односно дека. . главна улога на Обединетите нации и на меѓународната заедница е да ги поддржат националните напори за превенција на конфликти и да помогнат во градењето на националните капацитети на ова поле.[3]

Како резултат на овој извештај реализирани се бројни научни дебати со експертски расправи за комплексноста и употребливоста, за досегашните искуства поврзани со превенцијата на конфликтите. Заеднички именител на заложбите е потребата од внесување на превентивните активности во систем, односно институционализирање на правенцијата. Се наметна традиционалната поука дека е ,,подобро да се спречи отколку да се лечи,, а идејата за превенција на конфликтите сериозно продре во овие институции.

## 8. Меѓународни аспекти на превенцијата

Агендата за мир на генералниот секретар на ООН има создадено операционална рамка за ревитализација на превенцијата (иако многу автори не се согласуваат со обидите да се преклопи дефиницијата за превентивната дипломатија со превенцијата на конфликтите). Текстот дава кус преглед на идејата за превенција и улогата на меѓународните институции како и проблемите кои се јавуваат во имплементирањето на превенцијата.

Дека превенцијата на конфликти е една од примарните должности на земјите членки, како што и е утврдено во Повелбата и напорите на Обединетите нации во оваа насока мора да бидат во согласност со целите и принципите од Повелбата. Превенцијата на конфликти исто така е дејствие кое најдобро е опфатено во глава 6 од Повелбата.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Превенцијата најнапред треба да ги отстрани потенцијалите и причините за насилно однесување, потоа да спречи повторно појавување на насилството во било каков облик.

За да биде најефективна, превентивната акција треба да биде иницирана во најраниот можен стадиум на конфликтниот циклус. Една од основните цел на превентивната акција треба да биде посочување на длабоко вкоренетите социоекономски, културни, еколошки, институционални и други структурални причини кои честопати ги поттикнуваат директните политички симптоми на конфликтите.

Ефективната превентивна стратегија бара сеопфатен пристап кој опфаќа како краткорочни така и долгорочни политички, дипломатски, хуманитарни, човекови права, развојни, институционални и други мерки преземени од меѓународната заедница, во соработка со националните и регионалните актери. Превенцијата на конфликти и одржливиот и праведен развој се активности кои vзаемно се надополнуваат. Инвестирањето во националните и меѓународните напори за превенција на конфликти мора да се гледа како едновремена инвестиција во одржливиот развој се додека истиот не стане дел од одржливиот мир.

Се поставува прашањето: дали конфликтите воопшто можат да се спречат, односно да се превенираат?

Со специфицирањето на целта на превенцијата: да се спречи насилството како средство за разрешување на недоразбирањата, а не да се спречи конфликтот, се создаде простор за откочување на теориските и аналитичките дебати околу тоа: што претставува концептот на превенција на конфликти? Како резултат на тој напредок, денес коментарите во однос на конфликтите кои ескалираат во насилство не е дека тие се последица на виша сила; дека се неизбежна последица на историските процеси; или дека ништо не можело да се стори да се спречи насилството. Напротив, се почести се изјавите дека ескалацијата во насилство можела да биде одбегната, како и прашањата: зошто насилствата не биле спречени и кој е одговорен за тоа?

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Искуствата на меѓународните институции во вградувањето на концептот за превенција на конфликти како секојдневна активност и како долгорочна стратегија е различно. Неопходни сериозни, дополнителни напори, да се превенират конфликтите пред тие да прераснат и да ескалираат во сериозно насилство.

За потребата од превентивно дејствување за справување со агресивното однесување не е потребно некое научно истражување, со оглед на тоа дека сите медиуми и пишани и електронски, сите дневници на стручните и раководните служби на основните и средните училишта се преполнети со информации и сведоштва на насилства.

Во текот на реализацијата на програми за обука на наставно воспитен и стручен кадар како и лидерски тимови, од обласа на комуникациите во образовните организации применети се нестандардизирани интервјуа, прашалници од есејски тип. Применетите инструменти даваат податоци од кои се гледа потребата од вклучување на едукацијата за справување со конфликти.

Целта на овој стручен труд е да укаже дека превенцијата како пристап или како стратегија може да биде поефикасна од интервенцијата. Во таа смисла превенцијата се дефинира како долгорочна стратегија која претставува составен дел на градењето на мирот, преку образовниот процес да се дејствува на ставовите и перцепциите, секако и на однесувањето кај поединците кои се страни во конфликтните ситуации.

## 9. Македонски модел на превенција

Всушност од Македонскиот пример на релативно успешна превенција произлегоа низа сериозни лекции. Генерална лекција и за меѓународните и за домашните актери е дека превенцијата на конфликтите не може да се прикаже како формула која на површината ќе ги залечи проблемите, а во суштина ќе ги остави отворени длабоките политички (етнополитичка мобилизација, корупција, криминал), економски (неразвиеност, невработеност, недостаток од инвестиции, нелегална трговија), социјални

(сиромаштија, низок стандард) и безбедносни (нелегално поседување и трговија со оружје, нелегална трговија со луѓе) причини за конфликтите.

На крајот, мора да се истакне дека на **превенцијата** не треба да се гледа како на магично стапче кое ќе ги отстрани проблемите или ќе ги спречи конфликтите.

Напротив, на превенцијата тереба да се гледа како збир на мерки опфатени со операционална превенција/кризен менаџмент (краткорочна превенција) и стратегија и мерки за справување со структурните причини за конфликтите (структурна или долгорочна превенција). Во секој случај таа е многу поисплатлива стратегија отколку што тоа може да се препознае во практиката. Затоа треба да се надминат многу празнини и недостатоци, особено оние кои стојат помеѓу академската и заедницата на практичарите или помеѓу разположливите инструменти и вољата тие да се употребат или да се координираат со други актери. Основен проблем кој се јавува е: од една страна, како да се надмине јазот помеѓу овозможувањето на навремена информација и анализа од страна на аналитичарите до корисниците (политичките елити, владини и невладини актери, меѓународни актери) и, од друга страна, таа да резултира со навремена акција од страна на практичарите. Но, искуствата покажуваат дека навременото, рано предупредување не секогаш резултира во рана акција за спречување на насилниот конфликт. Најчесто, знаците за предупредување не се доволен мотив за загриженост и сериозна политичка акција. Ова е карактеристично и за социјалните и етнополитички кризи во кои вообичаено се интервенира задоцнето (откако ќе се појават сериозни знаци на насилство) и на тој начин се стеснуваат и можните средства за дејствување. За да се премости бариерата помеѓу добивањето навремена информација и преземањето на превентивни мерки потребно е во процесот на донесување одлуки да се процени и прифати ризикот дека превенцијата ќе биде поисплатлива од неинтервенцијата или од доцната интервенција. Во секој случај клучно е превенцијата да стане редовна активност на многуте општествени, владини и невладини актери и културата на интервенција (или неинтервенција) да се замени со култура на превенција.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 10. Културата на насилство да се замени со демократска и култура на миротот

Примената на Моделот на интерактивно конфликтно партнерство во образовните организации и институции има најсилно влијание на имплементацијата на ОРД, преку стекнување на знаења и вештини за дијалог, ненасилна комуникација, знаења од областа на решавање на конфликти како и нивна превенција, пред се може да се влијае на конфликтното однесување на сите учесници во процесот.

## 11. Референци

[1] Преземено од интернет Creative Commons Attribution/Share-Alike License.

[2] Шкариќ М.О. (2007), Ненасилна трансформација на конфликти, Филозофски Факултет, Скопје

[3] Georgieva L.: Prevencija na konflikti: Od ideja kon kultura za prevencija na konflikti vo Makedonija; Fridrih Ebert, Skopje 2004

## 12. Користена литература

1. Адижес Исак: Овладување со промените, Детра,Скопје,1994
2. Петковски К. и Алексова М.: Водење на динамично училиште, Биро за развој на образованието, Скопје, 2004
3. Петковски К. и Пеливанова Г.: Предизвици на современото лидерство во образованието, Херакли Комерц, Битола, 2009
4. Петковски К.: Водството и ефективната комуникација, АД Киро Дандаро, Битола, 2000
5. Петковски К. и Јанкуловска П.: Деловно комуницирање, ИРИС- Р, Струга, 2006
6. Петровска-Бешка, В.: КОНФЛИКТИ, што претставуваат и како се разрешуваат, Скопје: Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј„, 1995
7. Кава Р.: Како да излезете на крај со непријатните луѓе, Наша култура, Скопје,2007

8. Карнеги Д.: Психологија на успехот – лидерството во вас, Наша книга, Скопје, 2008
9. Арнаудова В. Нацева Б. Радевска Ј. Илиевска Дамчевска В. (2000) “*Приоди кон визуелно размислување”*- прирачник за ментори БРО, Скопје
10. Бешка, В.П. (1995) *Конфликти/Конфликтет* ,Филозофски факултет,Скопје
11. Викс, Д.(1998) *Разрешување на конфликти*, БЦМ, ФФ,Скопје
12. Веинрајт, Г.Р. (2002) *Говор на телото*, Силсонс, Скопје
13. Георгиева Л.(2004): Превенција на конфликти: Од идеја до култура на превенција на конфликти во Македонија,ФЕС.
14. Георгиева Л.(2007): Творење на мирот: Мирот, безбедноста и конфликтите по студената војна, ФФ, Југореклам, Скопје
15. Гоцевски Т. Ортаковски В. Георгиева Л.(2000): Решавање и трансформација на конфликтите, Македонска ризница, Куманово
16. Петковски, К. (2000) *Водството и ефективната комуникација*, Киро Дандаро, Битола
17. Петковски, К. Алексова, М.(2004) *Динамично училиште*, БРО, Скопје
18. Шкариќ, М.О. Herman, Т. Марковска С. Адамчевска,С (1995) Толеранција и чувство на припадност, Балкански центар за проучување на мирот, Филозофски факултет, Скопје
19. Шкариќ М.О. (2007), Ненасилна трансформација на конфликти, Филозофски Факултет , Скопје
20. Raider, V. & Coleman, S. (1995) Разрешување на конфликти, Стратегии за колаборативно решавање на проблеми, Texas LEADership Center/ PREK, BCM, FF, Skopje
21. Tomic, Z. (2003) *Komunikologija*, drugo izdanje, Beograd
22. Janicievic, J. (2000) *Komunikacija i kultura*, I.K. Zorana Stojanovica, Novi Sad
23. Erčulj, J. & Vodopivec, I. (1999) *S komunikacijo do ciljev*, Ljubljana: Šola za ravnatelje
24. Blankenship, J. (1972) *Public Speaking A Rhetorical Perspective*, New Jersey: Prentice-hall, Inc.

25. Holtzman, P. D. (1970) *The Psychology of Speakers' Audiences,* Glenview, Ill.: Scott, Foresman &Company. str. 68
26. Bryant, D. & Wallace, K. (1969) *Fundamentals of Public Speaking*, New York: ACC Meredith Corporation.
27. Wallace, K.R. (1970) *Understanding Discourse*: *The Speech Act and Rhetorical Action*, Baton Rouge: Louisiana State University Press
28. Horton, J. (1995) *Integrating Corporate Communication for Organizational Goals.* Dostapno na: http://www.online-pr.com/Strategic 20Comm 20Course/integratedcommsyll1.html Basic Guide to Conducting Effective Meetings - Dostapno na: http://www.mapnp.org/library/misc/mttgmgmnt.htm
30. Meeting Management – Communications (Writing). Dostapno na: http//www.mapnp.org/library/commskls/com
31. Pecek, P. & Trtnik-Herlec, A. (2004) *Lugeto vo organizacijata*, Brdo pri Kranju: Šola za ravnatelje
32. An Agenda for Peace –Preventive diplomacy, Peacemaking and Peace-keeping". Report of The
33. Secretary general on the work of the Organisation Adopted by the Security Council, A/47/277, June, 1992
34. Ackermann, Alice (2000). *Making Peace Prevail: Preventing Violent Conflict in Macedonia*.
35. Syracuse, NY: Syracuse University Press.
36. Bruce W. Jentleson, ed. *Opportunities Missed, Opportunities Seized: Preventive Diplomacy in the*
37. *Post-Cold War World*, pp. 3-20. Lanham, MD: Rowman & Littlefield.
38. Георгиева Л.: Превенција на конфликти: Од идеја кон култура за превенција на конфликти во Македонија; Фридрих Еберт, Скопје 2004

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# THE UNITED NATIONS AND THE RIGHT TO TRUTH

*Marjan Madjovski, PhD*

*Email:marjanmadjovski@gmail.com*

## Abstract

The right to truth is recognized by relevant international and regional organizations, as well as by international and regional courts. The United Nations has recognized it through the documents and practice of all its bodies, from Security Council statements, General Assembly resolutions, through the Secretary-General's reports and numerous decisions of the Human Rights Council, the Human Rights Commission and the UN High Commissioner for Human Rights. In addition to recognition, the UN has done much to formulate and promote the right to truth. The set of anti-impunity principles has authoritatively determined the content of this right, and the UN is firmly adhering to the definition in that document.

The right to truth is recognized in the legal decisions of courts in many countries, as well as by international judicial bodies, but although its basic elements are well established, it continues to develop and can be characterized differently in different legal systems. The right to truth enables people to find out the facts about the circumstances of their own or the suffering of their loved ones, but also about every citizen about the circumstances under which mass crimes and violations of human rights and international humanitarian law were committed. There is no argument for derogation of this right, regardless of the circumstances of the state and society.

**Keywords:** *right to truth; United Nations; transitional justice; human rights violations; truth commissions.*

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

# ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ И ПРАВОТО НА ВИСТИНА

*Д-р Марјан Маџовски*

*Email: marjanmadjovski@gmail.com*

**Апстракт**

Правото на вистината е признато од релевантни меѓународни и регионални организации, како и од меѓународни и регионалните судови. Обединетите нации го признаа преку документите и практиката на сите своите тела, од соопштенијата на Советот за безбедност, резолуциите на Генералното собрание, преку извештаите на Генералниот секретар и бројни одлуки на Советот за човекови права, Комисијата за човекови права и Високиот комесар на ОН за човекови права. Покрај признавањето, ОН направија многу за формулацијата и промовирањето на правото на вистина. Множеството принципи за борба против неказнивоста авторитативно ја одреди содржината на ова право, а ОН цврсто се придржуваат до дефиницијата од тој документ.

Правото на вистина е признато во законските решенија на судовите во повеќе земји, како и од меѓународните судски тела, но иако неговите основни елементи се добро воспоставени,тоа продолжува да се развива и може да се карактеризира различно во разни правни системи. Правото на вистината им овозможува на луѓето да ги дознаат фактите за нивните или за околностите за страдањата на нивните најблиски, но и за секој граѓанин за околностите под кои се извршени масовни злосторства и кршење на човековите права и меѓународното хуманитарно право. Нема аргументи за дерогирање на ова право, без оглед на околностите на државата и општеството.

**Клучни зборови:** *право на вистина; Обединети нации; транзициона правда; кршење на човековите права; комисии за вистина.*

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

## 1. Вовед

Жртвите на грубо кршење на човековите права и сериозни прекршувања на меѓународното хуманитарно право и нивните семејства имаат право на ефективен лек. Ова вклучува право да се знае вистината за сторените злоупотреби, вклучувајќи го идентитетот на сторителите, причините што довеле до прекршувањата и, доколку е соодветно, крајната судбина или каде се наоѓаат присилно исчезнатите. Правото е признато во законските решенија на судовите во повеќе земји, како и од меѓународните судски тела. Иако неговите основни елементи се добро воспоставени, правото на вистина продолжува да се развива и може да се карактеризира различно во разни правни системи.[1]

Концептот за право на вистина добива на значење во последните децении. Историски гледано, овој концепт ги наоѓа своите корени во меѓународното хуманитарно право и е предмет на различно практицирање низ националните, регионалните и меѓународните јурисдикции.[2] Случај со највисок профил е случајот Веласкез Родригез (Velázquez Rodríguez) од 29 јули 1988 година (Серија Ц, бр. 4, стр. 157), во кој со одлуката на судот се прогласи правото да се знае за семејството на жртвата, дури и без кривични казни: „Државата е должна […] да ја испита секоја ситуација кога човековите права заштитени со [Американската] Конвенција [за човекови права] биле повредени”, “обврска што„ продолжува сè додека не се утврди неизвесната локацијата на исчезнатите лица. “(став 176). Суштината на пресудата на Интерамериканскиот суд за човекови права во случајот Веласклез - Родригез против Хондурас во правната практика беше експлицитно потврдена со подоцнежните пресуди на Европскиот суд за човекови права и разните документи на ООН, како што е извештајот од 2004 година на Генералниот секретар за „Владеење на правото и транзиционата правда во конфликтните и постконфликтните општества“.

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Првото на експлицитно проширување на опфатот на вистина загарантиран со правото на вистина (со цел да се вклучи контекстуалната вистина), беше преземено во Принципите за неказнивост во 1997 година. Подоцна беше потврдено и во ажурираните Принципи за неказнивост во 2005 година. Начелата за неказнивост експлицитно укажуваат дека жртвите и нивните семејства имаат неспорно право да ја знаат вистината за околностите во кои се случиле прекршувањата и, во случај на смрт или исчезнување, судбината на жртвите.[3] Ваквото проширување на опфатот на вистината загарантирано со правото на вистина, понатаму се пресликува во извештаите и резолуциите на Високиот комесар за човекови права.[4] Во својот Извештај за 2006 година за правото на вистина, Високиот Комесар за човекови права на ОН, Луис Арбур (Louise Arbour) изјави дека „под правото на вистина подразбира осознавање на полната и целосна вистина за настаните што се појавиле, нивните специфични околности и кој учествувал во нив, вклучително и да се знаат околностите во кои се случиле прекршувањата, како и причините за нив“.[5] Конечно, ООН понудија и пошироко толкување на материјалниот обем на правото на вистина. Во својот „Извештај за унапредување и заштита на правото на слобода на мислење и изразување“, Специјалниот известувач за унапредување и заштита на правото на слобода на мислење и изразување на Советот за човекови права на ОН, Франк Ла Ру (Frank La Rue) експлицитно ја признава важноста за жртвите и нивните семејства за пристапот до информации за околностите околу кршењето на човековите права.[6]

## 2. Правото на вистина во системот и механизмите на Обединетите нации

Меѓународните и националните искуства доведоа до повеќе различни институционални и процедурални механизми за спроведување на правото на вистина. Националните кривични судски постапки обезбедуваат еден начин да се поддржи правото на вистина. Трибуналите ја решаваат правдата, но исто така ја тестираат вистината според строгите доказни и процедурални стандарди и во судската постапка ги утврдуваат

фактите. Во промовирањето на правото на вистина, државите треба да гарантираат широк правен статус во судскиот процес на која било странка на која и е направена повреда и на кое било лице или невладини организации кои имаат легитимен интерес.[7] Националните кривични постапки им овозможуваат на жртвите и нивните роднини да учествуваат и да интервенираат во кривичната постапка. Неколку земји, исто така, им дозволуваат на трети лица и невладини организации да интервенираат во кривична постапка (Колумбија, Франција и Шпанија). Други судски постапки ограничени на истрага и документација, како што се т.н. „судења на вистината“ во Аргентина, можат да обезбедат важен начин за спроведување на правото на вистината, без притоа да предизвикаат гонење и казна. Судските процедури - како што е habeas corpus и amparo - можат да помогнат да се обезбеди остварување на правото на вистина,[8] особено во случаи на присилно исчезнување и незаконски притвор (Перу).

Обединетите нации го развиваат правото на вистината преку Комисијата на ОН за човекови права заменета со Советот за човекови права во 2006 година и преку Канцеларијата на Високиот комесаријат на ОН за човекови права. Првиот и досега единствениот меѓународен договор кој експлицитно го наведува правото на вистина е Конвенцијата за заштита на сите лица од присилно исчезнување, усвоена со Резолуцијата на Генералното собрание на ОН на 6 февруари 2007 година.[9] Во Преамбулата на Конвенцијата страните го потврдуваат „правото на жртвата да ја знае вистината за околностите за исчезнување и судбината на исчезнатото лице“, како и„ право на слобода да бара, прима и комуницира информации во врска со ова“. Во текстот на Конвенцијата, правото уште еднаш е директно загарантирано со член 24, став 2: „Секоја жртва има право да ја знае вистината за околностите на присилното исчезнување, напредокот и резултатите од истрагата и судбината на исчезнатото лице. Секоја земја-членка презема соодветни мерки во овој поглед.“ Конвенцијата стапи во сила на 23 декември 2010 година, откако 20 држави поднесоа инструменти за ратификација. Заклучно со крајот на април 2014 година, имаше 93 потписи и 42 ратификации. Од најголемите држави кои сеуште не се

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

приклучиле на конвенцијата, се издвојуваат САД, Обединетото Кралство, Русија и Кина.[10] Република Северна Македонија се приклучи на 7 февруари 2007 година, но сеуште ја нема ратификувано Конвенцијата.

Резолуцијата на ООН за правото на вистина донесена на 70-та пленарна седница на Генералното собрание на 18 декември 2013 година ја препознава важноста на почитување и обезбедување на правото на вистина за да се придонесе кон ставање крај на неказнивоста и за промовирање и заштита на човековите права. Резолуцијата го поздравува воспоставувањето во повеќе држави на специфични судски механизми и несудски механизми, како што се комисиите за вистина и помирување, кои го надополнуваат правосудниот систем, да ги испитаат кршењата на човековите права и кршењата на меѓународното хуманитарно право и го цени разработувањето и објавувањето на извештаите и одлуките на овие тела. Исто така, таа ги охрабрува засегнатите држави да дистрибуираат, имплементираат и да го следат спроведувањето на препораките за несудските механизми, како што се комисиите за вистина и помирување, и да даваат информации за почитување на одлуките на судските механизми. Воедно, во точка 4 ги охрабрува другите држави да размислат за воспоставување на специфични судски механизми и, кога е соодветно, комисии за вистина и помирување за да го надополнат правосудниот систем за истраги и решавање на грубото кршење на човековите права и сериозните прекршувања на меѓународното хуманитарно право. Притоа, Резолуцијата ги охрабрува државите и меѓународните организации да обезбедат неопходна и соодветна помош за државите баратели за правото на вистина. Исто така, ги охрабрува државите и меѓународните организации да ја прифатат важната улога на граѓанското општество во следењето на примената на препораките на комисиите за вистина и ги охрабрува донаторите да ја направат обуката, поддршката и јакнењето на граѓанските организации како приоритет во рамките на сеопфатниот приод за транзициона правда. Во точка 10, се охрабруваат државите кои сè уште тоа не го сториле да воспостават национална политика на архивирање што гарантира дека сите архиви што се

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

однесуваат на човековите права се зачувани и заштитени и да се донесе легислатива која ќе осигура дека документарното наследство на нацијата треба да се зачува и заштити и се создава рамка за управување со државните списи од нивното создавање до нивно уништување или зачувување, и води сметка во оваа смисла за тековните напори на Советот за човекови права, Кабинетот на Високиот комесар на Обединетите нации за човекови права, Образовната, научната и културната организација на ООН, регионалните организации и други заинтересирани страни за систематизација на постојните стандарди во областа на пристапот до информации, заштита и зачувување на евиденцијата и управување со архивите. Резолуцијата ги зема во предвид претходно донесените документи: Резолуцијата на Комисијата за човекови права 2005/66 од 20 април, 2005, Одлуката на Советот за човекови права 2/105 од 27 ноември 2006 и Резолуцијата 9/11 од 18 септември 2008, 12/12 од 1 октомври 2009 и 21/7 од 27 септември 2012 за правото на вистина.

Во областа на т.н „меко право" создадено од ОН, резултатите се далеку позначајни. Конференцијата за човекови права, одржана во Виена во 1993 година, организирана од Обединетите нации, резултираше со Виенска декларација и програма за акција, во која се нагласува загриженоста за неказнивоста за масовни прекршувања на човековите права и ѝ се наложува на Комисијата да ги испита сите аспекти на овој проблем.[11] Комисијата го ангажираше независниот експерт Луис Жонет (Louis Joinet) да состави сет на принципи за борба против неказнивоста[12], кој подоцна беше изменет од друг независен експерт, Дајан Орентличер (Diane Orentlicher), и конечно беше усвоен на седницата на Комисијата во февруари 2005 година. Сетот принципи ги поставува темелите за дефинирање на сите елементи на транзиционата правда. Правото на вистината јазично и методолошки е дефинирано како човеково право, во следнава форма: *„Секој има неприкосновено право да ја знае вистината за минатите настани во врска со тешките злосторства, како и вистината за околностите и причините што, преку масовно и систематско насилство, доведоа до овие злосторства"*. Така, овие експерти недвосмислено заземаат став дека

ISSN: 1857-8128

правото на вистината е неотуѓиво човеково право и му припаѓа на секој поединец, со што значително се проширува кругот на корисници на правото.

Без оглед на општата дефиниција за правото на вистина, сетот принципи посебно го нагласува правото на жртвите и семејствата на жртвите да ја знаат вистината за околностите под кои настанало насилството, а во случај на исчезнување или смрт и судбината на жртвата. Овој принцип се применува без разлика дали имало судска истрага или не. Посебен принцип е посветен на обврската на државата да овозможи ефикасно спроведување на правото на вистината, и преку судски и вонсудски механизми. Принципот посебно ги наведува одредбите за вистината или другите истражни комисии како механизми кои што можат да придонесат за општествата што поминале низ периоди на масовно насилство и систематски прекршувања на човековите права. Исто така, се нагласува обврската на државата да ги чува сите архиви и документи за сторени злосторства и сериозни прекршувања на човековите права. Овие докази се дел од наследството на целото општество и членовите на заедницата имаат право да се запознаат со нив. Исто така, зачуваната меморија во форма на архиви и слично организирано знаење е еден од елементите на борбата против повторување на злосторствата, но и нивно негирање или релативизирање. Покрај дефинирањето на општите принципи за правото на вистина, цел дел од документот е посветен на истражните комисии, меѓу кои посебно се истакнуваат комисиите за вистина. Документот ги пропишува принципите за формирање комисии, независност, непристрасност и компетентност на нивните членови, компетентност и работа на комисијата, но и принципите според кои треба да се водат во особено деликатните области, како што е објавување на имињата на сторителите.[13]

Нова потврда за правото на вистина дојде преку усвојување на документот „Основни принципи и водич низ правото на правен лек и репарација за жртвите на сериозни прекршувања на меѓународното право за човекови права и меѓународно хуманитарно право“, подготвено од специјалниот известувач на ОН, Тео Ван Бовен (Theo Van Boven) и Махмуд Шериф Басиуни (Mahmoud Cherif Bassiouni). Во 2005 година,

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

откако документот го усвои Комисијата за човекови права, во форма на резолуција беше усвоен и од Генералното собрание на ОН.[14] Во документот се наведени правата на жртвите и обврските на државите, притоа експлицитно е наведено дека државите имаат обврска, како вид на сатисфакција: да ги признаат фактите и јавно да ја откријат целата вистина се до граница на загрозување на безбедноста на жртвата, роднините или сведоците; и да започнат истрага за судбината на исчезнатите, идентитетот на киднапираните деца и да ги пронајдат телата на убиените. Документот посебно ја пропишува обврската на државите да обезбедат пристап до релевантни податоци за жртвите и нивните најблиски. Жртвите и нивните претставници имаат право да бараат „информации за причините за нивната виктимизација и причините и условите што довеле до масовно кршење на човековите права и меѓународното хуманитарно право и да се дознае вистината за овие прекршувања“.

Проширувањето на правата на сите жртви на кршење на човековите права, и не само на исчезнатите лица, е исто така видливо преку заклучоците на договорните тела на Обединетите нации. Така, на пример, Комитетот за човекови права, телото на спогодбата што ја надгледува имплементацијата на Пактот за граѓански и политички права, во своите заклучоци за извештајот од Гватемала од 1996 година, препорачува земјата да стори сé за да „им овозможи на жртвите на кршење на човековите права да ја знаат вистината за овие случаи, да знаат кои се сторителите и да добијат соодветен надомест“.[15]

На 67-та пленарна сесија на Генералното собрание на ОН во септември 2012 година, се одржа состанок на високо ниво за владеење на правото (посебна форма на состанок) на кој, покрај делегациите, учествуваат и шефови на држави или влади, како и претставници на агенциите на ОН и граѓанскиот сектор.[16] Декларацијата усвоена на состанокот ја потврди поддршката за механизмите за транзициона правда и нивната сеопфатна имплементација. Процесите поврзани со остварувањето на правото на вистина, вклучително и оние што истражуваат модели на прекршување на меѓународното право за човекови права и хуманитарно право, и нивните причини и последици, се особено

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

нагласени како важен инструмент за владеење на правото, комплементарен со судските постапки.[17] На овој состанок, државите исто така имаа можност да придонесат во дебатата со посебни поднесоци кон самата декларација, при што голем број од нив ја изразија својата експлицитна поддршка за развојот на механизми за транзициона правда, вклучувајќи ги и комисиите за вистина.

Силната позиција на Обединетите нации за засновање на правото за транзициона правда во меѓународното право можеби е најдобро изразена од страна на Генералниот секретар на ОН во неговиот Пристапен водич на ОН за транзициона правда во 2010 година. Во упатството, меѓу другото, се наведува дека основата за работата на ОН за унапредување на транзиционата правда е Повелбата на ОН и четирите столба на меѓународниот правен систем: меѓународно право за човекови права, меѓународно хуманитарно право, меѓународно кривично право и меѓународно право за бегалци. Генералниот секретар наведува дека многу од инструментите на ОН пропишуваат права и обврски поврзани со сите права на транзиционата правда, вклучувајќи го и правото на вистина. Во Упатството се наведува дека државите „мора да го обезбедат правото на жртвите за надомест на штета, правото на жртвите и општеството да ја знаат вистината за злосторствата и гаранциите за неповторување на злосторствата, во согласност со меѓународното право“.[18]

***Советот за безбедност на ОН***, исто така ги призна механизмите за спроведување на правото на вистина како важни за неговата работа и им ги препорачува на државите. Во Резолуцијата 1470 од 2003 година, во врска со ситуацијата во Сиера Леоне, Советот за безбедност експлицитно го поздравува формирањето на Комисијата за вистина и помирување во оваа земја и ги повикува донаторите финансиски да ја поддржат нејзината работа.[19] Понатаму, Советот во Резолуцијата 1606 од 2005 година ја поздравува поканата на претседателот на Бурунди до Генералниот секретар на ОН да го започне процесот на формирање на Комисијата за вистина во Бурунди. Притоа, Советот нагласува дека идната Комисија за вистина треба да придонесе за „помирување и национално единство во

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

MIT UNIVERSITY SKOPJE

Бурунди " и бара од Генералниот секретар да го започне процесот на спроведување на оваа идеја.[20] Сепак оваа комисија никогаш не заживеа затоа што завојуваните страни не постигнаа договор за мандатот на комисијата.

Советот за безбедност ја препозна важноста на транзиционата правда и сите нејзини механизми, вклучително и механизмите за кажување вистина, во претседателската изјава во октомври 2004 година. По разгледувањето на извештајот на Генералниот секретар за владеење на правото и транзициона правда, Советот извести дека механизмите за транзициона правда (full range of transitional justice mechanisms), вклучувајќи ги и комисиите за вистина и помирување, се неопходни за воспоставување владеење на правото и надминување на минатото. Советот нагласи дека правдата и владеењето на правото на меѓународно ниво се клучни за „унапредување и одржување на мирот, стабилноста и развојот во светот“.[21] Во наредниот период Советот за безбедност ја потврди својата позиција. Така, со Претседателската изјава од 2006 година повторно потврди дека ставањето крај на неказнивоста е клучно за надминување на минатото во постконфликтните општества и спречувањето на повторување на злосторствата во иднина.[22] Во овој контекст, Советот го повторува своето внимание на широк спектар на механизми за транзициона правда, вклучувајќи ги и комисиите за вистина. Истиот став се повторува и во претседателската изјава од 2010 година.[23]

## 3. Комисијата на ОН за човекови права/Советот за човекови права и правото на вистина

***Комисијата за човекови права*** дејствуваше како главен механизам на Обединетите нации за заштита на човековите права на универзално ниво од нејзиното основање во 1946 година, па се до престанокот на нејзиното работење во 2006 година. Комисијата се состоеше од 53 претставници на држави избрани од Економско-социјалниот совет на ОН врз основа на географски критериуми. Развојот на механизмите

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

за транзициона правда, како посебни во областа на заштитата на човековите права, природно спаѓа во мандатот на Комисијата.

Во Резолуцијата 2005/66 од април 2005 година, Комисијата формално го призна правото на вистина и го дефинираше не само како право на семејствата да ја знаат вистината за исчезнатите членови, туку и како право на вистина за сторителите, причините, фактите и околности што довеле до масовни прекршувања на човековите права.[24] Комисијата јасно наведува дека правото на вистината им припаѓа како на жртвите на вооружени конфликти, така и на жртвите на масовно кршење на човековите права извршени надвор од вооружени конфликти. Притоа, Комисијата го нагласува правото на секоја држава подетално да го регулира правото на вистина, вклучувајќи го и самото име на правото. Во својата резолуција, Комисијата особено го поздравува воспоставувањето судски и вонсудски механизми за истрага за масовни прекршувања на човековите права и меѓународното хуманитарно право, комплементарни со постојниот судски систем. Како пример за вонсудски механизми, резолуцијата експлицитно ги наведува комисиите за вистина и помирување. Во Резолуцијата, Комисијата се повикува на одлуките на Комитетот за човекови права и Работната група за присилни и неволни исчезнувања, кои веќе го имаат признаено правото на вистина, заедно со одредбите од Првиот дополнителен протокол кон женевските конвенции и Сетот на принципи за борба против неказнивост.[25]
Врз основа на оваа резолуција, Високиот комесар за човекови права изготви специјална студија за правото на вистина и го достави до Комисијата во форма на извештај. Извештајот кој беше усвоен на седницата на Комисијата на 8 февруари 2006 година заклучува дека правото на вистина за масовните прекршувања на човековите права е неотуѓиво и автономно право, поврзано со должноста и обврската на државата да ги штити и гарантира човековите права, да спроведе ефективна истрага и да обезбеди ефикасен лек и репарација. Понатаму, се додава дека правото е тесно поврзано со другите права и има своја индивидуална и колективната димензија. Со прифаќањето на извештајот, Комисијата даде официјален „печат“ за дефинирањето на правото на

вистината како неотуѓиво и автономно човеково право. Посебен придонес е и дефинирањето на правото како апсолутно, т.е. забрана за отстапување или ограничување на ова право. Во извештајот се нагласува дека правото на вистината треба да се смета за апсолутно право, кое не може да се дерогира или да подлежи на какви било ограничувања. Со тоа правото на вистина се става во корпусот на права како што се забраната на тортура, забраната на ропство или правото на слобода на мислата, совеста и вероисповеста.

***Советот за човекови права на ОН*** кој е формиран на местото на Комисијата во 2006 година, продолжува со дефинирање на правото на вистина. Советот во својата Одлука 2/105 од 27 ноември 2006 година, бара од Високиот комесар да подготви извештај за правото на вистината врз основа на горенаведената студија усвоена од Комисијата во февруари истата година.[26] Потоа следуваат две важни резолуции на оваа тема донесени од страна на Советот: Резолуцијата 9/11 од 24 септември 2008 година и Резолуцијата 12/12 од 1 октомври 2009 година. Во Резолуцијата 9/11, насловена „Право на вистината", Советот се повикува на сите досегашни документи што го регулираат ова прашање, од Првиот дополнителен протокол до Женевските конвенции, преку одлуките и документите на ОН (вклучително и Конвенцијата за заштита на сите лица од присилно исчезнување) до извештајот на Високиот комесар. Советот особено нагласува дека правото на вистината мора да се признае не само во случаи на вооружен конфликт, туку и во случаи на масовни или систематски прекршувања на човековите права.[27] Исто така, Советот го поздравува, меѓу другото, воспоставувањето судски и вонсудски механизми, како што се комисиите за вистина. Советот ги повикува државите да го спроведат и да го следат спроведувањето на препораките на комисијата за вистина, а особено да ги чуваат сите архиви и други податоци поврзани со масовните прекршувања на човековите права и кршење на меѓународното хуманитарно право. Советот, исто така ги охрабрува државите што не го сториле тоа да воспостават специјални судски механизми и, каде што е соодветно, вонсудски механизми, како што се комисиите за вистина, за да ги надополнат судските механизми. Советот ги повикува сите држави да им помогнат на другите држави во

спроведувањето на правото на вистината, преку обезбедување информации и техничка помош и примери за добра практика. Конечно, од Високиот комесар се бара да подготви сеопфатен извештај за добрите практики во спроведувањето на правото на вистината, особено во врска со архивите и другите податоци релевантни за остварување на ова право.

Во октомври 2009 година, Советот усвои друга резолуција, број 12/12, со која се потврдува претходно усвоена во резолуцијата 9/11, но исто така, додава посебна обврска за државите да ги заштитат сведоците и сите други лица кои имаат информации за прекршување на човековите права и меѓународното хуманитарно право.[28] Улогата на Советот се рефлектира и во промовирањето на правото на вистината. Врз основа на предлогот на ова тело, во 2011 година, Генералното собрание на ОН усвои декларација со која 24 март се прогласува за Меѓународен ден на правото на вистина.[29]

## 4. Високиот комесар на ОН за човекови права и Специјалниот известувач на ОН за транзициона правда и правото на вистина

***Високиот комесар за човекови права*** е највисокиот службеник на Обединетите нации одговорен за заштита и унапредување на човековите права во светот. Неговиот мандат е да обезбеди експертска и техничка поддршка за владите во областа на заштита и унапредување на човековите права. Во својот извештај од 2006 година, генералниот секретар на ОН ја нагласува улогата на Високиот комесар, кој се занимава со транзициона правда во име на ОН. Високиот комесар презеде водечка улога во операционализирање на политиката за воспоставување механизми за транзициона правда низ целиот свет и е дефиниран од генералниот секретар како „водечки ентитет во системот на Обединетите нации во областа на транзиционата правда“.[30]

Во извештајот доставен до Советот во 2009 година, насловен како Аналитичка студија за човековите права и транзиционата правда, Високиот комесар наведува дека ги извршува своите активности во областа на транзиционата правда во повеќе од 20 земји.[31] Меѓу овие активности, се потенцира помошта во дизајнирање и спроведување национални

консултации за воспоставување механизми за транзициона правда, вклучувајќи комисии за вистина и други форми на механизми за барање вистина. Високиот комесар, исто така активно учествува во промоцијата на комисиите за вистина како ефективен механизам, пренос на добри практики од други земји, ширење извештаи на комисии и слични тела, како и поддршка на граѓанското општество за време на јавни дебати за формирање комисии. Високиот комесар, со цел да им помогне на државите да воспостават механизми за транзициона правда, објави серија од публикации (2006-2015) со наслов Механизми на владеење на правото во пост-конфликтни држави.[32] Високиот комесар наведува дека овие публикации се базирани на меѓународно право и содржат научени лекции и добри практики од мисиите на ОН околу светот. Публикациите се дизајнирани за секој од клучните механизми на транзициона правда, вклучувајќи ги и комисиите за вистина.[33] Тие го прифаќаат правото на вистина како човеково право, истакнувајќи дека тоа е веќе прифатено од бројни тела на договори на ОН, регионални, меѓународни и домашни судови и нудат бројни совети како да се воспостави ефективна комисија, ги наведуваат главните предизвици и даваат предлози за нивно решавање.

Постапувајќи врз основа на овластувањата што му се доверени, Советот оди чекор понатаму и во септември 2011 година донесува Резолуција за назначување на ***Специјален известувачи за правда, вистина, репарации и гаранции за неповторливост***.[34] Специјалните известувачи се дел од механизмот за специјална процедура на Советот, кој вклучува независни експерти во различни области на човековите права. Советот ги назначува овие експерти тематски или со мандати по земја и тие му помагаат на Советот во разгледувањето на прашањата за човековите права и во дефинирањето решенија за идентификуваните проблеми. Одлуката за именување на специјални известувачи беше донесена по критиките од стручната јавност дека системот за специјални процедури е недоволно чувствителен за прашања на транзиционата правда и дека многу теми во оваа област не се опфатени со постојните тематски известувачи. Самиот Совет беше свесен за

овој недостаток, за што сведочи повикот до сите специјални известувачите да посветат посебно внимание во своите извештаи за транзициона правда во Резолуцијата 12/12.[35]

Специјалниот известувач за механизмите на транзициона правда Пабло де Грајф беше назначен во мај 2012 година. Неговиот тригодишен мандат со Резолуцијата 45/10 допнесена во 2017 година беше продолжен уште еднаш и траеше до 1 мај 2018 година кога оваа функција ја презеде Фабијан Салвиоли. Во поглед на надлежностите, меѓу другото, Специјалниот известувач треба: а) да придонесе за обезбедување техничка помош или совети за прашања за транзициона правда, а на барање на државите; б) да собира информации за ситуацијата во различни држави за воспоставување и имплементација на механизми за транзициона правда, вклучително и комисии за вистина, трендови и предизвици за проучување и дава препораки; в) идентификува случаи на добра практика и ги промовира во други делови на светот; г) спроведува студија за начините за спроведување на механизмите за транзициона правда во соработка со сите релевантни актери; д) ја подига свеста за вредноста на систематски и кохерентен пристап за справување со сериозни прекршувања на човековите права и меѓународното хуманитарно право.

Во својот прв извештај до Генералното собрание, Специјалниот известувач се осврнува на придонесот на транзиционата правда во владеењето на правото.[36] Анализирајќи ги документите на Обединетите нации, тој заклучува дека системот на ОН апсолутно го прифати придонесот на транзиционата правда за воспоставување владеење на правото во постконфликтните општества и дека денес тоа е „вообичаена работа во литературата и во практиката (национална и меѓународна).“ Извештајот детално го анализира придонесот на сите четири столба на транзиционата правда во владеењето на правото врз основа на искуствата во различни земји. Специјалниот известувач во Извештајот заклучува дека механизмите за транзициона правда се неопходни за воспоставување владеење на правото во постконфликтните општества и се применуваат сите заедно. Тој предупредува на фактот дека механизмите не можат да се применат

посебно и на штета еден на друг, туку дека е неопходен сеопфатен пристап и нивна паралелна имплементација. Известувачот особено го нагласува фактот дека транзиционата правда не е форма на „мека“ правда или замена за правдата воопшто, туку составен дел од напорите на државата да воспостави институции и владеење на правото. Во друг извештај, поднесен во 2013 година, Специјалниот известувач се осврнува на влијанието на механизмите за транзициона правда на развојот во контекст на подготовка на нови развојни цели на Обединетите нации во периодот по 2015 година.[37] Со потсетување на законската обврска на државите произлезени од конфликт или авторитарно владеење за спроведување на механизми за транзициона правда, Специјалниот известувач во извештајот заклучува дека целите за постигнување правда, безбедност и развој не можат да се постигнат едни на сметка на други. Тој нагласува дека механизмите на транзиционата правда во претходниот период придонесоа за надминување на некои пречки за развој, особено кога тие беа применети заедно, односно кога се користеше холистички пристап кон транзиционата правда. Една од главните цели на извештајот е да се посочат проблемите и грешките што произлегуваат од т.н редукционистички пристап, т.е. од ситуации кога развојните цели се ставаат пред постигнувањето правда. Специјалниот известувач тврди дека таквото сценарио речиси секогаш води до ќор-сокак во развојот, бидејќи грешката е во самата поставеност, т.е. во почетната основа дека развојот може да се постигне без правда.

Најнови тематски извештаи во работата на специјалниот известувач се следниве: „Родовата перспектива во процесите на транзициона правда“ презентиран на 75 -та седница на Генералното собрание во 2020 година. Извештајот анализира повеќе аспекти на усвојување родова перспектива во транзициските правосудни процеси.[38] Потоа, „Процеси на меморијализација во контекст на сериозни прекршувања на човековите права и меѓународното хуманитарно право: петтиот столб на транзиционата правда“, кој е презентиран на 45 -та седница на Советот за човекови права во 2020 година. Специјалниот известувач Салвиоли ја испитува регулаторната рамка во врска со обврската за усвојување

на процеси на паметење и обезбедување на нивна нерегресија, ги анализира предизвиците и можностите околу овие процеси во ситуации на конфликт и транзиција, и се осврнува на проблемот на меморилизацијата како орудие на социјалните мрежи.[39] Исто така, тематски е обработена темата: „Извинување за грубите прекршувања на човековите права и сериозни прекршувања на меѓународното хуманитарно право". Извештајот е презентиран на Генералното собрание во октомври 2019 година. Овој извештај се обидува да ги идентификува практиките и научените лекции во врска со усвојувањето извинувања за грубите прекршувања на човековите права и сериозни прекршувања на меѓународните хуманитарни закони.[40]. Претходно, изготвени се извештаи и на следниве теми: „Практични искуства од домашни програми за репарација" (2019); „Линии на ангажман со Генералното собрание" (2018); „Пристапот на новиот специјален известувач кон мандатот" (2018); „Заедничка студија - придонесот на транзиционата правда за спречување на кршење на човековите права и меѓународното хуманитарно право" (2018);„ Сеопфатен рамковен пристап за превенција" (2017); „Транзициона правда во слабо институционализирани постконфликтни услови" (2017) итн. Последни изготвени извештаи по земји се следниве: Мисија во Гамбија (20 до 27 ноември 2019 година), Мисија во Ел Салвадор (24 април до 3 мај 2019 година), Мисија во Шри Ланка (10 до 23 октомври 2017 година.

Специјалниот известувач Салвиоли, во април 2020 година во контекст на справувањето со последиците од Ковид-19 пандемијата изјави дека заштитните мерки против Ковид-19 во преполните затвори, не треба да доведе до амнестија или помилување за лицата осудени за сериозни кршења на човековите права, злосторства против човештвото, геноцид и воени злосторства, потенцирајќи притоа дека: „Постојното меѓународно право забранува усвојување на мерки што создаваат, де јуре или де факто, неказнивост за лицата осудени за вакви дела". Според него мерките како што се амнестиите, помилувањата, ослободувањата од кривична одговорност и придобивките од извршувањето на казната, се ништовни и неважечки и немаат правно дејство, а

хуманитарни помилувања можат да се одобрат само во случаи на терминална болест која бара итно решение“. Салвиоли нагласува дека иако од државите, среде пандемија, се бара да избегнуваат пренатрупаност во затворите и да обезбедат соодветни санитарни и хигиенски мерки во притворските простории, луѓето осудени за дела како што се воените злосторства, од безбедносни причини, обично се држат настрана од масовни контакти, што им дава предност во однос на здравјето и безбедноста. Притоа, тој прецизираше дека доколку во услови на сегашната здравствена криза постои континуиран проблем на пренатрупаност, тие лица треба да бидат пренесени во други затвори или привремено да бидат сместени во домашен притвор, а „како и да е, откако ќе помине вонредната состојба, поединците ќе мора да се вратат во затвор, за да го отслужат остатокот од казната“.[41]

### 5. Правото на вистина, правото на информации и правото „да се се знае“

Мнозинството на правни експерти во меѓународна заедница е на мислење дека правото на вистина постои и има свое место во меѓународното право.[42] Меѓутоа, за целосно да се имплементира ова човечко право, неопходно е да се дефинираат неговите граници и недвосмислено да се означи со неговото име - право на вистина. САД, на пример, инсистираат дека правото на вистината е составен дел на правото за слободен пристап до информации, оставајќи ја можноста да се дерогира во итни ситуации или да се ограничи со закон.[43] Иако судската пракса, првенствено на регионалните судови за човекови права, го штити со извлекување од другите права, сепак со тоа се остава простор државите да им го ускратат користењето на ова право на граѓаните. За разлика од, на пример, правото на слободен пристап до информации, правото на вистината мора да се дефинира како апсолутно право, т.е. право што не е предмет на никакви ограничувања ниту може да биде суспендирано во вонредни околности. Дефинирањето на правото на вистината како апсолутно право е целосно во согласност со неговата суштина. Меѓународните експерти на конференција во Женева во мај 1995 година, предложија

правото на вистина експлицитно да се додаде на веќе постоечката листа на апсолутни права во Меѓународниот пакт за граѓански и политички права од 1966 година.[44]

Членот 19 од Универзалната декларација за човекови права вели: „Секој има право на слобода на мислење и изразување; ова право вклучува слобода да се има мислења без мешање и да се бараат, примаат и пренесуваат информации и идеи преку кој било медиум и без оглед на границите". Членот 19 во гаранцијата за пристап до информации го вклучува правото на факти за прекршувања на човековите права во минатото.

Барањето вистина вклучува иницијативи што можат да им овозможат на актерите во една земја да ги истражат злоупотребите од минатото и да бараат надомест на штета за жртвите, за да им овозможат на општествата да се помират со минатото и кршењето на човековите права со цел да се спречи нивното повторување. Овие иницијативи помагаат да се создаде документација што ги спречува репресивните режими да ја фалсификуваат историјата и да го негираат минатото. Тие, исто така, можат да им помогнат на жртвите да го затворат прашањето за минатото, знаејќи ја вистината за она што всушност им се случило на нивните семејства, нивните пријатели, нивните најблиски и да ги сфатат злосторствата што ги претрпеле. Во оваа насока мерките за барање вистина може да вклучуваат законодавство за слобода на информации, декласификација на архиви, истраги и комисии за вистина. Правото да бараат, примаат и пренесуваат информации, признати како важни за промовирање на демократска отчетност и учество, исто така, создава обврска врз владите да го олеснат откривањето информации за прекршувањата на човековите права во минатото. Од владите се бара не само да воспостават сопствени средства за утврдување на вистината за прекршувањата од минатото, туку да соработуваат со иницијативите на граѓанското општество за истата цел. Постојат согледувања кои го сметат правото на вистина за прекршувањата на човековите права во минатото како важен аспект на јавно пошироко „право да се знае". Во оваа насока, за некои држави правото да се знае не е апсолутно, односно, според нив, од владите не се бара да му дадат на секој поединец каква било информација. Како пример, се наведува прашањето за приватност.

Сепак, секое ограничување на слободата на информации треба јасно и тесно да се извлече и да подлежи на строги тестови за јавен интерес. Треба да постои јасна претпоставка во корист на правото на информации за сериозни прекршувања на човековите права и властите треба да го оправдаат одбивањето да ги дадат информациите кои се побарани.

## 6. Заклучок

Изворите на меѓународното право (традиционално дефинирани во член 38 од Статутот на Меѓународниот суд на правдата) се состојат во меѓународни конвенции, обичаи и општи правни принципи, додека судските извори и доктрината на правните експерти се наведуваат како секундарни извори. Поновата правна теорија за правото на вистина често им ги додава на нејзините извори одлуките на меѓународните организации, доколку тие исполнуваат одредени услови. Ова особено важи за резолуциите и другите документи на Генералното собрание и Советот за безбедност на Обединетите нации. Неспорно е дека статусот на извор на меѓународно право се стекнува со резолуции усвоени со огромно мнозинство гласови од сите држави, како што е случајот со Универзалната декларација за човекови права.

Правото на вистината е признато од релевантни меѓународни и регионални организации, како и од меѓународни и регионалните судови. Обединетите нации го признаа преку документите и практиката на сите своите тела, од соопштенијата на Советот за безбедност, резолуциите на Генералното собрание, преку извештаите на Генералниот секретар и бројни одлуки на Советот за човекови права, Комисијата за човекови права и Високиот комесар на ОН за човекови права. Покрај признавањето, ОН направија многу за формулацијата и промовирањето на правото на вистина. Множеството принципи за борба против неказнивоста авторитативно ја одреди содржината на ова право, а ОН цврсто се придржуваат до дефиницијата од тој документ. По резолуциите и другите акти на „меко право“, правото на вистина го најде своето место во договорното

MIT UNIVERSITY SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

право преку гаранции во Конвенцијата за заштита на сите лица од присилно и неволно исчезнување.

Со оглед на изобилството на резолуции донесени од Собранието на ООН и Советот за безбедност, вклучително и извештаите на генералниот секретар, се чини дека државите немаат проблем во признавањето на правото на вистината како човеково право. Спорови се јавуваат при понатамошно дефинирање на ова право, без разлика дали е независно или подлежи на други права, како и кои се титуларите на тоа право, т.е. дали има колективна димензија покрај индивидуалната димензија (дали општеството како такво има право да ја знае вистината за сторените кривични дела или дали правото им припаѓа исклучиво на жртвите и нивните семејства). Сепак, сите овие дилеми, кои секако бараат понатамошно теоретско појаснување, не го загрозуваат основниот факт - дека правото на вистината е неотуѓиво човечко право (без разлика дали така е наречено или содржано во друг закон, туку во зависност од националните правни системи).

Правото на вистина им овозможува на луѓето да ги дознаат фактите за околностите на сопствените или страдањата на нивните најблиски, но и за секој граѓанин за околностите под кои се извршени масовни злосторства и кршење на човековите права и меѓународното хуманитарно право. Нема ниту еден аргумент за дерогација на ова право, без оглед на околностите во државата и општеството. Практикувањето на правото на вистината не може да ја загрози одбраната на државата во критични моменти, како што се војна или природни катастрофи. Ниту пак причината зошто ова право би можело да биде ограничено за заштита на други права, национална безбедност, јавно здравје и слично. Факултативно ограничување на човековите права се зема предвид само кога постои легитимен интерес пропишан со закон (на пример, ограничување на слободата на собирање ако собранието има за цел да предизвика насилство и со тоа да ги загрози правата на другите граѓани). За разлика од, на пример, правото на слобода на информации, правото на вистината мора да се дефинира како апсолутно право, т.е. право што не е предмет на никакви ограничувања, ниту може да биде суспендира во вонредни околности.

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

International Journal of Recent Research in Arts and Sciences

ISSN: 1857-8128

Може да се заклучи дека правото на вистината е признато како неотуѓиво и апсолутно човеково право, дека е заштитено со нормите на меѓународното право, дека припаѓа и на поединците и на општеството во целина, и дека е неспорна обврската на сите држави да ја откријат и јавно да ја соопштат вистината за кршењето на човековите права и прекршувањата на меѓународното хуманитарно право. Следствено на ова логично е да следи дефинирањето на ова право преку меѓународен договор, што конечно ќе ја усогласи правната и фактичката реалност.

## 7. Референци

[1] ICTJ, Truth Seeking: Elements of Creating an Effective Truth Commission, Edited by Eduardo González and Howard Varney, 2013

[2] Promotion and Protection of Human Rights - Study on the right to the truth Report of the Office of the United Nations High Commissioner for Human Rights E/CN.4/2006/91, 8 February 2006

[3] Principle 3 of the 1997 Impunity Principles and Principle 4 of the 2005 Impunity Principles. The same statement is replicated in UN Doc E/CN.4/2006/91, para 4; UN Doc A/RES/60/147, para 24; and the Disappearance Convention, art 24(2).

[4] Principle 1 of the 1997 Impunity Principles and Principle 2 of the 2005 Impunity Principles.

[5] UN Doc E/CN.4/2006/91, para 3; see also paras 38–39, Louise Arbour United Nations High Commissioner for Human Rights.

[6] UNGA 'Report of the Special Rapporteur on the promotion and protection of the right to freedom of opinion and expression' (4 September 2013) UN Doc A/68/362, para 40.

[7] (Принцип 19, Сет на Принципи UN E/CN.4/2005/102/Add.1)

[8] Види Уставен суд на Колумбија, пресуда од 20 јануари 2003, случај Т-249/03.

[9] Резолуција на Генералното Собрание на ОН, https://undocs.org/en/A/RES/61/177 пристапено на 09.09.2021

[10] Entry into force: 23 December 2010, in accordance with article 39(1) which reads as follows: "This Convention shall enter into force on the thirtieth day after the date of deposit with the

Secretary-General of the United Nations of the twentieth instrument of ratification or accession." https://treaties.un.org/Pages/ViewDetails.aspx?src=TREATY&mtdsg_no=IV-16&chapter=4 пристапено на 09.09.2021

[11] Виенска декларација и програма за акција https://www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/vienna.aspx пристапено на 09.09.2021

[12] Сет на принципи за борба против неказнивоста ОН: UN economis and Social Council, 2 October 1997: Annexes I.Synoptical table of the set of principles for the protection and promotion of human rights through action to combat impunity; II. Set of principles for the protection and promotion of human rights through action to combat impunity. https://undocs.org/E/CN.4/Sub.2/1997/%2020/Rev.1 пристапено на 10.09.2021

[13] Дополнет сет принципи 6-13.

[14] UN General Assembly, 21 March 2006, Sixtieth session, 60/147, Basic Principles and Guidelines on the Right to a Remedy and Reparation for Victims of Gross Violations of International Human Rights Law and Serious Violations of International Humanitarian Law; https://undocs.org/A/RES/60/147, пристапено на 14.09.2021

[15] International Covenant on Civil and Political Rights, HUMAN RIGHTS COMMITTEE, Fifty-sixth session, 3 April 1996 Consideration of Reports submitted by States Parties under Article 40 of the Covenant, Concluding observations of the Human Rights Committee, Guatemala binternet.ohchr.org/_layouts/15/treatybodyexternal/Download.aspx?symbolno=CCPR%2FC%2F79%2FAdd.63&Lang=en, пристапено на 14.09.2021

[16] UN General Assembly, Sixty-seventh session, Agenda item 83, Resolution adopted by the General Assembly on 24 September 2012, 67/1. Declaration of the high-level meeting of the General Assembly on the rule of law at the national and international levels https://undocs.org/en/A/RES/67/1 пристапено на 14.09.2021

[17] Резолуција на Генералното собрание на ОН, A/RES/67/1, т. 21.

[18] United Nations Approach to Transitional Justice, Guidance Note of the Secretary-General, March 2010, https://www.un.org/ruleoflaw/files/TJ_Guidance_Note_March_2010FINAL.pdf, пристапено на 15. 09. 2021.

[19] Резолуција на Советот за безбедност UN, S/RES/1470 (2003), Adopted by the Security Council at its 4729th meeting, on 28 March 2003, https://digitallibrary.un.org/record/491175 пристапено на 15.09.2021

[20] Резолуција на Советот за безбедност UN, S/RES/1606 (2005) https://digitallibrary.un.org/record/551380 пристапено на 15.09.2021

[21] UN Security Council, Statement by the President of the Security Council, UN Doc. S/PRST/2004/34, https://undocs.org/S/PRST/2004/34 пристапено на 15.09.2021

[22] UN Security Council, Statement by the President of the Security Council, UN Doc. S/PRST/2006/28, https://www.securitycouncilreport.org/un-documents/document/ij-sprst-2006-28.php пристапено на 16.09.2021.

[23] UN Security Council, Statement by the President of the Security Council, UN Doc. S/PRST/2010/11, https://www.securitycouncilreport.org/un-documents/document/ij-sprst-2010-11.php пристапено на 16.09.2021.

[24] UN Commission on Human Rights, Human Rights Resolution 2005/66: Right to the Truth, 20 April 2005, E/CN.4/RES/2005/66, https://www.refworld.org/docid/45377c7d0.html пристапено на 16.09.2021.

[25] UN Economic and Social Council, Commission on Human Rights, Thirty-seventh session 2 February - 13 March 1981, Question of Human Rights of all Persons Subjected to any form of Detention or Imprisonment, in particular: Question of Missing and Disappeared Persons, Report of the Working Group on enforced or involuntary disappearance, https://undocs.org/E/CN.4/1435, пристапено на 17.09.2021

[26] Human Rights Council Decision 2/105. Right to the truth The Human Rights Council, recalling Commission on Human Rights resolution 2005/66 of 20 April 2005 and taking note of

the study on the right to truth prepared by the Office of the United Nations High Commissioner for Human Rights (E/CN.4/2006/91), decides to request the Office of the High Commissioner for Human Rights to prepare a follow-up report on the study on the right to the truth, which shall include best national and international practices, in particular legislative, administrative or any other measures, as well as individual and societal dimensions of this right, taking into account the views of States and relevant intergovernmental and non-governmental organizations, to be examined at its fifth session in June 2007. Adopted without a vote 31st meeting 27 November 2006, http://www.concernedhistorians.org/content_files/file/to/115.pdf, пристапено на 17.09.2021

[27] UN Human Rights Council Resolution 9/11. Right to the truth https://ap.ohchr.org/documents/E/HRC/resolutions/A_HRC_RES_9_11.pdf пристапено на 17.09.2021

[28] UN General Assembly, Human Rights Council, Twelfth session, Annual Report of the United Nations High Commissioner for Human Rights and Reports of the Office of the High Commissioner and the Secretary-General, Resolution adopted by the Human Rights Council, 12/2. Cooperation with the United Nations, its representatives and mechanisms in the field of human rights, https://ap.ohchr.org/documents/E/HRC/resolutions/A_HRC_RES_12_2.pdf, пристапено на 18.09.2021.

[29] UN General Assembly, Resolution adopted by the General Assembly on 21 December 2010 [on the report of the Third Committee (A/65/451)] 65/196. Proclamation of 24 March as the International Day for the Right to the Truth concerning Gross Human Rights Violations and for the Dignity of Victims, https://undocs.org/A/RES/65/196 пристапено на 17.09.2021

[30] UN Human Rights Council Resolution 9/10. Human rights and transitional justice https://ap.ohchr.org/Documents/E/HRC/resolutions/A_HRC_RES_9_10.pdf, пристапено на 17.09.2021

[31] UN General Assembly, Human Rights Council, Twelfth session, 6 August 2009, Annual Report of the United Nations High Commissioner for Human Rights and Reports of the Office of the High Commissioner and the Secretary-General, Analytical study on human rights and transitional justice, https://undocs.org/A/HRC/12/18, пристапено на 18.09.2021

[32] Веб страница на Високиот комесар на ОН за човекови права https://www.ohchr.org/EN/PublicationsResources/Pages/MethodologicalMaterials3.aspx, последната од серијата публикации, издадена во 2015 година е посветена на архивите. https://www.ohchr.org/Documents/Publications/HR_PUB_14_4_Archives_en.pdf, пристапено на 18.09.2021.

[33] Публикација за комисиите за вистина, https://www.ohchr.org/Documents/Publications/RuleoflawTruthCommissionsen.pdf , пристапено на 18.09.2021.

[34] UN Human Rights Council, Eighteenth session, Promotion and protection of all human rights, civil, political, economic, social and cultural rights, including the right to development, Resolution adopted by the Human Rights Council, 18/7 Special Rapporteur on the promotion of truth, justice, reparation and guarantees of non-recurrence, 13 October 2021, https://undocs.org/A/HRC/RES/18/7 пристапено на 19.09.2011.

[35] UN Human Rights Council Resolution , UN, A/HRC/12/12 https://ap.ohchr.org/documents/E/HRC/resolutions/A_HRC_RES_12_2.pdf пристапено на 19.09.2021.

[36] UN General Assembly, A/HRC/RES/12/2 12 October 2009, Human Rights Council, Twelfth session, Annual Report of the United Nations High Commissioner for Human Rights and Reports of the Office of the High Commissioner and the Secretary-General, Resolution adopted by the Human Rights Council 12/2. Cooperation with the United Nations, its representatives and mechanisms in the field of human rights

https://ap.ohchr.org/documents/E/HRC/resolutions/A_HRC_RES_12_2.pdf, пристапено на 19.09.2021.

[37] UN General Assembly, 23 August 2013, Sixty-eighth session Item 69 (b) of the provisional agenda, Promotion and protection of human rights: human rights questions, including alternative approaches for improving the effective enjoyment of human rights and fundamental freedoms, Promotion of truth, justice, reparation and guarantees of non-recurrence, Report of the Special Rapporteur on the promotion of truth, justice, reparation and guarantees of non-recurrence https://undocs.org/en/A/68/345, пристапено на 19.09.2021.

[38] UN General Assembly, 17 July 2020, Seventy-fifth session, Promotion and protection of human rights: human rights questions, including alternative approaches for improving the effective enjoyment of human rights and fundamental freedoms, The gender perspective in transitional justice processes, https://undocs.org/A/75/174, пристапено на 19.09.2021.

[39] UN General Assembly, Human Rights Council, Forty-fifth session 14 September–2 October 2020, Promotion and protection of all human rights, civil, political, economic, social and cultural rights, including the right to development, Memorialization processes in the context of serious violations of human rights and international humanitarian law: the fifth pillar of transitional justice Report of the Special Rapporteur on the promotion of truth, justice, reparation and guarantees of non-recurrence, https://undocs.org/A/HRC/45/45, пристапено на 19.09.2021.

[40] UN General Assembly, Human Rights Council, Seventy-fourth session, 12 July 2019, Promotion and protection of human rights: human rights questions, including alternative approaches for improving the effective enjoyment of human rights and fundamental freedoms Promotion of truth, justice, reparation and guarantees of non-recurrence, Report of the Special Rapporteur on the promotion of truth, justice, reparation and guarantees of non-recurrence, https://undocs.org/en/A/74/147, пристапено на 19.09.2021.

[41] https://balkaninsight.com/2020/04/29/

[42] Nikolas Kyriakou, An Affront to the Conscience of Humanity: Enforced Dissaperarance in International Human Rights Law, European University Institute, Firenca, 2012.

[43] Извештај на Работната група за заштита на сите лица од присилно исчезнување, усвоен од Комисијата на ОН за човекови права на 2 февруари 2006 година, E/CN.4/2006/57, Анекс II, https://undocs.org/E/CN.4/2006/57, пристапено на 20.09.2021.

[44]UN Economic and Social Council, Commission on Human Rights, Sub-Commission on Prevention of Discrimination and Protection of Minorities, Forty-seventh session, The Administration of Justice and the Human Rights of Detainees: Question of Human Rights and States of Emergency, Eighth annual report and list of States which, since 1 January 1985, have proclaimed, extended or terminated a state of emergency, presented by Mr. L. Despouy, Special Rapporteur appointed pursuant to Economic and Social Council resolution 1985/37 https://digitallibrary.un.org/record/186831?ln=es, пристапено на 20.09.2021.

## 8. Друга користена литература и документи

- Margaret Popkin, Naomi Roht Arriaza, “Truth as Justice: Investigatory Commissions in Latin America”, Law and Society Inquiry; Journal of the American Bar Foundation, Vol. 20, broj 1, 1995, str. 79-116.

- Robert Rotberg & Dennis Thompson, eds, Truth v. Justice: The Morality of Truth Commissions (Princeton: Princeton University Press, 2000);

- Priscilla Hayner, Unspeakable Truths: Confronting State Terror and Atrocity, 1st ed (Abingdon: Routledge, 2002) [Hayner];

- Gloria Park, Truth as Justice: Legal and Extralegal Development of the Right to Truth, Harvard International Review, 2010.

- Jonathan Tepperman, “Truth and Consequences” (2002) 81:2 Foreign Aff 128 [Tepperman]; Reed Brody, “Justice: The First Casualty of Truth?”, The Nation (30 April 2001) online: The Nation <http://www.thenation.com/article/justice-first-casualty-truth/> [Brody].[пристапено на 21.08.2021]

- Mexico City Agreements, Agreement No. IV “Truth Commission”, United Nations, DPI/1208-92615-July 1992-7M; and Overview of the Sierra Leone Truth and Reconciliation Commission report - Report of the truth commission, Oct. 2004, para. 27.

- Charles S. Maier, "Overcoming the Past? Narrative and Negotiation, Remembering, and Reparation: Issues at the Interface of History and the Law," in Politics and the Past: On Repairing Historical Injustices, ed. John Torpey (New York: Rowman &Littlefield Publishers, 2003), p. 298.

- Martha Minow, “Between vengeance and forgiveness: South Africa's Truth and Reconciliation Commission”, Negotiation Journal, Cambridge, Vol. 14, broj 4, 1998, str. 319-355.

- Skaar, Elin (1999) Truth commissions, trials – or nothing? Policy options in democratic transitions. Third World Quarterly 20(6): 1109–1128.

- Joanna R. Quinn, “The Politics of Acknowledgement: An Analysis of Uganda’s Truth Commission”, YCISS Working Paper, Vol. 19, York Centre for International and Security Studies, 2003.

*UN Documents and Resolutions:*

- A/HRC/12/19, Annual Report of the United Nations High Commissioner for Human Rights and Reports of the Office of the Office of the High Commissioner and the Secretary General: Right to the truth, (21 August 2009).http://www2.ohchr.org/english/bodies/hrcouncil/docs/12session/A-HRC-12-19.pdf, (пристапено на 21.08.2021)

- A/HRC/5/7, Follow-up report of the Office of the United Nations High Commissioner for Human Rights on the study on the right to the truth, (7 June 2007). http://daccess-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/G07/129/48/PDF/G0712948.pdf? (пристапено на 21.08.2021)

- E/CN.4/1435, para. 187; E/CN.4/1983/14, para. 134; E/CN.4/1984/21, paras. 159 and 17, Reports of the Working Group on Enforced or Involuntary Disappearances, (22 January 1981).

- E/CN.4/Sub.2/1995/29 Corr.1., Leonardo Despouy, Special Rapporteur on States of Emergency eighth annual report to UNESCO.

- E/CN.4/Sub.2/1997/20/Rev.1, Annex I, Principle I., Louis Joinet, 'Question of the impunity of perpetrators of human rights violations (civil and political)' report prepared as special procedures following sub-Commission decision 1996/119.

- E/CN.4/2004/88, Independent study on best practices, including recommendations, to assist States in strengthening their domestic capacity to combat all aspects of impunity, (27 February 2004).

- E/CN.4/2006/91, Study by the Office of the UN High Commissioner for Human Rights on the right to the truth, (8 February 2006).

- Working Group on Enforced or Involuntary Disappearances, General Comment on the Right to the Truth in Relation to Enforced Disappearances, (22 July 2010). http://www2.ohchr.org/english/issues/disappear/docs/GC-right_to_the_truth.pdf (пристапено на 10.09.2021)

- United States Explanation of Position on A/HRC/14/L.11 UN Human Rights Council Resolution *Proclamation of 24 March as the International Day for the Right to Truth regarding Victims of Gross Human Rights Violations*, (11th July 2010). http://www.un.org/webcast/unhrc/archive.asp?go=100617 (пристапено на 10.09.2021)

MIT UNIVERSITY
SKOPJE

**International Journal of Recent Research in Arts and Sciences**

**ISSN: 1857-8128**

- United Kingdom Explanation of Position on A/HRC/14/L.11 UN Human Rights Council Resolution *Proclamation of 24 March as the International Day for the Right to Truth regarding Victims of Gross Human Rights Violations*, (11th July 2010). http://www.un.org/webcast/unhrc/archive.asp?go=100617 (пристапено на 10.09.2021)

- A/HRC/14/L.11 UN Human Rights Council Resolution Proclamation of 24 March as the International Day for the Right to Truth regarding Victims of Gross Human Rights Violations, (11th July 2010).http://ap.ohchr.org/documents/alldocs.aspx?doc_id=17260(пристапено на 10.09.2021)

- A/HRC/RES/12/12 UN Human Rights Council, Right to the truth, (12 October 2009) http://daccess-dds-ny.un.org/doc/RESOLUTION/GEN/G09/165/99/PDF/G0916599.pdf? (пристапено на 10.09.2021)

- E/CN.4/2003/L.11/Add.7, Res 2003/72, UN Commission on Human Rights, Impunity, (25 April 2003) http://www.unhchr.ch/Huridocda/Huridoca.nsf/%28Symbol%29/E.CN.4.RES.2003.72.En? (пристапено на 10.09.2021)

- E/CN.4/RES/2005/66 UN Commission on Human Rights, Right to the Truth, (20 April 2005), http://www.unhcr.org/refworld/docid/45377c7d0.html (пристапено на 10.09.2021)

- General Assembly resolutions 55/118, 57/105 and 57/161 and Security Council resolutions 1468 (2003), 1470 (2003) and 1606 (2005).

- Official Records of the Economic and Social Council, 2005, Supplement No. 3 and corrigenda (E/2005/23 and Corr.1 and 2), chap. II, sect. A. 7

- Official Records of the General Assembly, Sixty-second Session, Supplement No. 53 (A/62/53), chap. I, sect. B.

*Court Cases:*

- Velasquez Rodriguez Case (Velasquez Rodriguez v Honduras) Inter-American Court of Human Rights, Judgement of July 29, 1988. http://www1.umn.edu/humanrts/iachr/b_11_12d.htm(пристапено на 10.09.2021).

- International Covenant on Civil and Political Rights, 999 UNTS 171 (ICCPR), (adopted 16 December 1966, entered into force 23 March 1976). http://www2.ohchr.org/english/law/ccpr.htm (пристапено на 14.09.2021)

- Barrios Altos Case (Barrios Altos v. Peru) Inter-American Court of Human Rights, (Merits), Judgment of March 14, 2001.http://www.corteidh.or.cr/docs/casos/articulos/seriec_75_ing.pdf.(пристапено на 08.09.2021)